# Стратегија за образование 2026-2032

со Акциски план 2026-2028

Скопје, март 2026

# Стратегија за образование 2026 – 2032 со Акциски план 2026 – 2028

**Скопје, 5 март 2026 година**

## Содржина

1. ВОВЕД 7

**1.1 Резиме на областите на политиките опфатени со Стратегијата и клучните правци на делување 8**

**1.2 Основ на обврска за подготвување и предлагање на стратегијата 19**

**1.3 Усогласеност со други стратешки документи 20**

**1.4 Методолошки пристап во подготвувањето на стратегијата 34**

**1.5 Опис на процесот на вклучување на засегнатите страни во подготвувањето на стратегијата 35**

2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА 37

**2.1 Анализа на актуелната состојба во областа и други сродни области на политиките 37**

**2.2 Анализа на опкружувањето и анализа на засегнатите страни 38**

**2.3 Резултати од спроведувањето на претходна стратегија и поврзани стратегии 41**

**2.4 Проблеми и предизвици 43**

**Предучилишно воспитание и образование 43**

**Основно образование 48**

**Гимназиско образование и уметничко образование 55**

**Стручно образование и обука 59**

**Постсредно образование и обука и кратки стручни студии на ниво V 65**

**Образование за возрасни 70**

**Високо образование, наука и иновации 74**

**3. Стратешка рамка 80**

**3.1 Визија за развој на областа 80**

**3.2 Приоритетни области, општи и посебни цели во секоја од приоритетни области 81**

**Приоритетна област 1: Предучилишно воспитание и образование 81**

**Приоритетна област 2: Основно образование 81**

**Приоритетна област 3: Гимназиско образование и уметничко образование 81**

**Приоритетна област 4: Стручно образование и обука 82**

Приоритетна област 5: Постсредно образование и обука и кратки стручни студии на ниво V 82

Приоритетна област 6: Образование за возрасни 82

Приоритетна област 7: Високо образование, наука и иновации 82

3.3 Резиме на политиките односно клучните правци на делување или мерки за остварување на општите и посебните цели 83

Приоритетна област 1: Предучилишно воспитание и образование 83

Приоритетна област 2: Основно образование 85

Приоритетна област 3: Гимназиско образование и уметничко образование 87

Приоритетна област 4: Стручно образование и обука 89

Приоритетна област 5: Постсредно образование и обука и кратки стручни студии на ниво V 91

Приоритетна област 6: Образование за возрасни 93

Приоритетна област 7: Високо образование, наука и иновации 95

4. Рамка за следење, оценување и известување 98

4.1 Табеларен приказ на показателите на успешност на ниво на резултат, исход и ефект 98

4.2 Начин на прибирање на податоците и мерење на показателите на успешност 217

4.3 Надлежни органи задолжени за спроведување, следење, оценување и известување и органи кои учествуваат во процесот на следење, оценување и известување 218

4.4 Постапка и динамика на известување и на оценување на постигнатите резултати 219

4.5 Механизми за координација 220

5. Управување со ризици 223

5.1. Утврдени ризици коишто би можеле да влијаат на спроведувањето и постигнувањето на планираните општи и посебни цели 223

5.2. Мерки за справување со ризиците 223

5.3. Начин на ревидирање на акцискиот план 226

6. Акциски план за спроведување на стратегијата за образование 2026-2028 228

7. Индикативен финансиски план 368

**Листа на кратенки**

| **Кратенка** | **Значење** |
|---|---|
| АКВО | Агенција за квалитет во високото образование |
| БРО | Биро за развој на образованието |
| ВИ-AI | Вештачка интелигенција |
| ГИЗ | Германско друштво за меѓународна соработка |
| ДИЦ | Државен испитен центар |
| ДПИ | Државен просветен инспекторат |
| ЕТФ | Европска тренинг фондација |
| ЕКТС | Европски кредит трансфер систем |
| ЕКССОО-ECVET | Европски кредит систем за стручно образование и обука |
| ЕРК -EQF | Европска рамка на квалификации |
| ИКТ | Информациско-комуникациски технологии |
| КРЕПВО-QF-EHEA | Квалификациска рамка на Европскиот простор на високото образование |
| МЕЛКО | Алатка за мерење на квалитетот на раното учење и резултати |
| МКСОО | Македонски кредит систем за општо образование |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МОТ-ILO | Меѓународна организација на трудот |
| НРК | Национална рамка за квалификации |
| НЕЕТ- NEET | Млади коишто не се во образование, вработување или обука |
| ОЕДЦ- OECD | Организација за економска соработка и развој |
| ПИРЛС | Меѓународна студија за напредокот во читачката писменост |
| ПИСА | Програма за меѓународна проценка на ученици |
| ПСОО | Постсредно образование и обука |
| РСМ | Република Северна Македонија |

| | |
|---|---|
| РФЦДЦ | Референтна рамка на компетенции за демократска култура |
| РФП-RCF | Регионалниот фонд за предизвици |
| РЦСОО | Регионален центар за стручно образование и обука |
| СДЦ | Швајцарска развојна соработка |
| СЗО - WHO | Светска здравствена организација |
| СОО | Стручно образование и обука |
| МИНТ | Математика, Инженерство, Наука и Технологија |
| ТАЛИС | Меѓународна анкета за предавање и учење |
| ТИМСС | Меѓународна студија за трендови во математика и наука |
| УНДП | Фонд на Обединетите Нации за развој |
| УНЕСКО | Организација на Обединетите Нации за образование, наука и култура |
| УНИЦЕФ | Фонд на Обединетите Нации за деца |
| ЦЕДЕФОР-CEDEFOP | Европски центар за развој на стручното образование и обука |
| ХБСЦ | Здравствено однесување кај децата на училишна возраст |

# 1. Вовед

Стратегијата за образование 2026-2032 година е клучен стратешки документ на Република Северна Македонија за подобрување на квалитетот, инклузивноста и одржливоста на образовниот систем, за негов придонес кон долгорочен и одржлив развој на државата.

Стратегијата е подготвена низ широк партиципативен процес, под лидерство на Министерството за образование и наука и поддршка од релевантни меѓународни организации: Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ), УНИЦЕФ, УНДП, Светска банка, ЕТФ и СДЦ.

Процесот на подготовка на Стратегијата вклучи 5 622 претставници на клучни национални институции, организации и засегнати страни: ученици и студенти, нивни организации, родители, академска заедница, сите релевантни министерства, агенции и институции, Владата на РСМ, деловен сектор, граѓански организации, меѓу кои и здруженија на млади и организации на лица со попреченост, како и меѓународни развојни организации. Сите тие имаат огромен придонес во анализата на моменталната состојба, идентификување на предизвиците, дефинирање соодветен одговор на тие предизвици и формулирање релевантна, реалистична, но и визионерска и иновативна Стратегија. Им изразуваме неизмерна благодарност на сите вклучени во развојот на оваа Стратегија и се надеваме на партнерство со сите нив за успешно спроведување на Стратегијата.

Стратегијата за образование опфаќа седум приоритетни области. Во секоја од нив се утврдени цели, мерки и активности коишто ќе обезбедат унапредување на квалитетот, инклузивноста и правичноста на образовниот систем, следејќи ги стандардите на Европската Унија. Ваквото образование се очекува да гради здрави, одговорни и компетентни граѓани, коишто се оспособени да си обезбедат благосостојба и квалитетно живеење и да придонесат во развојот на општеството.

Идејата дека образованието треба да го поддржи целовитото развивање на човековата личност е вградена во оваа Стратегија. Притоа, Стратегијата ги има предвид клучните предизвици на образованието денес:

- Брзината на промените (на полето на информациите, технологиите, професиите) – што бара флексибилност, доживотно учење и прилагодливост;
- Комплексноста и меѓузависноста на светот – што бара глобална свест и локална одговорност;
- Кризите на демократијата и етиката – што бара градење на критичка свест, емпатија и морална храброст уште од најрана возраст;
- Дигиталната револуција – којашто наметнува потреба од медиумска писменост, дигитална етика и нови форми на учење;
- Еколошките закани и климатските промени – коишто бараат свест за одржливост на развојот и еколошка одговорност како дел од воспитно-образовниот процес;

- Зголемување на општествените разлики и социјалните нееднаквости – што ја нагласуваат потребата од образование за правичност, инклузивност и активно граѓанство.

Сложената и динамична природа на современиот свет поставува големи барања пред воспитно-образовните системи, коишто реформите во воспитанието и образованието мораат да ги земат предвид, хармонично интегрирајќи ги во стабилен, но флексибилен образовен систем:

- Когнититивно-интелектуалниот развој на децата и учениците, од една, и нивниот морален, волев и емоционален развој, од друга страна; тоа имплицира обрнување особено внимание врз воспитната димензија на образовниот процес, и грижа за систематско развивање и интериоризирање на различни видови вредности (лични, општествени, граѓански, демократки, културни, еколошки, дигитални, итн.) неопходни за економскиот, социјалниот, културниот и моралниот напредок во современиот свет.
- Барањата на пазарот на трудот, од една, и грижата за добросостојбата на личностите и на заедниците, од друга страна; ова имплицира дека паралелно со стремежот за градење „работоспособни млади луѓе“ коишто лесно ќе се вклучат на пазарот на трудот, треба да се негува и стремежот за образување на целосно изградена, самостојна, одговорна и хумана личност.
- Глобалните барања на европскиот и светскиот образовен простор, од една и спецификите на националниот контекст, од друга страна; ова имплицира дека и покрај неопходноста за вклучување во европските и светските образовни текови, за резултатите од реформите да бидат трајни и стабилни треба да се изведат во согласност со општествениот и педагошкиот контекст граден низ историјата на нашата земја, со спецификите на нашето општество и расположливите ресурси од секој вид.

## 1.1 Резиме на областите на политиките опфатени со Стратегијата и клучните правци на делување

Стратегијата за образование опфаќа седум приоритетни области. Во секоја од нив се утврдени цели, мерки и активности коишто ќе обезбедат унапредување на квалитетот, инклузивноста и правичноста на образовниот систем. Ваквото образование се очекува да гради здрави, одговорни и компетентни граѓани, коишто се оспособени да си обезбедат благосостојба и квалитетно живеење и да придонесат во развојот на општеството. Приоритетните области се:

1. Предучилишно воспитание и образование
2. Основно образование
3. Гимназиско и уметничко образование
4. Стручно образование и обука

5. Постсредно образование и обука и кратки стручни студии на ниво V
6. Образование за возрасни
7. Високо образование, наука и иновации

Квалитетното предучилишно воспитание и образование претставува темел за холистички развој на детето, но и основа на образовниот систем во секое општество. Приоритетната област **„Предучилишно воспитание и образование“** се стреми да го надмине значителниот јаз помеѓу опфатот на деца во предучилишните установи во земјата и да нѐ приближи до европската цел од 96%, преку зголемен опфат, со фокус на ранливите групи и маргинализираните региони. Оваа приоритетна област се занимава и со унапредувањето на квалитетот, но и со следење и управување со квалитетот на предучилишното воспитание и образование.

Справувањето со предизвиците коишто го ограничуваат потенцијалот на учениците за високи постигнувања, сеопфатен развој и добросостојба, се фокус на приоритетната област **„Основно образование“**. Во оваа приоритетна област, Стратегијата ќе придонесе со обезбедување на потребата инфраструктура и материјално-техничките услови за квалитетно основно образование, унапредување на наставната пракса и професионалната поддршка на наставниците, како и подобрување на резултатите од учењето и воспитно-образовните постигнувања.

Приоритетната област **„Гимназиско и уметничко образование“** ги адресира предизвиците поврзани со постигнувањата и мотивацијата на учениците, наставните програми и методи, наставниот кадар, инклузијата, дигитална инфраструктура и ресурси и можностите за развој на уметничките и креативните потенцијали. Стратегијата ќе го унапреди квалитетот и континуираниот професионален развој на наставниците, ќе создаде можности за развој на целосниот ученички потенцијал и активно учество во образовниот процес, ќе го дигитализира и модернизира наставниот процес, ќе ја унапреди инклузијата и ќе овозможи поддршка на креативноста и развој на уметнички способности.

Системот за стручно образование и обука во РСМ се наоѓа пред значајни предизвици, почнувајќи од неусогласеност со динамичните барања на пазарот на труд, недоволна индивидуализација на образовните патеки и застарена инфраструктурата и опрема. Затоа, приоритетната област **„Стручно образование и обука“** се фокусира на зголемување на релевантноста и приспособливоста кон пазарот на труд, градење напредни дигитални и зелени компетенции, јакнење на капацитетите на наставниците за планирање индивидуализирани патеки и признавање на претходно учење, инвестиции во физичка и дигитална инфраструктура и мобилност.

Приоритетната област **„Постсредно образование и обука и кратки стручни студии на ниво V“** има за цел да поддржи воспоставување систем на стручни студии којшто ќе води кон поголема усогласеност со пазарот на труд, со европските стандарди и принципите на доживотно учење. Фокусот е на програмите од ниво VA и VБ, создавање нормативна и институционална рамка и пилотирање на пазарно релевантни програми.

Во приоритетната област **„Образование за возрасни“** Стратегијата за образование се надградува на Стратегијата за образование на возрасни, фокусирајќи се на зголемување на пристапот до образование за возрасни во сите делови на земјата и

за сите граѓани, одговор на дигиталниот јаз и потребата за адаптација на човечкиот капитал кон технолошки и еколошки промени, како и валоризација на неформалното учење, интегрирано со европската рамка за квалификации.

Недоволниот опфат и проодност на студентите, ограничената усогласеност на студиските програми со потребите на пазарот на труд слабостите во финансирањето и управувањето на институциите, како и недоволната поддршка за научно-истражувачка работа и нејзина примена во економијата и општеството се адресираат во приоритетната област **„Високо образование, наука и иновации“**. Стратегијата предвидува зголемување на опфатот и проодноста со фокус на правичност и инклузивност, унапредувањето на квалитетот и релевантноста на високото образование со цел да се надмине јазот помеѓу образовниот систем и пазарот на трудот, подобрувањето на инфраструктурата, човечките капацитети и финансирањето, за одржливост и ефикасност на универзитетите, како и подобрување на условите за истражување и иновации.

Стратегијата за образование 2026–2032 има јасна ориентираност: да обезбеди континуитет во добрите практики, да ги ревидира и подобри оние коишто не ги исполниле очекувањата, и да овозможи вградување на современи глобални образовни трендови и стандарди во домашниот контекст.

Стратегијата ги поддржува следниве меѓусекторски теми, коишто продираат низ сите стратешки приоритетни области, а се однесуваат на:

**Еднаков пристап до образование како темелен принцип на демократското и правично општество.** Тој не се сведува само на формално право на образование, туку подразбира реална, правична и поддржувачка можност секоја личност да учествува, напредува и успешно да го заврши воспитно-образовниот процес – без оглед на социо-економската положба, етничката, јазичната или друга културна припадност, географската локација, посебните образовни потреби или припадноста на маргинализирана заедница.

Овој стратешки приоритет ќе се реализира преку:

- Обезбедување достапност на воспитно-образовните установи и услуги – преку рамномерно географско покривање и логистичка поддршка за населените места, особено во рурални и недоволно опслужени подрачја;
- Рано идентификување и поддршка на лицата во ризик од исклучување, особено во најраната возраст и при транзиција меѓу нивоата на образование;
- Финансиска, социјална и психо-социјална поддршка за ученици и студенти од ранливи категории – преку додатоци, оброци, превоз, опрема и услуги на поддршка;
- Културолошко и јазично прилагодување на воспитно-образовниот и наставниот процес, со примена на методи коишто ја почитуваат различноста и одговараат на индивидуалните стилови на учење;
- Инфраструктурна и програмска инклузивност, вклучително и обезбедување пристапност за лицата со попреченост и нивно полно вклучување во образовниот живот;

- Јакнење на капацитетите на воспитувачите, наставниците и стручните служби, за работа со разновидни ученички групи и обезбедување поддршка што одговара на различните потреби;
- Следење и анализа на нееднаквостите во образованието, со цел планирање засновано на податоци и таргетирана интервенција.

Обезбедувањето квалитетно образование за секого е мултидимензионален процес којшто ги обединува резултатите, искуствата и вредностите на образованието. Тоа не е само академскиот успех, туку вклучува: социјален и емоционален развој, културна и етичка зрелост, креативност, граѓанска одговорност и животна релевантност. За да се постигне ова, Стратегијата предвидува усогласен системски пристап, којшто се заснова на следниве пет темелни компоненти на образовниот квалитет:

1. Пристап
2. Кадар
3. Програма
4. Следење и вреднување
5. Финансирање и ресурси

Комбинирајќи ги овие пет димензии, Стратегијата ќе овозможи секој – без разлика на потеклото, условите или можностите – да добие образование што е достапно, правично, релевантно, ефективно и значајно. Тоа ќе значи дека квалитетот не е привилегија на некои, туку право на сите.

**Усогласување на образовните политики со пазарот на трудот.** Современите економии се карактеризираат со брзи структурни промени, појава на нови професии и растечко значење на интердисциплинарни и преносливи компетенции. Во таков контекст, образовниот систем мора да ги подготви младите за активно учество на пазарот на трудот, и да изгради капацитет за доживотно учење и адаптација за новите улоги и технологии.

Усогласувањето на образованието со барањата на пазарот на трудот не подразбира сведување на образовниот процес само на обука за вработување, туку интеграција на практични, когнитивни, социјални и дигитални компетенции, коишто ги јакнат младите да се снајдат и да придонесат во динамична и непредвидлива работна средина. Овој приоритет ќе се реализира преку:

- Развивање на образовните програми во согласност со потребите на пазарот на трудот, со вклучување на работодавци, комори, професионални здруженија и високообразовни институции;
- Интеграција на основните економски, технолошки и претприемачки компетенции во наставните програми – не само како наставни предмети, туку како начини на размислување и решавање проблеми;
- Развој на преносливи вештини: критичко мислење, соработка, креативност, дигитална писменост, адаптибилност, комуникациски способности и саморегулација;
- Јакнење на кариерното информирање и советување од основно образование па натаму, со цел подобро информирање на учениците и нивните семејства за реалните можности, услови и перспективи;

- Промоција на практичното образование и учење преку работа, со посебен фокус на соработка со локалната заедница и реалниот сектор;
- Поттикнување и поддршка на партнерства меѓу образовните установи и бизнис секторот, особено во подрачја со недостиг на квалификувана работна сила или потенцијал за раст (дигитални технологии, зелена економија итн.);
- Следење и анализа на пазарот на трудот, во функција на планирање и адаптација на образовните политики и програми.

Целта на овој приоритет е образовниот систем да биде предуслов за економски развој, а не негов пасивен следбеник – преку создавање генерации на млади луѓе кои не само што се конкурентни на пазарот на трудот, туку и способни да создаваат нови вредности, иновации и работни места.

**Инклузивноста и правичноста** се основни начела на современото образование, засновани на почитување на човековите права, достоинството и потенцијалот на секого. Образовниот систем не смее да ги репродуцира постојните нееднаквости, туку треба активно да придонесе за нивно надминување, преку осмислени политики, поддржувачки средини и соодветни практики. Во рамките на Стратегијата за образование 2026–2032, инклузивноста се разбира како процес на постојано приспособување на образовниот систем кон потребите на сите, додека правичноста се однесува на обезбедување фер и соодветна поддршка за секој да има реална можност за успех, според сопствените услови и потенцијали. Овој приоритет ќе се реализира преку:

- Системско вградување на инклузивниот пристап во образовниот систем, со јасни стандарди, ресурси и индикатори за следење;
- Јакнење на инклузивната култура и пракса во воспитно образовните институции, преку промовирање вредности како што се прифаќање, солидарност, почитување на различноста и заедничка одговорност;
- Поддршка за децата, учениците, студентите, возрасните, како и децата и возрасните со попреченост и посебни образовни потреби, преку спроведување на стандардите за пристапност, примена на принципите на универзален дизајн преточени во Универзалниот дизајн за учење, индивидуализирани образовни планови, соодветни педагошки и технолошки ресурси, и вклучување на стручни лица;
- Намалување на образовниот јаз кај социјално и културно маргинализираните групи, особено од ромската заедница, лица во сиромаштија, мигранти, странски државјани, поединци во воспитно-казнени установи, ученици на подолго медицинско лекување, возрасни без основни компетенции, лицата без постојано место на живеење („бездомници“), лица коишто живеат во рурални или оддалечени подрачја;
- Развој на капацитетите на воспитниот, наставниот кадар и стручните служби за примена на инклузивноста и почитување на интеркултурната димензија во работата со деца, ученици, студенти и возрасни;
- Вклучување на семејствата, заедницата, децата и учениците во градењето инклузивна клима, заснована на соработка и дијалог;

- Собирање и анализа на податоци за следење на образовните нееднаквости и нивна примена во следни интервенции засновани на докази.

Целта на овој стратешки приоритет е да се изгради образовен систем којшто препознава, вреднува и поддржува различности – не како бариера, туку како ресурс за заедничко учење и развој. Вистинската инклузивност не значи прилагодување на ученикот кон системот, туку трансформација на системот така што секој ќе се чувствува прифатено, разбрано и поддржано на патот кон личен развој и образовен успех.

**Јакнење на воспитната димензија** претставува клучен стратешки приоритет којшто ја дефинира суштината на воспитно-образовната дејност и обезбедува целосен развој на личноста. Воспитната компонента ги интегрира знаењата, способностите, ставовите, уверувањата и вредностите на учениците, овозможувајќи процес на учење и развој во којшто секој ученик се развива како единствена и неповторлива личност. Основата на овој процес е изградба на личност со морална свест, одговорност и општествена зрелост, каде воспитниот процес се гледа како тековен, процесуален и етапен процес со последователни активности кон остварување на воспитните цели. Овој приоритет ќе се реализира преку:

- Интеграција на воспитната димензија во наставните планови и програми, обезбедувајќи дека воспитната компонента е суштински дел од образовниот процес, а не дополнителна активност;
- Развивање педагошки пристапи коишто поттикнуваат интериоризација на морални, културни, демократски и лични вредности, овозможувајќи учениците да ја разберат и примат воспитната порака низ секојдневните активности;
- Континуирана обука и професионален развој на воспитувачи, наставници и стручни соработници , со акцент на современи воспитни стратегии и методи коишто поттикнуваат критичко размислување, социо-емоционален развој и одговорно однесување;
- Поддршка на активности и проекти коишто ја промовираат воспитната и вредносната компонента, вклучувајќи интеркултурни, демократски и етички практики во училиштата;
- Вклучување на родителите, заедницата и учениците во создавање воспитна клима заснована на соработка, дијалог и заеднички одговорности;
- Собирање и анализа на податоци за следење на ефектите на воспитниот процес и неговата примена во интервенции засновани на докази.

Целта на овој стратешки приоритет е воспитниот процес да обезбеди целосен развој на личноста преку интериоризација на вредности, градење на моралност и духовност, развој на социо-емоционалните и општествените компетенции, како и формирање на одговорни, зрели и културни граѓани. Вистинската сила на воспитната димензија лежи во тоа што создава генерации подготвени за живот, работа и активно учество во демократското општество.

**Поддршка на менталното, физичкото, социјалното, сексуалното и репродуктивно здравје на децата и младите** е важен предуслов за успешно учење, социјален развој и целокупна добросостојба. Современите предизвици – како зголемената изложеност на стрес, анксиозност, дигитален притисок на социјалните мрежи, нарушени навики на исхрана и физичка неактивност, квалитет на воздух и чистата животна средина – бараат системски пристап кој ги интегрира сите аспекти на

здравјето како составен дел од воспитно-образовниот процес. Во Стратегијата за образование 2026–2032, здравјето не се третира само како биолошка состојба, туку како холистички поим којшто опфаќа психолошка и социјална безбедна и поддржувачка средина, здрава исхрана, физичка активност и превенција од ризици. Овој стратешки приоритет ќе се реализира преку:

- Зголемување на бројот и капацитетите на стручните служби (психолози, педагози, социолози, социјални работници) во училиштата, како и нивно системско вмрежување и континуирана едукација;
- Промовирање здрав начин на живот, преку унапредување на наставата по физичко и здравствено образование, обезбедување простор за физичка активност, пристап до здрава храна, вода и рекреативни содржини;
- Програми за превенција од насилство, злоупотреба на супстанции, ризично онлајн однесување и други штетни појави, со активно вклучување на учениците и заедницата;
- Обезбедување безбедна, чиста и поддржувачка училишна средина, во којашто децата се чувствуваат прифатено, заштитено и охрабрено да растат и да учат;
- Едукација на наставници, родители и ученици за менталното здравје и благосостојба, со цел рана детекција и навремена интервенција;
- Јакнење на соработката со здравствените институции, за пристап до услуги за ментално и сексуално и репродуктивно здравје со цел подобра интеграција на образовниот и здравствениот систем во поддршката на децата и младите.

Целта на овој стратешки приоритет е создавање на училишта како здрави, сигурни и поддржувачки заедници, коишто го поттикнуваат целосниот развој на децата и младите. Така образованието станува не само средство за академски успех, туку и простор за развој во физички здрави, психолошки стабилни личности и општествено одговорни граѓани.

**Уметност и култура.** Во основата на холистичкиот пристап кон образованието лежи разбирањето дека уметноста и културата се суштински елементи на личниот, социјалниот и граѓанскиот развој. Преку уметничко изразување, децата и учениците не само што ги развиваат своите креативни и естетски способности, туку учат и како да размислуваат симболички, да согледуваат различни перспективи, да се изразуваат автентично и да ја почитуваат културната разновидност. Културната писменост, пак, ја поттикнува свеста за сопствениот културен идентитет и гради отвореност кон другите култури. Во таа насока, Стратегијата за образование 2026–2032 ги поставува уметноста и културата како стратешки приоритет, кој ќе се остварува преку:

- Зголемување на видливоста, обемот и квалитетот на уметничките содржини во работата во детските градинки и училишта – вклучително и музика, ликовна уметност, драма, литература, визуелни и изведувачки уметности;
- Поттикнување креативното и уметничкото изразување на децата и учениците, преку активности како што се изложби, театарски претстави, литературни конкурси, филмски проекции, музички и танцови настани;
- Интеграција на уметноста како метод на учење и во други предмети – преку интердисциплинарни пристапи коишто ја користат уметноста за

продлабочување на разбирањето, развој на емоционална интелигенција и критичко размислување;

- Поддршка за локалната културна сцена и партнерства со културни институции – музеи, театри, библиотеки, културни центри – со цел поврзување на градинката и училиштето со културниот живот во заедницата;
- Развивање на културна писменост кај учениците – преку запознавање со културното наследство, уметничките движења, традициите и вредностите на различни култури, вклучително и културите на малцинските заедници;
- Јакнење на капацитетите на воспитувачите и наставниците за работа преку уметност, со примена на креативни методи, интегративни пристапи и современи уметнички изрази;
- Воспоставување простори за уметничко изразување во градинките и училиштата (работилници, изложбени и изведбени простори, аудио/видео опрема), коишто ќе го поддржат креативниот израз и соработка.

Целта на овој стратешки приоритет е да се вградат уметноста и културата во срцето на образовниот процес – не како додаток, туку како суштински елементи на холистичкиот развој. Со тоа, образованието станува простор каде што децата и учениците не само што стекнуваат знаења, туку и учат како да чувствуваат, создаваат, толкуваат и да се поврзуваат со светот преку уметноста и културата.

**Развој на зелени вештини и еколошка писменост.** Климатските и промените во животната средина како и глобалните закани за одржливоста претставуваат еден од најголемите предизвици на 21 век. Образованието има клучна улога во градењето на нова свест за односот човек–природа и во развојот на компетенции за одржлив развој. Затоа, развојот на зелени вештини и еколошка писменост се поставува како централен стратешки приоритет на образовниот систем во следните години. Овој приоритет се темели на визијата за градење генерации млади луѓе коишто:

- Ја разбираат еколошката поврзаност на природните, економските и општествените системи;
- Поседуваат конкретни знаења и вештини за одговорно однесување кон животната средина;
- Активно придонесуваат кон праведна и одржлива иднина.

Во рамките на Стратегијата, развојот на зелени вештини и еколошка писменост ќе се реализира преку:

- Промовирање зелени вештини – знаења и практични способности;
- Имплементација на учење преку искуство – преку детски и училишни градини, еко-клубови, акции за заштита на природата, проекти во заедницата и теренска настава во природни подрачја;
- Изградба на еко-училишна инфраструктура – енергетски ефикасни згради, селекција на отпад, употреба на еколошки материјали, како и вклучување на децата и учениците во грижата за училишната средина;

- Развој на дидактички материјали коишто поддржуваат системско разбирање на екосистемите, човечкото влијание врз животната средина и механизмите на климатска акција;
- Континуирана обука на воспитувачите, наставниците и стручните соработници за примена на еколошка и климатска едукација во различни активности;
- Партнерства со еколошки организации, паркови, научни институции и јавниот сектор, за проширување на капацитетите и вклучување на децата и учениците во решавање на реални еколошки прашања.

Целта на овој приоритет е да се создаде образовен систем којшто активно придонесува за еколошка трансформација на општеството, преку градење еколошки писмени граѓани – млади луѓе коишто знаат, чувствуваат, промовираат и делуваат во насока на зачувување на природните ресурси и на одржлив развој на заедницата.

**Дигитална трансформација на образованието со почитување на стандардите за пристапност**: претставува клучен услов за релевантноста и ефикасноста на современото образование. Во таков контекст, вештачката интелигенција (AI) станува централна компонента во развојот и трансформацијата на образовните системи ширум светот. Два клучни концепти се особено значајни во овој процес: AI писменоста и интеграцијата на AI во наставниот процес. AI писменоста се дефинира како способност за разбирање и критичко користење на AI технологиите, вклучувајќи ги не само техничките аспекти, туку и етичките, социјалните, идентитетските и културните импликации од нивната употреба. Овој концепт станува неопходен елемент на дигиталната писменост, бидејќи овозможува учениците да ја разберат природата на AI технологиите, нивната логика на функционирање и начините на кои тие влијаат врз општеството и секојдневниот живот1.

Од друга страна, интеграцијата на AI технологии во образованието подразбира активно воведување и примена на AI алатки во наставниот процес, со цел подобрување на квалитетот на учењето, персонализирање на образовните искуства и олеснување на административните задачи на наставниците. Оваа интеграција овозможува поголема ефикасност во наставата преку анализа на податоци за следење на ученичкиот напредок и креирање на адаптивни образовни средини кои ги задоволуваат индивидуалните потреби на учениците2.

Значењето на овие концепти за современото образование е огромно, бидејќи тие ги подготвуваат учениците за живот во свет којшто е сè повеќе обликуван од дигиталната трансформација и технолошките иновации. AI писменоста им овозможува на учениците да развијат критички и аналитички вештини, коишто се неопходни за активно учество во дигиталната ера. Истовремено, интеграцијата на AI алатките во наставниот процес обезбедува образование коешто е релевантно, иновативно и персонализирано, што резултира со подобри образовни исходи и зголемена продуктивност во учењето3.

---

[1] Long, D.& Magerko, B. (2020). What is AI Literacy? Competencies and Design Considerations. Proceedings of the 2020 CHI Conference on Human Factors in Computing Systems

[2] Zawacki-Richter, O., Marín, V.I., Bond, M., & Gouverneur, F. (2019). Systematic review of research on artificial intelligence applications in higher education – where are the educators? International Journal of Educational Technology in Higher Education, 16(1), 1-27

[3] OECD (2021). Digital Education Outlook 2021: Pushing the Frontiers with Artificial Intelligence, Blockchain and Robots. OECD Publishing, Paris

Меѓународните организации како UNESCO и OECD нагласуваат дека интеграцијата на AI во образованието е неопходна за постигнување на целите за одржлив развој (Цел 4 – Квалитетно образование), бидејќи овозможува пристап до квалитетно образование за сите, независно од социјалните, економските и географските ограничувања. Примената на AI во образовните системи има потенцијал значително да го намали јазот во пристапот до образование и да придонесе за создавање на еднакви можности за учење за сите ученици ширум светот4.

Во Стратегијата за образование 2026–2032, таа се разбира како педагошки осмислен, етички ориентиран и системски процес, којшто обезбедува не само пристап до технологии, туку и нивна свесна, критичка и целисходна употреба во функција на учењето и личниот развој на децата, учениците и студентите. Во таа насока, дигиталната трансформација на образованието ќе се реализира преку:

- Интеграција на алатки засновани на вештачка интелигенција во наставниот процес – не како замена на педагошкиот однос, туку како поддршка за учење, организација, персонализација и комуникација; притоа, учениците и наставниците ќе стекнуваат свест за потенцијалите, но и за ограничувањата, пристрасностите и етичките ризици поврзани со AI-технологиите;
- Воспоставување јасни педагошки насоки и нормативни рамки за употреба на дигитални технологии во училиштата – со цел таа употреба да биде водена од образовни цели, а не од технолошка фасцинација;
- Јакнење на дигиталните компетенции на наставниците, вклучително и способноста за креирање дигитални содржини и интегрирање на дигитални алатки во наставата на иновативен, инклузивен и ефективен начин;
- Поддршка на дигиталната инфраструктура во училиштата – со фокус на еднаков пристап, функционалност, одржливост и безбедност.

Целта на овој стратешки приоритет е да се создаде дигитално зрело образовно опкружување, коешто ќе им овозможи на учениците не само да користат технологии, туку и да ги разбираат, да ги поставуваат под прашање, и да ги користат одговорно и креативно – во функција на личниот раст, граѓанскиот ангажман и општествениот напредок.

**Иновации и извонредност во образованието**. Современото образование мора постојано да се обновува и унапредува за да одговори на предизвиците на брзите општествени, технолошки и економски промени. Во таа смисла, иновациите не се привилегија на одделни институции или поединци, туку нужност на секој дел од образовниот систем, којшто треба да биде жив, динамичен и отворен за нови идеи, практики и перспективи. Истовремено, извонредноста не се сфаќа како елитистички концепт, туку како стремеж кон највисок можен квалитет, професионализам и посветеност во сите сегменти – наставни процеси, лидерство, ученички постигнувања, етичка одговорност и општествен придонес. Овој стратешки приоритет ќе се реализира преку:

- Промовирање на иновациите како двигател на развојот на образовниот систем, преку охрабрување на училиштата, наставниците и учениците да

[4] UNESCO (2019). Artificial Intelligence in Education: Challenges and Opportunities for Sustainable Development. UNESCO Publishing, Paris

експериментираат со нови педагошки пристапи, дигитални решенија, интердисциплинарни модели и соработка со заедницата;

- Создавање стимулирачко опкружување за иновативни практики, преку воспоставување фондови за образовни иновации, јавно признание за успешни иницијативи и програми за поддршка на пилот-проекти;
- Развој на систем за идентификација, поддршка и проширување на добрите практики, преку платформи за размена на искуства, стручни заедници и центри за педагошка иновација;
- Поставување јасни стандарди за квалитет и извонредност, прилагодени на контекстот, но доволно амбициозни за да поттикнат раст и континуирано подобрување;
- Поддршка за наставничка и училишна автономија, во функција на осмислување и имплементација на иновативни пристапи, со посебен фокус на критичко размислување, решавање проблеми, креативност и соработка;
- Јакнење на капацитетите на образовните лидери, преку современи програми за менаџмент и педагошко раководење засновано на податоци, истражување и вредности;
- Промовирање на ученичка извонредност во различни форми – академска, уметничка, спортска, граѓанска, претприемачка – преку програми, натпревари, проекти и поддршка за талентирани ученици;
- Воспоставување силна врска меѓу истражувањето и образовната пракса, преку поддршка за акциско истражување, развој на политики засновани на докази и продлабочување на релацијата универзитет–училиште.

Целта на овој стратешки приоритет е да се поттикне култура на постојано унапредување, интелектуална љубопитност и професионална амбиција во образованието. Така, училиштето станува простор каде што иновативноста се вреднува, а извонредноста станува заеднички стремеж – достапен и охрабрувачки за сите.

**Родовата еднаквост во образованието** игра клучна улога во надминувањето на родовите стереотипи, елиминацијата на дискриминацијата и промовирањето на еднакви можности за сите. Светската банка ја истакнува родовата еднаквост како суштински елемент за развој, потенцирајќи дека нееднаквоста во образованието го ограничува економскиот раст, ги продлабочува социјалните нееднаквости и ја намалува општата благосостојба на општествата. Во оваа насока, образованието на девојчињата се смета за еден од најмоќните фактори за намалување на сиромаштијата, подобрување на здравствените исходи и зајакнување на мирот и стабилноста во светот.5 Во рамки на Стратегијата, родовата еднаквост ќе се обезбедува преку:

- Воспоставување безбедна, инклузивна и поддржувачка средина, во којашто се обезбедува заштита од родово базирано насилство и мобинг;
- Јакнење на капацитетите на наставниците и стручните служби за примена на родово сензитивна практика и реагирање на случаи на дискриминација или вознемирување;

[5] World Bank, Girls' Education Overview/World Bank, Education Overview

- Следење на родовиот јаз во постигнувањата, запишувањето и завршувањето на образованието, како и во пристапот до лидерски и истражувачки улоги, преку систематско прибирање и анализа на податоци.

Целта на овој приоритет е да се создаде образовен систем којшто активно ја промовира родовата еднаквост како значајна општествена вредност и придонесува за создавање генерации што се отпорни на дискриминација, етички освестени и општествено одговорни.

## 1.2 Основ на обврска за подготвување и предлагање на стратегијата

Република Северна Македонија со Националната развојна стратегија 2024–2044 ги поставува образовните приоритети како клучни приоритети за долгорочен и одржлив развој на државата. Тековната стратегија за образование за 2018-2025 година е во завршна фаза, а потребата од нова стратегија произлегува од клучните предизвици и промени во општеството, економијата и технологијата, коишто бараат создавање ефикасен, правичен, современ и одржлив образовен систем којшто ги подготвува учениците и студентите за реалниот живот и го унапредува човечкиот капитал на државата.

Во последните четири извештаи на Европската Комисија, нотирани се забелешки во Поглавје 26: Образование и култура, меѓу кои: „Република Северна Македонија е умерено подготвена во областа на образованието и културата. Остварен е ограничен напредок. Работата на стратегијата за образование 2018-2025 и развојот на соодветен систем за следење продолжија да се одвиваат бавно. Стратегијата за образование 2018-2025 е главниот документ што го регулира секторот за образование, но нејзините механизми за следење остануваат недоволно дефинирани. Целите и индикаторите треба да се подобрат за да се овозможи правилна евалуација на имплементацијата на реформите. Властите треба да ја зајакнат координацијата меѓу институциите при развојот на законодавството.“

Развојот на квалитетен и инклузивен образовен систем е клучно за долгорочен економски и општествен напредок. Поради тоа, на иницијатива на Министерството за образование и наука, на 51та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18ти февруари 2025 година, беше усвоена информацијата за потребата од изработка на нова Стратегија за образование, за периодот 2026-2032 година.

Владата на Република Северна Македонија очекува новата Стратегија да резултира со ефикасен, правичен, современ и одржлив образовен систем којшто ги подготвува учениците за реалниот живот и го унапредува човечкиот капитал на државата, преку фокус на подобрувањето на квалитетот на наставата и наставниот кадар, модернизација и дигитализација на образованието, образование еднакво за сите, усогласување со пазарот на трудот, усогласување со европските образовни стандарди и мерливост и транспарентност.

## 1.3 Усогласеност со други стратешки документи

Во насока на подобрување на квалитетот, инклузивноста и одржливоста на образовниот систем, Стратегијата за образование 2026–2032 води сметка за стратешките приоритети на државата и е комплетно усогласена и се надополнува со повеќе **национални** стратегии и програми, како што е елаборирано подолу. Притоа, во рамките на мерките и активностите на сите приоритетни области на Стратегијата, се водеше сметка да нема дуплирање и да се обезбеди синергија, надополнување и надградување на наведените стратегии и програми.

**Национална развојна стратегија 2024–2044**[6]

Националната развојна стратегија претставува највисок стратешки и визионерски акт, којшто ги дефинира главните национални развојни цели, стратешките приоритети и мерките за нивно остварување, со цел обезбедување одржлив и инклузивен развој на нашата земја, со фокус на иновации, дигитализација, и зелен раст.

Во таа насока, сите приоритетни области во рамки на Стратегијата за образование претставуваат интегриран и комплементарен систем на интервенции, насочени кон придонес во остварувањето на националната развојна цел: Зајакнување на конкурентноста на економијата, преку функционален и иновативен екосистем, усовршување на вештините, знаењето, вклученоста и отпорноста на граѓаните.

Приоритетните области заеднички придонесуваат кон стратешките области „Одржлива, иновативна и конкурентна економија“ и „Демографска ревитализација, социјален и културен развој“ и кон соодветните цели на гореспомнатите области: „Работна сила што ги задоволува сегашните и идните потреби на пазарот на труд“ и „Општество засновано на знаење, критичко размислување и вредности“.

Приоритетната област „Предучилишно воспитание и образование“ преку утврдената општа цел се стреми да овозможи системско подобрување на предучилишното образование, зголемување на правичноста и достапноста и создавање услови за холистички развој и учење за секое дете уште од најрана возраст. На овој начин директно се придонесува кон реализација на задолжителното предучилишно образование, во согласност со стратешката област „Демографска ревитализација и социјален и културен развој“ и со целта од областа „Општество засновано на знаење, критичко размислување и вредности“ на Националната развојна стратегија 2024–2044.

Приоритетната област „Основно образование“, преку утврдената општа цел, се стреми да обезбеди квалитетно, инклузивно и ефикасно основно образование за високи постигања, целосен развој, благосостојба и активно учество на учениците. На овој начин директно се поддржува постигнувањето на резултатите од учењето во рамки на формалното образование, во согласност со стратешката област „Демографска ревитализација и социјален и културен развој“ и со целта од областа „Општество

[6] МКД Национална развојна стратегија 2024-2044 ФИНАЛНО 21.01.2025 (1).pdf

засновано на знаење, критичко размислување и вредности“ на Националната развојна стратегија 2024–2044.

Приоритетната област „Гимназиско образование и уметничко образование“, преку утврдената општа цел, се стреми кон воспоставување квалитетно, инклузивно и современо гимназиско и уметничко образование кое обезбедува развој на компетенции, високи постигнувања и успешна подготовка за продолжување на образованието на повисоко ниво. Со реализацијата на оваа цел, гимназиското и уметничкото образование ќе се унапредува кон повисок квалитет, поголема инклузивност и современост, создавајќи услови учениците да развијат силни компетенции, да постигнуваат високи резултати и да имаат активна улога во општеството, во согласност со стратешката област „Демографска ревитализација, социјален и културен развој“ и со целта од областа „Општество засновано на знаење, критичко размислување и вредности“.

Приоритетната област ,,Стручно образование и обука”, со утврдената општа цел има за задача трансформација на СОО во квалитетен, релевантен, флексибилен и инклузивен систем, заснован на дигитални технологии и зелени вештини, кој одговара на индивидуалните потреби на учениците и динамичните барања на националниот и глобалниот пазар на труд. Со овие интервенции во рамки на СОО, стратегијата се стреми да обезбеди квалификувана, адаптивна и конкурентна работна сила, придонесувајќи за одржлив економски развој и интеграција на земјата во глобалните трендови во согласност со стратешката област ,,Одржлива, иновативна и конкурентна економија” и целта од областа ,,Работна сила што ги задоволува сегашните и идните потреби на пазарот на труд”.

Во приоритетната област „Образование за возрасни“, Стратегијата е насочена кон воспоставување одржлив, инклузивен и квалитетен систем за образование на возрасни кој обезбедува доживотно учење, конкурентност и социјална интеграција. На овој начин се обезбедува рамка за интегрирање инклузивни политики, дигитализација и усогласување со европските стандарди, во директна согласност со стратешката област „Одржлива, иновативна и конкурентна економија“ и целта од областа „ Работна сила што ги задоволува сегашните и идните потреби на пазарот на труд “.

Во приоритетната област „Постсредно образование и обука и кратки стручни студии на ниво V“, преку општата цел Стратегијата е насочена кон обезбедување функционален и инклузивен систем на постсредно образование и кратки стручни студии што одговараат на сегашните и идните потреби на економијата, транзицијата кон пазарот на труд и повисоките степени на образование. Целта е да се обезбеди квалитетна, призната и пазарно релевантна квалификација која ќе ја зголеми вработливоста и професионалната мобилност на работната сила, во согласност со стратешката област „Одржлива, иновативна и конкурентна економија“ и целта од областа „Работна сила што ги задоволува сегашните и идните потреби на пазарот на труд“.

Во приоритетната област „Високо образование и наука“ преку општата цел Стратегијата се стреми кон создавање глобално конкурентен систем на високо образование и наука којшто ќе биде усогласен со потребите на пазарот на труд и општеството. Со ваков интегриран пристап се овозможува систематска трансформација кон повисока конкурентност, правичност и општествена релевантност на високото

образование и науката во согласност со стратешката област ,,Одржлива, иновативна и конкурентна економија” и целите од областа „Економија заснована на знаење, иновации и дигитализација“, и ,,Работна сила што ги задоволува сегашните и идните потреби на пазарот на труд“.

**Програма за работа на Владата (2024–2028)**[7]

Во Програмата за работа на Владата, којашто се темели на два столба-образование и здравство, образованието за иднината е поставено како приоритет, со акцент на подобрување на квалитетот, дигитализација, и поврзување со индустријата.

Програмата предвидува зголемување на буџетските средства за образованието, во соработка со реалниот сектор, зголемување на средствата за апликативна наука, прилагодување на македонското образование на потребите на пазарот на трудот и националните потреби, сеопфатно подобрување на образовната инфраструктура, создавање предуслови учениците да напредуваат на светските рангирања на знаења, забрзан развој на науката и значајно позиционирање на најмалку еден македонски универзитет на светските ранг листи, како и задржување на младите и реализирање на нивниот потенцијал во Македонија.

Програмата за работа на Владата 2024-2028 го предвидува донесувањето на новата Стратегија за образование, додека Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РСМ 2024-2028 под стратешкиот приоритет „Сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста на образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици“ има утврдено две конкретни цели:

- Цел 1: Подобрување на квалитетот на образованието, развој на наставните планови и програми, наставните методи, учебниците, дигиталните содржини и ресурсите во насока на подобрување наставата и учењето
- Цел 2: Поддршка и стимулирање на научните истражувања, развој на иновации, инвестиции во научната инфраструктура и привлекувањето на талентирани научници

Стратегијата ја операционализира првата цел преку системско унапредување на квалитетот на наставата и учењето на сите нивоа и тоа:

Во приоритетната област: Основно образование, Стратегијата придонесува кон создавање современи и инклузивни услови за учење преку модернизација на училишната и дигиталната инфраструктура, оптимизација на училишната мрежа и јакнење на кадровските капацитети, паралелно со унапредување на наставната пракса преку диференцирани и иновативни методи, развој на наставниот кадар, подобрување на учебниците и воспоставување систем за следење на ученичките постигнувања.

Во приоритетна област: Гимназиско образование и уметничко образование, Стратегијата придонесува преку обновување на програмската и нормативната рамка, унапредување на инфраструктурата и дигиталните ресурси и воведување современи

[7] https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/stratesko-planiranje-file-rEf9.

наставни пристапи засновани на податоци и квалитетни стандарди, со цел обезбедување повисоки ученички постигнувања, развој на клучни компетенции и усогласување со европските образовни практики.

Во приоритетна област: Стручно образование и обука, Стратегијата придонесува преку развој на модуларни програми, јакнење на наставничките капацитети и инвестиции во современа инфраструктура, како и преку продлабочување на партнерствата со индустријата и високото образование, интеграција на дигитални и зелени компетенции и зајакнување на практичното учење и иновацискиот екосистем.

Во приоритетна област: Постсредно образование и обука и кратки стручни студии на ниво V, Стратегијата ја операционализира целта преку воспоставување функционален и квалитетно осигуран систем на кратки стручни студии и постсредни квалификации преку развој на нормативна и институционална рамка, пилотирање модуларни и пазарно релевантни програми, воспоставување механизми за мониторинг и евалуација и јакнење на партнерствата со работодавачите, со цел зголемена вработливост, професионална мобилност и подобра поврзаност со високото образование.

Во приоритетна област: Образование за возрасни, Стратегијата се насочува кон проширување на пристапот до доживотно учење преку надминување на бариерите за учество и паралелно јакнење на дигиталните, иновативните и зелените компетенции, со цел адаптација на работната сила кон технолошките, економските и еколошките промени.

Во однос на втората цел којашто се однесува на стимулирање на истражувања, развој на иновации како и инвестирање во инфраструктурата и привлекување талентирани научници, Стратегијата придонесува преку приоритетната област 7: Високо образование, наука и иновации. Во оваа област, Стратегијата се стреми кон системска модернизација на високото образование и научно-истражувачкиот систем преку зголемување на релевантноста на студиските програми, одржливо финансирање и јакнење на човечките и инфраструктурните капацитети, како и преку развој на иновациски екосистем што го поврзува академскиот сектор со економијата, поттикнува научна продукција, интернационализација и трансфер на знаење и технологии.

**Инструмент за реформи и раст за Западен Балкан - Реформска агенда на Република Северна Македонија 2024-2027 година**[8]

Реформската агенда го опишува стратешкиот пристап на РСМ за забрзување на фундаменталните реформи за прогресивна интеграција со единствениот пазар на Унијата и социоекономската конвергенција, како и усогласувањето со законите, правилата, стандардите, политиките и практиките на Унијата.

Сегментот „Образование, обука, вработување и социјални цели“ зазема клучна улога во Реформската агенда на РСМ. Целта е да се создаде цврста основа за долгорочен социјален и економски развој преку подобрување на образовниот систем, зголемување на можностите за обука и професионален развој, како и подобрување на пазарот на труд. Во таа насока, Реформската агенда предвидува намалување на неусогласеноста

[8] reformska-agenda-na-severna-makedonija-2024-2027-godina-file-Nhp6.pdf

помеѓу вештините што ги нуди образовниот систем и оние што ги бара современиот пазар на труд, воведување работна обука во образовниот процес, особено преку професионално образование и обука, зголемување на учеството на жените на пазарот на труд преку развиени програми коишто се приспособени на нивните посебни потреби и потенцијал, инвестиции во образованието и вештините, модернизација на образовната инфраструктура, како и подобрување на наставната програма и обуката на наставниците за зелени и дигитални компетенции. Стратегијата за образование 2026-2032 ги зема предвид сите цели и показатели предвидени со Реформската агенда.

**Национална стратегија за вработување 2021-2027 година**[9]

Главната цел на Стратегијата е промовирање повеќе и подобри работни места за сите. Притоа, Стратегијата преку нејзината прва цел го става фокусот на образованието, преку подобрување на квалитетот на образовните исходи на сите нивоа. Стратегијата за образование, низ сите приоритетни области, е комплетно усогласена со Националната стратегија за образование и нејзините таргети. Така, Стратегијата за образование предвидува цели и мерки за усогласување на вештините со барањата на пазарот на трудот, особено во средното, постсредното и високото образование, зголемување на образовните постигнувања на учениците, на сите нивоа, како и зголемување на уделот на возрасните во образованието и обуката, што е фокус на посебна приоритетна област од Стратегијата. Дополнително, Националната стратегија за вработување ја истакнува и улогата на технологијата и иновациите, што е фокус и на Стратегијата за образование, којашто вклучува низа мерки и активности за јакнење на улогата на технологијата и иновациите во образованието на сите нивоа, но и основање на првиот национален технолошки парк.

**Стратегија за човечки капитал на Република Северна Македонија 2024–2030 – Инвестирање во луѓето како најзначаен ресурс на државата**[10]

Целта на оваа Стратегија е да ѝ овозможи на РСМ да постигне побрз, поинклузивен и поодржлив раст и да им обезбеди на своите граѓани поголеми можности за подобар живот. Во фокус на Стратегијата се три клучни и меѓусебно поврзани подрачја - образованието, здравството и социјалната заштита. Во овие три подрачја, Стратегијата одредува четири стратешки столбови за посилен човечки капитал:

1) Подобрување на квалитетот на услугите

2) Посветување поголем фокус на правичната испорака и потребите на ранливите групи на население

3) Зголемување на нивоата на трошење и поефикасно трошење на средствата

4) Подобрување на капацитетот за отпорност на секторите на човечки капитал преку искуствата од КОВИД-19 пандемијата

[9] strategija_vrabotuvanje_2021_mkd.pdf
[10] portal.mdt.gov.mk/post-body-files/strateski-dokumenti-mon-file-RQcA.pdf

Во делот за образование, Стратегијата предвидува низа реформски приоритети, како што се:

- Подобрување на дигиталните вештини на наставниците
- Зајакнување на системот за обезбедување квалитет во високото образование
- Подобрување на кариерната ориентација за младите
- Одржување и зголемување на пристапот до образование
- Адресирање на хетерогени резултати во предучилишното образование
- Намалување на загубите од учење кај ранливите групи ученици и идентификување на учениците коишто се изложени на ризик од предвремено напуштање на образованието
- Подобрување на пристапот до високо образование за студентите од ранливи социоекономски групи
- Воведување нови формули за финансирање
- Подобрување на трошењето за високо образование и наука и истовремено зајакнување на механизмите за одговорност
- Подобрена отчетност кај општините и подобрено планирање и мониторинг на образовните политики од страна на МОН
- Спроведување на план за оптимизација на училиштата на нивоата на задолжително образование
- Подобрување на прогресивноста на платите на наставниците за подобрување на мотивацијата и перформансите
- Подобрување на управувањето низ целиот систем
- Подобрување на управувањето во рамки на образовните институции.

Преку своите цели, мерки и активности, Стратегијата за образование 2026-2032 ги интегрира сите овие приоритети.

**Предлог национална програма за високото образование со предлог мерки[11] и Предлог национална програма за научно истражувачка дејност со предлог мерки[12]**

Програмата за високо образование, подготвена од Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност во 2024 година, прави анализа на состојбата и предизвиците на високото образование во РСМ и предлага конкретни мерки за унапредување на системот, поврзани со правната рамка, наставниот кадар, акредитирањето и евалуацијата на високообразовните институции, меѓународната соработка, мобилност и афирмација, студентското организирање и студентскиот стандард, итн. Стратегијата за образование 2026-2032, во приоритетната област Високо образование, наука и иновации придонесува за остварување на мерките од Националната програма за високо образование.

Програмата за научно-истражувачка дејност, подготвена од Национален совет за наука и високо образование во 2024 година, дава прецизна слика за состојбата и клучните предизвици пред научно-истражувачкиот систем во Република Северна Македонија. Во неа се разгледуваат елементи како правната и институционалната

[11] Microsoft Word - 121082~1

[12] https://www.nacionalensovetzavoinid.com.mk/images/dokumenti/%D0%9F%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BB%D0%BE%D0%B3-%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0%20%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%9D.%D0%98.%D0%94..pdf

рамка за истражување, стапката и квалитетот на научните публикации и иновации, финансирањето и опслужувањето на истражувачките активности, кадровското обезбедување и професионализацијата на истражувачите, меѓународната соработка и мобилност, како и инфраструктурната и техничка опременост на истражувачките установи. Програмата предлага конкретни мерки за унапредување на системот — од зајакнување на врските помеѓу истражување и иновации, преку отворен пристап до резултати и податоци, до поттикнување на трансферот на знаење и комерцијализација. Воедно, таа е координирана со Стратегијата за образование 2026-2032, каде што во приоритетната област „Високо образование, истражување и наука“ се овозможува поддршка за имплементација на мерките иницирани од оваа програма, со цел зголемување на капацитетите за научно-истражувачка дејност и подобрување на влијанието на научно-истражувачките резултати врз општеството и економијата.

**Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026[13]**

Програмата се фокусира на подобрување на условите за живот и работа на локално ниво, преку овозможување поголема самостојност, одговорност и ефективност во управувањето на јавните услуги, вклучително и образованието.

Во контекст на образованието, оваа програма е значајна од следниве аспекти:

- **Унапредување на системот за финансирање** на училиштата и локалните образовни институции, така што општините ќе имаат поголема улога и средства за обезбедување квалитетна инфраструктура, наставни материјали и други ресурси.
- **Подобрување на квалитетот на наставата** преку поддршка на локалните училишта и наставници, вклучително и можности за професионален развој и иновации прилагодени на специфичните потреби на заедницата.
- **Обезбедување целосен опфат на ученици во основните училишта**, односно намалување на бројот на деца коишто не посетуваат основно образование, со фокус на вклучување на сите деца, вклучувајќи ги и оние од маргинализирани и ранливи групи.
- **Промовирање на локалната соработка и партнерства** меѓу општините, училиштата, родителите и другите чинители за создавање на кохезивна и поддржувачка образовна средина.

Оваа програма има за цел да создаде услови за поодржлив и ефективен развој на образованието на локално ниво, со што се обезбедува подобра рамнотежа и еднаквост во пристапот до квалитетно образование во целата држава. Во таа насока, Стратегијата за образование 2026-2032 става фокус на партнерството со локалните заедници во обезбедувањето квалитетно образование низ целата држава.

**Национална стратегија за правата на лицата со попреченост 2023–2030[14]**

[13] https://mls.gov.mk/images/files/POLRD_2021-2026_MK_so%20korekcii_Final.pdf
[14] Nacionalna strategija za pravata na licata so poprecenost.pdf

Целта на Стратегијата е да ги унапреди правата, социјалната вклученост и животниот квалитет на лицата со попреченост. Во контекст на образованието, Стратегијата посебно се фокусира на:

- **Инклузивно образование** — обезбедување еднаков пристап до квалитетно образование за сите деца, без разлика на видот и степенот на попреченост, со адаптирани програми, помошни средства и поддршка од стручниот кадар.
- **Компетенции на кадарот** — унапредување на знаењата и вештините на наставниците и стручните соработници за работа со деца и ученици со посебни образовни потреби.
- **Стандарди за инклузивно образование** — воспоставување и применување јасни стандарди и процедури за квалитетно и ефикасно спроведување на инклузивното образование.
- **Поддршка за ученици и родители** — обезбедување соодветна поддршка, советување и услуги коишто ќе им помогнат на учениците со попреченост и нивните семејства.
- **Проодност во средното образование** — овозможување непречен премин и успешен развој на учениците со попреченост од основното во средното образование, со соодветни мерки за поддршка и прилагодување.

Стратегијата за образование 2026-2032, во сите приоритетни области, става голем фокус на инклузијата и е комплетно усогласена со оваа Стратегија.

**Национална стратегија за млади 2023–2027**[15]

Националната стратегија за млади е стратешки документ со којшто се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите во РСМ. Стратегијата опфаќа осум приоритетни области:

1. Младинско учество
2. Младинско информирање
3. Младинска работа
4. Образование
5. Култура
6. Здравје
7. Претприемништво и поддршка пред вработување
8. Безбедност (насилство)

Во делот за образование, оваа стратегија се фокусира на квалитетот на образованието, еднаквиот пристап до образование, инфраструктурата за образување на младите, конкурентноста на пазарот на труд, образување во духот на толеранцијата, почитувањето и прифаќањето на различностите, како и вмрежување и соработка на

[15] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2025/nacionalna_strategija_mladi_23_27.pdf

младите во земјата и надвор од неа. Преку своите цели, мерки и активности, Стратегијата за образование 2026-2032 ги интегрира сите овие приоритети.

### Национална стратегија за ментално здравје за млади 2024–2026[16]

Оваа Стратегија ја поставува грижата за менталното здравје на младите како приоритет на национално ниво. Стратегијата се фокусира на создавање системски, координирани и одржливи решенија за детекција, превенција, рана интервенција и поддршка за млади лица со психо-социјални предизвици. Главната цел е да се подобри благосостојбата на младите преку унапредување на пристапот до услуги за ментално здравје, унапредување на психо-едукативните содржини во образовните институции, како и јакнење на капацитетите на професионалците кои работат со млади – наставници, психолози, педагози и здравствени работници.

Посебен акцент се става на рано препознавање на ментални и емоционални тешкотии, намалување на стигмата и предрасудите поврзани со менталното здравје, како и на создавање безбедна и поддржувачка средина во која младите ќе можат отворено да зборуваат за своите чувства и потреби. Стратегијата промовира интерсекторска соработка меѓу образовниот, здравствениот и социјалниот систем, како предуслов за сеопфатен и ефективен пристап кон менталното здравје на младите.

Стратегијата за образование 2026-2032 ја нагласува улогата на образовниот систем во грижата за менталното здравје на младите и предвидува активности во таа насока.

### Стратегија за образование на возрасните 2025–2030 – Трансформирање животи, градење иднина[17]

Стратегијата го става фокусот на проширување на учеството, модернизирање на испораката и создавање флексибилни програми водени од податоци коишто поддржуваат и индивидуален и национален напредок. Клучните приоритети вклучуваат:

- Проширување на учеството низ регионите
- Унапредување на усогласувањето на пазарот на трудот и релевантноста на вештините
- Спроведување на стандарди за квалитет и иновации во учењето
- Негување култура на доживотно учење
- Подобрување на институционалната ефикасност и соработка

Стратегијата за образование 2026-2032, во приоритетната област Образование на возрасни, се надградува на Стратегијата за образование на возрасни.

---

[16] https://nms.org.mk/wp-content/uploads/2024/01/%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%BE-%D0%B7%D0%B4%D1%80%D0%B0%D0%B2%D1%98%D0%B5-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8-2024-2026.pdf

[17] cov.gov.mk/wp-content/uploads/2025/06/2025-2030-.pdf

### Стратегија за паметна специјализација на Република Северна Македонија СЗ-МК 2024–2027[18]

Стратегијата се фокусира на поттикнување зелен и одржлив раст преку вклучување на знаење, иновации и технологија за создавање производи и услуги со висока додадена вредност, конкурентни на меѓународните и домашните пазари. Стратегијата овозможува паметен раст преку дефинирање на домени со висок приоритет коишто имаат најголем економски, иновативен и истражувачко-развоен капацитет за создавање нова додадена вредност, и тоа четири вертикални и два хоризонтални приоритетни домени. Вертикалните домени се:

- Паметно земјоделство и храна со повисока додадена вредност
- Информатички и комуникациски технологии
- Електро-машинска индустрија – Индустрија 4.0
- Одржливи материјали и паметни згради

Хоризонталните домени „Енергија за иднината“ и „Туризам“, имаат взаемна поврзаност со вертикалните домени и поседуваат потенцијали за вкрстена иновација.

Стратегијата дефинира микс на политики, мерки и активности поврзани со научна извонредност, иновациски екосистем, конкурентност и зазеленување на бизнисите, човечки капитал, дигитална трансформација, како и сеопфатна цел што обезбедува соодветна имплементација и континуиран дијалог на процесот на претприемничко откривање преку формирање тематски платформи за истражување и иновации.

Стратегијата за образование 2026-2032 ги зема предвид сите овие приоритети во областите поврзани со средно образование, образование на возрасни и високо образование.

### Стратегија за развој на ИКТ СМАРТ/МК2030[19]

Стратегијата се базира на четири основни столба, коишто ги вклучуваат дигиталната поврзливост и ИКТ инфраструктурата, развивање на дигиталните вештини кај граѓаните, развој на дигитална Влада, како и засилена поддршка за дигитализација на бизниси, ИКТ овозможувачи и поттикнување на дигитални иновации.

Поврзано со образованието, Стратегијата предвидува воспоставување национална образовна ИКТ инфраструктура за потребите на основното, средното и високото образование, зајакнување на дигиталните вештини на наставниците и учениците, ИКТ програми и едукативни курикулуми за учениците во основно, средно и високото образование, како и подобрување на далечинско образование. Во сите приоритетни области, Стратегијата за образование 2026-2032, ја нагласува дигитализацијата, дигиталната писменост и дигиталните вештини кај учениците и наставниот кадар, како важни сегменти на образованието.

[18] strateski-dokumenti-mon-file-7w4d.doc

[19] Стратегија за развој на ИКТ СМАРТ/МК 2030 ФИНАЛНА

**Стратегија за сајбер безбедност 2025 – 2028**[20]

Стратегијата вклучува посебна цел којашто се фокусира на заштита на децата и младите на интернет. Се предвидува развој на План за заштита на деца и млади на интернет, размена на информации и добри практики со други држави преку меѓународни иницијативи, промовирање на примена на меѓународните стандарди и рамки за заштита на деца на интернет во државата, подобрување на постојните закони за сајбер безбедност за да се вклучат специфични одредби за заштита на децата од онлајн злоупотреба, малтретирање и експлоатација, создавање алатки што ќе ги заштитат децата од штетна содржина, сајбер булинг и сексуална експлоатација, формирање центар посветен на заштита на децата на интернет. Стратегијата предвидува и зајакнување на националните капацитети за поддршка на децата, на младите, на родителите и на наставниците за побезбедно дигитално искуство, како и на обезбедување поддршка за жртвите на сајбер малтретирање и за ранливите групи. Во истата насока, Стратегијата за образование 2026-2032 ја препознава потребата од заштита на децата и предвидува активности за јакнење на капацитетите за превенција од сајбер булинг.

Во процесот на креирање на образовните политики и развој на Стратегијата за образование 2026–2032, се земени предвид и најрелевантните **меѓународни** документи, стратегии и препораки коишто ги поставуваат глобалните и европските приоритети во областа на образованието и обуката.

Во рамките на глобалниот документ на Обединетите нации – **United Nations – Sustainable Development Goals (SDGs), „Transforming our world: the 2030 Agenda for Sustainable Development“**[21], усвоен во 2015 година, утврдени се **17 Цели за одржлив развој (Sustainable Development Goals – SDGs)** коишто претставуваат заедничка визија за постигнување инклузивен, правичен и одржлив развој на глобално ниво. Овие цели ги опфаќаат економските, социјалните и еколошките аспекти на развојот, а нивната реализација претставува глобален приоритет до 2030 година.

Посебно значење во контекстот на образованието има **Цел 4: Квалитетно образование**[22], којашто има за цел да обезбеди **инклузивно и еднакво квалитетно образование и да промовира можности за учење во текот на целиот живот за сите**. Оваа цел опфаќа аспекти како пристап до предучилишно образование, основно и средно образование, квалитет на наставата, обуки за наставниот кадар, еднаков пристап за ранливи категории, како и промоција на глобалните граѓански вредности.

Оваа цел е особено релевантна и за Република Северна Македонија, бидејќи ги истакнува клучните предизвици и приоритети како што се подобрување на квалитетот на наставата, унапредување на инклузивноста и намалување на нееднаквоста во образованието, со што се овозможува долгорочен социјален и економски развој.

Во февруари 2021 година, Советот на Европската Унија ја усвои **Резолуцијата за стратешка рамка за европска соработка во образованието и обуката до 2030 година, Council Resolution on a strategic framework for European cooperation in education and**

[20] sodrzina_na_CCB_2025_2028_usoglasen_tekst.pdf

[21] United Nations. (2015). *Transforming our world: The 2030 Agenda for Sustainable Development*. United Nations. Retrieved from https://sdgs.un.org/2030agenda

[22] United Nations. (n.d.). *Goal 4: Ensure inclusive and equitable quality education and promote lifelong learning opportunities for all*. United Nations Sustainable Development Goals. Retrieved from https://sdgs.un.org/goals/goal4

**training towards the European Education Area and beyond (2021–2030)**[23], со цел да се унапреди и интегрира образовниот простор на Европа преку координирана политика и заеднички цели. Овој документ ја поставува визијата за развој на **Европската образовна област (European Education Area)** и ги дефинира насоките за постигнување квалитетно, инклузивно и иновативно образование за сите.

Резолуцијата утврдува **пет главни стратешки приоритети**:

1. Унапредување на квалитетот, еднаквоста, инклузивноста и успехот за сите во образованието и обуката;
2. Поддршка на доживотното учење и мобилноста за сите;
3. Јакнење на компетенциите и мотивацијата на наставниот кадар;
4. Развој на високото образование како двигател на иновации и општествен напредок;
5. Поддршка на зелената и дигиталната трансформација преку образованието и обуката.

Дополнително, рамката вклучува **седум таргети, преточени во екстерни индикатори за следење на напредокот до 2030 година**, коишто се однесуваат на: намалување на стапката на ниски резултати во основното образование, зголемување на учеството во предучилишно образование, намалување на напуштањето на училиштата, зголемување на учеството во доживотно учење и зајакнување на дигиталните вештини.

Овие индикатори претставуваат важна основа за мониторинг и проценка на напредокот на националните образовни политики и реформски процеси, обезбедувајќи јасни насоки за постигнување на квалитетно, инклузивно и ефективно образование и обука. Во таа насока, Стратегијата за образование 2026–2032 ги зема предвид овие таргети при дефинирањето на нејзините показатели.

Во мај 2019 година, министрите за образование на земјите-членки ја усвоија Резолуцијата за квалитетни системи за рано детско образование и грижа **Council Recommendation of 22 May 2019 on High-Quality Early Childhood Education and Care Systems**[24]. Овој документ има за цел да обезбеди заедничка европска визија за развој на **висококвалитетни системи за рано детско воспитание и згрижување (ПВОГ)**. Препораката ја вградува **Рамката за квалитет** којашто ги дефинира петте столба на квалитетна услуга во ПВОГ:

1. **Пристап** – обезбедување достапни, инклузивни и економски прифатливи детски градинки за сите деца.
2. **Квалификуван и професионален кадар** – застапеност на стручниот комитет, условите на работа и континуирано професионално усовршување.
3. **Квалитетен курикулум** – јасни насоки и програмски документи што гарантираат развојно соодветни практики.
4. **Следење и оценка** – примена на системи за следење и вреднување на квалитетот.

[23] Council of the European Union. (2021, February 18). *Council Resolution on a strategic framework for European cooperation in education and training towards the European Education Area and beyond (2021–2030)*. Official Journal of the European Union C 66, 1-21.

[24] Council of the European Union. (2019, May 22). *Council Recommendation on high-quality early childhood education and care systems, Official Journal of the European Union*.

5. **Ефикасно управување и финансирање** – транспарентна и одржлива структура на финансирање и управување.

Документот претставува стратешка основа за земјите-членки (и земјите кандидати) да ги унапредат политиките, стандардите и практиките за подобрување на раниот детски развој.

Education 2030: Incheon Declaration and Framework for Action for the Implementation of Sustainable Development Goal 4[25]. Декларацијата од Инчеон, усвоена на Светскиот образовен форум организиран во мај 2015 година во Инчеон (Република Кореја), го воспоставува новиот глобален консензус за образование кон 2030 година. Декларацијата од Инчеон и Рамката за акција (Education 2030) ги повикуваат земјите-членки на ООН да издвојуваат помеѓу **4–6% од БДП** и/или **15 до 20% од јавниот буџет за образование**, со цел да се обезбедат **одржливи и доволни инвестиции во развојот на човечкиот капитал**. Ова ниво на финансиски ангажман е препорачано како неопходно за поддршка на квалитетното, инклузивно и еднакво образование, што ќе овозможи исполнување на Целта 4 од Целите за одржлив развој (SDG 4).

Во контекст на овие препораки, податоците од 2023 година покажуваат дека Република Северна Македонија издвојува околу **9,5% од државниот буџет за образование, односно 4% од БДП[26]**. Оваа вредност е значително пониска од препорачаното ниво, што укажува на постоечка потреба за зголемување на буџетските средства во секторот образование. Зголемувањето на инвестициите е клучно за унапредување на инфраструктурата, подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес, обезбедување современи дидактички материјали и поддршка на професионалниот развој на кадарот.

На 8 ноември 2023 година, Европската комисија го усвои Планот за раст на Западен Балкан, **Growth Plan for the Western Balkans[27]**, којшто има за цел да ги приближи земјите од регионот кон Европската унија преку понуда на дел од придобивките на членството пред официјалната пристапна процедура. Реформската агенда и Планот за раст на Европската Унија за Западен Балкан истакнуваат неколку клучни приоритети коишто треба да се адресираат во образовниот сектор за да се постигне поефикасен и современ образовен систем. Меѓу нив, особено важни се:

1. **Оптимизација на мрежата на основни училишта** — Рационализирање на бројот и распоредот на училиштата со цел подобро искористување на ресурсите и обезбедување рамноправен пристап до образование.
2. **Развој на ефективна методологија за финансирање** — Во документите на ЕУ за реформите во образованието, акцентот е ставен на транспарентноста, правичноста и одржливоста на финансирањето, како и на системи кои ги поврзуваат ресурсите со реалните потреби и резултати во образованието.
3. **Унапредување на дигиталните вештини кај учениците и наставниците** — Ова е еден од главните приоритети на ЕУ во образованието, особено во контекст на

[25] UNESCO. (2016). *Education 2030: Incheon Declaration and Framework for Action for the implementation of SDG 4 – Ensure inclusive and equitable quality education and promote lifelong learning opportunities for all.* Retrieved from https://uis.unesco.org/sites/default/files/documents/education-2030-incheon-framework-for-action-implementation-of-sdg4-2016-en.pdf

[26] ESA-2024_North_Macedonia.pdf

[27] UNESCO (2024). *Republic of North Macedonia Education Sector Analysis* https://enlargement.ec.europa.eu/enlargement-policy/growth-plan-western-balkans_en?utm_source=chatgpt.com

дигиталната трансформација и подготовка на младите за современиот пазар на труд.

Декларацијата од Хернинг[28] за атрактивно и инклузивно образование и обука за возрасни за зголемена конкурентност и квалитет на работните места 2026-2030, е насочена кон унапредување на атрактивноста, инклузивноста и квалитетот на стручното образование и обука во Европа. Клучните приоритети вклучуваат:

- Продолжување на имплементацијата на претходните декларации и препораки (VET Recommendation 2020, Osnabrück Declaration).
- Одговор на новите предизвици: дигитална и зелена транзиција, демографски промени, вештини за вештачка интелигенција.
- Подобрување на атрактивноста и угледот на СОО (VET) во однос на општото и академското образование.
- Привлекување повеќе ученици и компании во критични области како МИНТ (Математика, Инженерство, Наука и Технологија), зелени и дигитални професии.
- Усогласување на СОО со потребите на пазарот на труд, преку партнерства и користење на податоци за вештини.
- Развој на основни и трансверзални вештини во почетното образование, вклучувајќи граѓанство, претприемништво и одржливост.
- Промоција на инклузивност и родова еднаквост во СОО.
- Зголемување на учеството на возрасни, особено ниско квалификувани, во обуки за нови вештини.
- Решавање на недостигот на наставници и обучувачи, преку подобрување на условите и професионалниот развој.
- Грижа за физичкото и менталното здравје на учениците и наставниците.
- Проширување на моделот на Центри за стручно извонредност (CoVEs).
- Развој на високо стручно образование (EQF нивоа 5–8).
- Промоција на мобилноста на ученици, наставници и обучувачи.
- Одговорна употреба на вештачка интелигенција и нови технологии во СОО.
- Обезбедување одржливи инвестиции во почетно и континуирано стручно образование.

Со адресирање на овие приоритети, земјите во регионот вклучувајќи ја и нашата земја ќе можат да развијат квалитетен, инклузивен и конкурентен образовен систем.

Стратегијата ги зема предвид и **стандардите и насоките на Советот на Европа** за образование за демократска култура, човекови права и интеркултурност, стандардите за недискриминација и еднаков пристап утврдени во Европската конвенција за човекови права и судската пракса на Европскиот суд за човекови права, како и Повелбата за образование за демократско граѓанство и образование за човекови

[28] herning-declaration-2025-english.pdf

права[29], операционализирани преку Референтната рамката на компетенции за демократска култура[30]. Референтната рамка е наменета за наставниците од сите степени на образованието, од предучилишно образование до основно, средно и високо образование, вклучувајќи ги и образованието за возрасни и стручното образование. Рамката нуди систематски пристап на планирање на наставата, учење и оценување на компетенциите за демократска култура и нивно воведување во образовните системи на начини што се кохерентни, сеопфатни и транспарентни за сите засегнати страни.

## 1.4 Методолошки пристап во подготвувањето на Стратегијата

Стратегијата за образование е подготвена низ широк партиципативен процес, под лидерство на Министерството за образование и наука, и поддршка од релевантни меѓународни организации, и тоа:

- Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ): Координација на процесот на подготовка на Стратегијата; национални работилници со засегнати страни; методолошка координација
- УНИЦЕФ, со експертска поддршка на Филозофскиот факултет – Скопје: Предучилишно воспитание и образование; основно образование
- УНДП: Гимназиско и уметничко образование; стручно образование и обука; постсредно образование и обука, образование за возрасни
- Светска банка: Високо образование и наука, постсредно образование и обука
- СДЦ: Конзистентност и стратешко усогласување на содржините подготвени во секоја тематска област
- ЕТФ: Усогласеност со стандардите на ЕУ

Процесот на подготовка на Стратегијата опфати **5 622** претставници на клучни национални институции, организации и засегнати страни, вклучувајќи: ученици, студенти и наставници, нивни организации, родители, академска заедница, сите релевантни министерства, агенции и институции, Владата на РСМ, деловен сектор, граѓански организации, вклучително младински организации и здруженија на лица со попреченост, како и меѓународни развојни организации.

Стратегијата беше подготвена со следење на „Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии", како и "Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии", и двете подготвени од Генералниот секретаријат на Владата на РСМ. Генералниот секретаријат беше активно вклучен со свои стручни коментари и сугестии во насока на обезбедување методолошка усогласеност, квалитет на процесот на планирање и конзистентност со утврдените стандарди за изработка и следење на јавни политики. Дополнително, за воедначен пристап помеѓу вклучените организации, ГИЗ подготви и „Методолошки насоки за работата по приоритетни области во подготовката на Стратегијата за образование 2026-2032", коишто дадоа насоки новата Стратегија да

[29] Повелба на Советот на Европа за образование за демократско граѓанство и образование за човекови права - Manual for Human Rights Education with Young people
[30] Референтна Рамка На Компетенции За Демократска Култура - Education

биде паметна стратегија, којашто ќе предвиди системски, стратешки, иновативни мерки и активности коишто ќе го унапредат образованието и ќе доведат до квалитативни промени за сите целни групи.

Клучните аспекти на Стратегијата: нацртот на анализата на состојбата, визијата, општите и посебни цели за секоја приоритетна област беа утврдени на првата национална работилница со засегнати страни, која што вклучи 100 учесници. По таа работилница, во секоја од приоритетните области, под водство на меѓународните развојни организации, Стратегијата се разработуваше во длабочина, со вклучување на сите засегнати страни за секоја од областите и дефинирање на мерките, активностите и сите останати елементи на Стратегијата, коишто ги пропишува Упатството. За секоја приоритетна област беше направена мапа на засегнати страни, врз основа на којашто се подготви соодветен методолошки пристап за нивно вклучување, имајќи ги предвид нивните карактеристики. Вклучувањето на засегнатите страни се одвиваше преку работилници, состаноци, фокус групи, прашалници, интервјуа и експертски совети.

Во процесот на изработка на Стратегијата, за сите приоритетни области беше консултиран и Консултативниот младински одбор при Обединетите Нации.

За изработка на Стратегијата, Министерството за образование и наука формираше формална работна група, составена од претставници на: Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Бирото за развој на образованието, Државен просветен инспекторат, Државниот испитен центар, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, Педагошка служба, Центар за развој на стручно образование и обука, Центар за образование на возрасните, Министерство за економија и труд, Министерство за култура и туризам, Агенција за вработување, Министерство за финансии, Министерство за дигитална трансформација, Министерство за здравство, Министерство за спорт, Влада, ЗЕЛС, Народен правобранител, НВО, СОНК, ОРМ, Занаетчиска комора, ЦУП, Стопанска комора, Сојуз на стопански комори, ГИЗ, УНИЦЕФ, УНДП, Светска банка, ЕТФ и Хелветас.

За подготовка на Стратегијата беше формирана и експертска работна група, составени од експерти од меѓународните организации, со улога да го координира процесот на подготовка на Стратегијата, како и да обезбеди кохерентност низ различните приоритетни области.

## 1.5 Опис на процесот на вклучување на засегнатите страни во подготвувањето на Стратегијата

Процесот на изработка на Стратегијата траеше од март до декември 2025 година. Методологијата за подготовка на стратегијата ги вклучи следните чекори:

- На иницијатива на Министерството за образование и наука, на 51та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18ти февруари 2025 година, беше усвоена информација за потребата од изработка на нова Стратегија за образование, за периодот 2026-2032 година.
- Во периодот март-април 2025 година беше договорено учеството и улогата на меѓународните развојни организации во изработката на Стратегијата.

- Во мај беше организирана Работилница за работната група за подготовка на Стратегијата за образование.
- Во јуни беше организирана Првата национална работилница со засегнатите страни за подготовка на Стратегијата, со 100 учесници, каде што беше направена анализа на состојбата, и беа развиени нацрт верзии на визијата, општите и посебните цели за секоја приоритетна област.
- Во периодот јуни-септември 2025 година, беа одржани тематски/консултативни работилници со засегнати страни, за разработка на приоритетните области во Стратегијата. Дополнително, за да се прошири опфатот на консултирани страни, повратни информации беа собирани и преку прашалници и пишани сугестии.
- Во септември беше развиена првата нацрт верзија на Стратегијата, којашто беше споделена со ЕТФ.
- На 2 октомври беше организирана работилница со ЕТФ и националните институции, на којашто беа добиени првите коментари на Стратегијата.
- На 14 октомври беше организиран координативен состанок со донаторите, на којшто тие се запознаа со Стратегијата и придонесоа за нејзино унапредување.
- На 6 ноември беше организирана Втората национална работилница со засегнатите страни за подготовка на Стратегијата, со 70 учесници, каде што беше презентирана и дискутирана нацрт-стратегијата, а учесниците придонесоа со дополнувања на мерките и активностите за секоја приоритетна област. По работилницата, следеа индивидуални консултации со работната група и релевантни организации и институции коишто доставија свои предлози.
- На 24 ноември беше организирана финална, верификациска национална работилница со засегнатите страни.
- Во периодот ноември – декември 2025 година, Стратегијата беше објавена на ЕНЕР системот за консултации со пошироката јавност при што беа доставени коментари кои беа соодветно разгледани од страна на експертската група.

Врз основа на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година, којашто се темели на два столба-образование и здравство, и којашто предвидува подготовка на *„национална образовна стратегија, донесена со општ консензус, која ќе ги вклучи сите чинители во образовниот и научниот процес и ќе има за цел да го подобри квалитетот на образованието во државата"*, како и Информацијата за подготовка на нова Стратегија, Министерството за образование и наука е носител на Стратегијата за образование 2026-2032. Министерството ја водеше подготовката на Стратегијата низ транспарентен, инклузивен и партиципативен процес со сите релевантни национални чинители и меѓународни партнери.

ГИЗ, УНИЦЕФ, УНДП, Светската банка, СДЦ и ЕТФ, имаа клучна улога во сите фази на подготовка на Стратегијата, преку обезбедување експертиза и овозможување широк консултативен процес. Дополнително, преку оваа соработка се овозможи интегрирање на знаењата од минатите активности во анализата на состојбата, како и усогласување на Стратегијата со тековни и идните проектни активности на меѓународните развојни организации.

Учениците и студентите, нивните организации, како и академската заедница, се сржта на образованието и науката. Нивниот придонес беше од непроценливо значење, за да се документираат и анализираат предностите и недостатоците на образовниот систем, но и да се утврдат насоките коишто ќе го унапредат системот.

Граѓанските организации, преку своето искуство во работата со деца и млади, но и во неформалното образование на деца, млади и доживотното учење, имаа важна улога во процесот, не само како критика на нефункционалностите на системот, туку и како важен ресурс за планирање напредни, иновативни и партиципативни мерки и активности.

Деловниот сектор ја даде нишката којашто оваа Стратегија ја има како директен придонес кон Националната развојна стратегија – зајакнување на конкурентноста на економијата преку усовршување на вештините и знаењето на граѓаните. Во таа насока, деловниот сектор даде конструктивни насоки за унапредување на образованието преку одговор на барањата на пазарот, зголемена интеракција со деловниот сектор и практично образование.

Сите релевантни министерства, агенции и институции, како и Владата на РСМ, секој низ својата надлежност и експертиза, дадоа огромен придонес во развојот на Стратегијата. Нивната институционална меморија, но и желбата за подобрување, беа двигатели во изработката на Стратегијата.

# 2. Анализа на состојбата

## 2.1 Анализа на актуелната состојба во областа и други сродни области на политиките

Според Пописот од 2021 година, во нашата земја живеат 1 836 713 лица, од кои 372 558 се на возраст од 0–17 години, односно 20,3% од населението. Населението под 14 години сочинува 16,9%, што е слично со трендовите во развиените земји коишто се соочуваат со стареење на населението и намалување на уделот на младата популација.

Овие демографски показатели укажуваат на постепено намалување на генерациите што влегуваат во образовниот систем, што претставува сериозен предизвик за планирањето на мрежата на образовни институции, кадровските ресурси и обезбедувањето квалитетно образование за сите деца.

Од вкупниот број деца, 51,6% се машки, а 48,4% женски. Регионалната распределба покажува дека детската популација е најзастапена во Полошкиот и Скопскиот регион, а најниска во Источниот регион. Ова создава регионални разлики во потребите за капацитети во предучилишното и основното образование, коишто мора да се земат предвид во развојот на Стратегијата.

| По региони (0-17 години): % од популација во регион | |
|---|---|
| Вардарски | 18,7 % |
| Источен | 16,7 % |
| Југозападен | 19,4 % |
| Југоисточен | 18,8 % |
| Пелагониски | 18,1 % |
| Полошки | 22,3 % |
| Североисточен | 20,6 % |
| Скопски | 22,0 % |

Табела бр. 1. Удел на населението на возраст 0-17 години во вкупното резидентно население, според регион[31]

Демографските движења јасно укажуваат дека идниот развој на образованието мора да се темели на правичност, инклузивност и квалитет.

## 2.2 Анализа на опкружувањето и анализа на засегнатите страни

### СВОТ анализа

| Силни страни | Слаби страни |
|---|---|
| Развиена законска рамка, усогласена со европските стандарди.<br><br>Постоечка мрежа на јавни и приватни предучилишни установи во урбани средини.<br><br>Подготвен и високообразован воспитно-образовен кадар во предучилишните установи.<br><br>Сè поголема ориентација кон игра, интегрирано учење и целосен развој на детето.<br><br>Бесплатно и задолжително основно образование.<br><br>Висок степен на запишување и завршување на основно образование. | Слаби капацитети институциите коишто се одговорни за унапредување, развој, поддршка, следење и евалуација на образованието (БРО, ЦСОО, итн.)<br><br>Низок вкупен опфат на деца во предучилишните установи, особено во рурални средини и кај ранливи групи (Роми, сиромашни семејства).<br><br>Недоволен број градинки и ограничени просторни капацитети – недостиг на места во урбаните центри.<br><br>Ниска покриеност со услуги за деца од 0 до 3 години во предучилишното воспитание и образование.<br><br>Недостаток на воспитувачи и стручни соработници во градинките, особено во некои региони. |

[31] file:///C:/Users/Acer_Aspire_5/Downloads/ECEC_Curriculum_factsheet_0%20(1).pdf

| | |
|---|---|
| Густо распоредени основни училишта, коишто обезбедуваат физички пристап и во помалите населени места.<br><br>Голем број наставници со соодветно образование во основното образование.<br><br>Започнат процес на воведување дигитализација во основното образование.<br><br>Бесплатни учебници и организиран превоз за дел од учениците, како и училишни оброци во рамките на пилот-програми.<br><br>Ниска стапка на напуштање на училиштето.<br><br>Високи почетни плати за наставниците.<br><br>Започнати реформи во наставната програма и обука на наставници.<br><br>Подобрена инклузивност.<br><br>Националната рамка на квалификации е синхронизирана со Европската рамка на квалификации.<br><br>Раст на уписи во СОО и проширување на опфатените ученици со дуално образование.<br><br>Нова Концепција за стручно образование.<br><br>Концепција за стручно образование за занимања.<br>Концепција за пост-средно образование<br><br>Зголемена свест за важноста на доживотното учење.<br><br>Активни институции и центри за обука во урбани средини.<br><br>Систем за кариерно напредување на кадарот.<br><br>Подобрена законска регулатива за основно и средно образование.<br><br>Национална стратегија за образование на возрасни (2025–2030). | Ограничени ресурси за континуиран професионален развој на кадарот.<br><br>Недоволна примена на современи иновативни пристапи (дигитализација, нови методологии).<br><br>Недоволна соработка меѓу институциите, родителите и заедницата.<br><br>Финансиска зависност на системот од државниот буџет, со ограничени локални ресурси.<br><br>Недоволна системска поддршка за целосна инклузија на деца со посебни образовни потреби (асистенти, адаптирани програми, пристапност на простории).<br><br>Слаби постигнувања на меѓународни тестирања (PISA, TIMSS).<br><br>Големи разлики во квалитетот на наставата меѓу урбани и рурални средини.<br><br>Недостаток на наставници по одредени предмети (математика, природни науки, ИКТ); недоволен систем на професионален развој и мотивација.<br><br>Стареење на училиштата, недоволна опременост со современи наставни средства, дигитална нерамномерност.<br><br>Сè уште доминира традиционален, репродуктивен модел на учење со малку креативност и практични вештини.<br><br>И покрај напредокот, многу училишта немаат целосно услови за деца со посебни образовни потреби.<br><br>Намален број ученици поради миграција и ниска наталитетна стапка.<br><br>Сè уште ограничена и често формална соработка со родителите.<br><br>Ограничени ресурси за модернизација, одржување и иновации.<br><br>Чести промени на реформи без доволна подготовка и пилотирање.<br><br>Слаба поддршка на талентирани ученици.<br><br>Недостаток на учебници и дигитални ресурси. |

| | |
|---|---|
| | Неефикасно користење на ресурсите.<br><br>Политички мотивирано вработување на наставници.<br><br>Ограничени лидерски капацитети на училиштата.<br><br>Недоволно развиен систем за кариерно советување.<br><br>Недостаток на интегриран систем за податоци и следење на исходи (EMISVET е во развој).<br><br>Недоволни капацитети на наставници и ментори за дигитални и зелени вештини.<br><br>Ниска мотивација и информираност кај возрасните.<br><br>Недостаток на обучен кадар за работа со возрасни.<br><br>Бавно менување на наставните и студиските програми, наспроти брзите промени на пазарот на труд.<br><br>Недостаток на систематско интегрирање на иновативни наставни пристапи.<br><br>Мали инвестиции во науката и истражувањето.<br><br>Слаб иновациски капацитет.<br><br>Недоволно алоцирање финансиски средства за образованието и науката.<br><br>Неефикасно користење на ресурси.<br><br>Политички мотивирано вработување на наставници.<br><br>Недоволна достапност на програми за доживотно учење во рурални и маргинализирани заедници.<br><br>Недостаток на обучен кадар за работа со возрасни.<br><br>Слаба координација меѓу институциите.<br><br>Недостатокот на интегриран национален систем на податоци, евиденција и евалуација.<br><br>Немање систем за поддршка и зголемување на вклученоста на бизнис секторот. |
| **Можности** | **Закани** |
| Поддршка од меѓународни партнери (ЕУ, УНЕСКО, Светска банка, билатерални донатори).<br><br>Растечка свесност кај родителите за значењето на предучилишното образование. | Демографски пад и емиграција – намалување на бројот на ученици.<br><br>Недоволна координација меѓу институциите, особено на локално ниво. |

| | |
|---|---|
| Интеграција на дигитални и зелени вештини.<br><br>Поврзување со пазарот на труд преку дуално образование и учење преку работа.<br><br>Вклучување на приватниот сектор во преквалификација и обука.<br><br>Воведување микропотврди и индивидуални сметки за учење. | Ниска мотивација кај учениците и недоверба во образовниот систем.<br><br>Ниска мотивација и информираност кај возрасните за доживотно учење.<br><br>Недоволна отчетност и транспарентност во управувањето со образовните институции.<br><br>Недоволна политичка волја и долгорочна финансиска одржливост.<br><br>Социјални и економски бариери кај ранливите групи.<br><br>Недоверба во неформалното образование и неговата валоризација.<br><br>Ниско ниво на децентрализација и мало учество на локалната самоуправа во обезбедување сопствени ресурси за образовните институции. |

## 2.3 Резултати од спроведувањето на претходна стратегија и поврзани стратегии

Стратегијата за образованието на Република Македонија за 2018-2025 година и нејзиниот Акциски план[32], беа изработени со финансиска и техничка поддршка од страна на Европската унија, преку процес на консултации и учество. Стратегијата опфаќа шест главни столбови на образовниот систем: предучилишно образование; основно образование; средно образование; стручно образование и обука; високо образование и истражување; и учење и образование на возрасни. Потоа следи и седмиот столб каде што се опфатени општи теми во образовниот систем.

Министерството за образование и наука подготвува годишни извештаи за спроведувањето на Акцискиот план на Стратегијата за образование 2018-2025, коишто содржат резиме на постигнатите резултати за годината, како и преглед на постигнати резултати/индикатори во однос на посебните цели, предизвици и ризици во текот на спроведувањето на акцискиот план. Анализата на овие извештаи покажува дека значаен дел од предвидените мерки и активности се спроведени или започнати. Дел од нив вклучуваат:

- Проширување на мрежата на детски градинки
- Обезбедување неопходни физички услови во детските градинки
- Развивање професионални компетенции за воспитувачи во детските градинки
- Обезбедување дидактички материјали во детските градинки

[32] strategija-za-obrazovanieto-2018-2025.docx

- Развиен систем за професионален и кариерен развој на стручните профили во детските градинки
- Ревидирање на системот за лиценцирање на стручните профили во предучилишното воспитание, образование и грижа
- Воведување национални стандарди за основно образование
- Нови наставни планови и програми согласно националните стандарди за основно образование
- Намален број предмети, зголемено време за престој на учениците во основното образование
- Систем за напредување во кариера во основното образование
- Нови закони и законски измени (Закон за основно образование, Закон за средно образование, Закон за образование на возрасни, Закон за учебници во основното и средното образование, Закон за национална рамка на квалификации, Закон за стручно образование и обука)
- Низа реформи (Реформа на стручното образование, Концепција за средно образование, Национална програма за високо образование, Национална програма за научно-истражувачка дејност, Национални стандарди за основно образование, Национални стандарди за интеркултурно образование)
- Подобрување на инфраструктурата, опремата и дидактичките материјали (Програма за изградба и реконструкција на средни училишта)
- Подобрување на условите во студентските домови
- Нови наставни програми (средно стручно четиригодишно образование)
- Програма за обуки за стручно усовршување на наставниците
- Програма за обуки за стручно усовршување на стручните соработници
- Унапредена дигитализација (опремување на училишта со информатичка технологија и мрежна инфраструктура, ЕМИС образовен информационен систем, алатка за онлајн настава, дигитални, интерактивни учебници)
- Подобрување на инклузивноста (преку ангажирање образовни асистенти за ученици со попреченост во основното и средното образование, обуки за инклузивно образование, ангажирање ромски образовни медијатори, обезбедување додаток за образование за семејства со ниски приходи)
- Програма за кариерно советување во основното и средното образование
- Насоки за унапредување на наставата и подобрување на резултатите на учениците во согласност со меѓународните стандарди за тестирање
- Програми за награди и стипендирање (финансиска поддршка за учество на олимпијади и меѓународни натпревари, парични награди за освоени резултати на олимпијади и меѓународни натпревари, стипендии за стручно образование)
- Формирани регионални центри за  стручно образование и обука
- Усвоени 376 стандарди на занимања и 110 стандарди на квалификации коишто ги исполнуваат потребите на пазарот на трудот
- Социјален дијалог со компаниите и бизнис заедницата
- Реформа на системот на финансирање на образованието на сите нивоа

Сепак, од извештаите може да се забележи дека се доцни со спроведувањето на дел од предвидените мерки и активности. Дополнително, евидентно е  дека не постои

темелно, систематско следење и анализа за степенот на остварување на целите на Стратегијата за образование 2018-2025.

Анализата на образовниот сектор во Република Северна Македонија за 2024 година[33], спроведена од УНЕСКО со поддршка од Европската Унија, посочува дека во изминатата деценија се направени значајни чекори во образованието во РСМ, а Стратегијата за образование 2018–2025 е конзистентна со стратешките цели на стратешката рамка за европска соработка во образованието и обуката (2021-2030). Сепак, Анализата нагласува дека спроведувањето на стратегијата има два клучни предизвици. Прво, бавниот процес на носење нови закони коишто го поддржуваат спроведувањето на Стратегијата и второ, слабата операционализација на Стратегијата, главно поради недостатокот на силна рамка за следење и евалуација, како и „шампиони" во редовите на администрацијата. На ефективното спроведување на која било стратегија или реформа мора да му претходи политички консензус за правецот во кој ќе се движи образовниот систем.

Во таа насока, препораките за новата Стратегија за образование се: пропишување показатели за успешност и рамка на следење и евалуација, зајакнување на механизмите за консултации, зголемување на ангажманот на администрацијата, годишно следење на напредокот, транспарентност и отчетност, операционализација на спроведувањето, политичка поддршка и подобрување на капацитетите за стратешко планирање на МОН.

## 2.4 Проблеми и предизвици

### Предучилишно воспитание и образование

**Опфатот на деца во предучилишното воспитание и образование е недоволен.** Анализата на состојбата во предучилишното воспитание и образование, според *North Macedonia Report 2024*[34], покажува значителен јаз помеѓу актуелниот опфат (48% за деца од 3-5 години[35]) и европската цел од 96%[36]. И покрај зголемувањето на капацитетите за 1 072 места, недоволниот опфат и нерамномерната застапеност, особено кај деца од ранливи групи и различни региони, остануваат клучни предизвици за системот. Во текот на изминатата година е забележан пораст од 4% во вкупниот број запишани деца на возраст од 3 до 6години, што укажува на постепено зголемување на информираноста и интересот кај родителите за значењето на раниот детски развој и важноста на институционалната грижа. Сепак, за ефикасно планирање и насочување на политиките, потребно е воспоставување на точна и ажурирана национална бројка за вкупниот број деца по возрасни групи, што ќе овозможи реална проценка на опфатот и ќе помогне во дефинирање на приоритети и таргетирани мерки за зголемување на пристапноста до предучилишните услуги. За да се одговори на зголемениот интерес и да се надмине

[33] ESA-2024_North_Macedonia.pdf
[34] North Macedonia Report 2024.pdf
[35] Административни податоци пресметани врз основа на податоци од Државен завод за статистика, Установи за згрижување и воспитание на деца – детски градинки/центри за ран детски развој во 2024 година (30.09.2024) и Проценка на населението (30.06.2024)
[36] European Commission (2024). 2024 Enlargement Package: Key Findings on North Macedonia related to the Knowledge Economy

јазот во однос на европската цел, потребни се мерки за подобрување на пристапот до предучилишно воспитание и образование.

**Постои потреба од воведување на една година задолжително предучилишно воспитание и образование за сите деца во годината пред тргнување на училиште.** Оваа мерка би обезбедила универзален пристап до структурирана, квалитетна и стандардизирана програма која ќе ја гарантира подготвеноста на секое дете за започнување на основното образование. Според податоците добиени од мерењата преку националната алатка за квалитет во предучилишното воспитание и образование – МЕЛКО (2024) MELQO[37] (Measuring Early Learning Quality and Outcomes), дури 70% од децата на возраст од 3 до 6 години се проценети како неподготвени за тргнување на училиште, што укажува на сериозни развојни и образовни нееднаквости уште во најрана возраст. Недоволната подготвеност се поврзува со ограничен пристап до стимулирачка средина, нерамномерно ниво на квалитет меѓу установите, како и недоволна поддршка на родителите во раниот детски развој. Воведувањето на задолжителна предучилишна година ќе придонесе за подобрување на подготвеноста за училиште, намалување на развојните нееднаквости меѓу децата од различни социјални, културни и економски средини, подобрување на континуитетот меѓу предучилишното и основното образование и зголемување на опфатот на деца во предучилишните установи, особено на оние од ранливи групи. Овие податоци и согледувања ја потврдуваат потребата од законско регулирање и институционална поддршка на воведувањето на една година задолжително предучилишно воспитание и образование, како клучна мерка за обезбедување еднаков почеток и подобра подготвеност за основно образование на сите деца.

**Услугите за ран детски развој не се достапни за сите деца.** Според податоците на Светска банка од 2025 година, постои мал опфат на деца од семејствата со гарантирана минимална помош – само 5,65%. Во 2023 година, 23,3% од децата под 3 години биле вклучени во предучилишно образование[38], што е речиси двапати помалку од целта на ЕУ за 2030 (45% за деца под 3 годишна возраст) [39]. Од 3 години до пред поаѓање во училиште (5 години и 8 месеци), 48% од децата посетувале програма за предучилишно образование што е, исто така, двапати помалку од целта поставена за ЕУ 2030 којашто изнесува 96%. Податоците укажуваат и на тоа дека висок процент од децата се во ризик од сиромаштија или социјална исклученост (36,3% под 3 години; 27,4% над 3 години)[40], заради што се потребни системски мерки за подобрување на достапноста на услугите за ран детски развој, со цел да се обезбедат еднакви можности за сите деца, без оглед на социјалната и економската состојба на нивните семејства.

Во таа насока, Препораката на Европската Унија за воспоставување „Европска гаранција за деца“ претставува корисна алатка за застапување ефикасен и бесплатен

---

[37] МЕЛКО методологијата претставува сеопфатна проценка на образованието во раното детство во нашата земја, заснована на пилот истражување спроведено во 2022 година. Фокусирана на деца на возраст од 3 до 6 години, студијата ја анализира нивната развојна состојба, подготвеноста за училиште, како и искуствата со учење во градинка и во домашна средина. Истражувањето ги идентификува силните страни и предизвиците во системот, со посебен акцент на еднаквоста и инклузијата. Се испитува дали децата од различни социо-економски и етнички позадини имаат еднаков пристап до квалитетно образование. Анализата го опфаќа квалитетот на образовните средини, компетенциите на воспитувачите и секојдневните искуства на децата.

[38] Административен податок пресметан врз основа на податоци од Државен завод за статистика, Установи за згрижување и воспитание на деца – детски градинки/центри за ран детски развој во 2023 година (30.09.2023) и Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021, Ажурирано (20.06.2024) https://www.stat.gov.mk/pdf/2024/2.1.24.22_mk.pdf

[39] Council Recommendations on early childhood educaiton and care: Barcelona targets for 2030 https://data.consilium.europa.eu/doc/document/ST-14785-2022-INIT/en/pdf

[40] Eurostat, https://doi.org/10.2908/ILC_CAINDFORM25

пристап до предучилишно и основно образование. Согласно анализите[41], ефективниот пристап до предучилишно образование сè уште не е загарантиран за сите деца во РСМ.

Во извештајот на УНИЦЕФ од 2025 „Гарантирање на фер шанса за секое дете: Анализа и препораки за спроведување на Европската гаранција за деца во Република Северна Македонија", се нотира дека вклученоста на децата со попреченост во предучилишните установи останува ограничена. Според податоците од извештајот, во 2024 година, 71,5% од градинките пријавиле дека згрижуваат деца со попреченост, што е речиси идентично со стапката од 2018 година (68%). Вкупниот број на деца со попреченост изнесува 649, односно само 1,9% од вкупниот број на деца во градинките – далеку под меѓународниот просек, според кој околу 4% од децата на возраст од 0 до 4 години имаат некаква форма на попреченост. Најчесто се застапени комбинираните попречености, аутистичниот спектар и интелектуалните попречености, при што девојчињата се помалку застапени, што укажува на можна родова неусогласеност.

Главните предизвици за инклузија на овие деца се несоодветната инфраструктура, недостигот од прилагодени дидактички материјали, како и ограничената подготвеност на кадарот. Само една третина од градинките имаат обучен кадар за работа со деца со попреченост, а помалку од половина располагаат со специјален едукатор. Позитивен пример на долгорочен пристап претставува донаторскиот проект „Вклучување на деца од ромска националност во јавни предучилишни установи", кој од 2006 година обезбедува континуирана поддршка на над 6.400 деца Роми на возраст од 3 до 6 години[42], овозможувајќи бесплатен пристап до предучилишно образование и унапредувајќи ја инклузивноста и еднаквоста во секторот.

**Постои потреба од креирање нова и современа програма за рано учење и развој, стандарди за рано учење и развој и педагошка документација.** Квалитетот на предучилишното образование не зависи само од достапноста и инфраструктурата, туку и од процесите што се одвиваат во самите установи и од професионалната подготвеност на воспитно-образовниот кадар. Иако постојат национални стандарди за рано учење и развој на децата, тие не се ревидирани повеќе од една деценија и не ги одразуваат современите пристапи засновани на компетенции, инклузија и индивидуализирано учење. Истражувањата на УНИЦЕФ (2023) и мерењата преку националната алатка за квалитет МЕЛКО (2024) укажуваат дека најголемите предизвици се однесуваат на квалитетот на интеракцијата меѓу воспитувачите и децата, примената на развојно соодветни практики и недоволната поддршка за индивидуалните потреби на секое дете. Овие наоди ја потврдуваат потребата од системски пристап кон унапредување на процесниот квалитет и професионалните компетенции во ПВО. Во наредниот период ќе се ревидираат и усвојат современи национални стандарди за рано учење и развој за децата од 0 до 6 години, коишто ќе послужат како темел за планирање, следење и процена на напредокот на секое дете. Паралелно со тоа ќе се развие нова национална програма за рано учење, заснована на резултати од учење и принципи на инклузија, еднаквост и игра како главен метод на учење. Програмата ќе биде придружена со водичи и ресурси за воспитувачи и стручни соработници и ќе овозможи современ, развојно соодветен пристап којшто ги поддржува моторичкиот, когнитивниот,

[41] Gerovska Mitev, M. (2023) Access for children in need to the key services covered by the European Child Guarantee – North Macedonia. European Social Policy Analysis Network, Brussels: European Commission.
[42] Roma Education Fund (2022) "Inclusion of Roma Children in Public Preschool Institutions"

емоционалниот и социјалниот развој на децата. Во функција на новите стандарди и програма, ќе се ревидира и педагошката евиденција и документација, со цел да се поедностави, дигитализира и насочи кон реално следење на развојот на детето, а не кон административна отчетност. Со новиот Правилник за педагошка евиденција ќе се воведат пофункционални обрасци како „Дневник за работа на воспитната група“ и „Досие на детето“, коишто ќе овозможат интегриран преглед на развојот, учењето и учеството на секое дете.

**Постои потреба од системска поставеност на професионалниот и кариерниот развој на стручните профили во детските градинки, како и редефинирање на системот за лиценцирање и обнова на лиценца.** Во таа насока се воспоставува нов систем за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар, вклучувајќи нов модел за лиценцирање и обнова на лиценца, којшто овозможува следење на квалитетот и континуирано усовршување на стручните профили[43]. Паралелно, се забележува зголемување на бројот на воспитувачи, негуватели, стручни работници и стручни соработници коишто се вклучени во програми за континуиран професионален развој, поддржани од меѓународни партнери и проектни активности[44]. Во тек се предлог-измени на Законот за заштита на деца, коишто имаат за цел унапредување на квалитетот на услугите во предучилишното воспитание и образование и подобра усогласеност со европските практики. Сепак, овие процеси бараат системска поддршка и конкретни активности коишто ќе обезбедат нивна целисходна и ефикасна имплементација. Професионалниот развој на воспитувачите, стручните работници и стручните соработници е еден од клучните предуслови за квалитетно предучилишно образование. Иако е воспоставен процес за лиценцирање на кадарот, тој сè уште функционира изолирано, без целосна поврзаност со системот за напредување во кариерата. Потребно е овие компоненти да се интегрираат во единствен, функционален систем што ќе обезбеди целосен циклус – од иницијално добивање лиценца, преку континуирана надградба на компетенции, до унапредување и признание за квалитетот на работата. Таквиот систем се темели на професионални стандарди и профили на работни места коишто ги дефинираат очекувањата за секоја улога и поттикнуваат професионалната мобилност и мотивација. Паралелно, потребен е систем за акредитација на програми и понудувачи на обуки којшто ќе гарантира квалитет, транспарентност и усогласеност со националните приоритети во ПВО, како и јавен регистар на акредитирани програми и даватели на услуги, достапен за сите предучилишни установи. Акредитираните обуки треба да се фокусираат на инклузија, поддршка на благосостојбата на детето и воспитувачот, со креативни и развојно соодветни методи на учење и соработка со родителите.

---

[43] Raising the quality of pre-school education and care”, part of the Annual Action Programme for the year 2017- EU support for Education, Employment and Social Policy- IPA II. Contract N: 12 - 10680/1

[44] Socio-emotional development in early child development; 1.2018 - 12.2020, UNICEF and British Embassy

Подобрување на квалитетот на предучилишното образование и грижа преку програмата на ЕУ за 2017 година – *Raising the Quality of Pre-school Education and Care* (2017-2018, IPA II)

Јакнење на улогата на граѓанското општество за обезбедување еднаквост и квалитет во раното детско образование (3Е, 2018–2019, IPA I)

Подобрување на системот за собирање податоци и креирање политики (2019–2021, IPA II)

Social Services Improvement Project – SSIP (2019–2024, Светска банка)

Development of competencies for kindergarten teachers (2018-2019 UNICEF)

Parental Positive Parenting For Happy and Successful Children (2018-2019 UNICEF)

Inclusion of Roma Children in Public Preschool Institution

**Недостиг од истражувачка практика и систем за мерење на квалитет.** Во предучилишното воспитание и образование недостасува развиена истражувачка култура и системско прибирање на податоци, што значително го ограничува креирањето и оценувањето на ефективноста на политиките. Истражувањата на национално и институционално ниво се ретки, нерегуларни и често се ограничени на административни податоци, без подлабока анализа на процесите на учење, интеракцијата помеѓу воспитувачите и децата или влијанието на средината врз развојните процеси. Иако државата ја прифати методологијата МЕЛКО (2024) [45] како современ инструмент за мерење и управување со квалитетот во предучилишното воспитание и образование и спроведе пилот-фаза[46], оваа алатка сè уште не е интегрирана во националниот систем за следење на квалитетот. Недостасува институционализиран механизам за редовно и сеопфатно мерење на структурниот, процесниот и излезниот квалитет, кој би овозможил континуирано следење на напредокот, идентификување на слабости и засновање на интервенции врз реални податоци. Воспоставувањето на национален систем за мерење и истражување на квалитетот во раниот детски развој е од суштинско значење за градење база на докази за планирање на политики и реформи во секторот, обезбедување објективна проценка на квалитетот на услугите и резултатите кај децата и промовирање на континуирано учење и подобрување на воспитно-образовната практиката. Само преку систематски пристап кон истражување, мерење и анализа на квалитетот, предучилишното воспитание и образование може да се развива во насока на одржлив, инклузивен и ефективен систем заснован на докази.

**Развој на современа воспитно-образовна практика и интервенции базирани на податоци.** Унапредувањето на квалитетот во предучилишното воспитание и образование бара практики и интервенции засновани на докази, коишто произлегуваат од реални податоци, систематско набљудување и анализа на резултатите од учењето и развојот на децата. Дел од постојните методи и пристапи сè уште не се целосно усогласени со современите стандарди за квалитет и инклузивност, што го ограничува потенцијалот за целосен развој на децата. Воведувањето современи, иновативни и базирани на игра педагошки методи и практики, како и инструменти за поддршка на развојот и учењето, ќе придонесат за унапредување на квалитетот, еднаков пристап и подобрување на резултатите од раното учење. За да се постигне ова, неопходно е интервенциите да бидат базирани на податоци и докази од практиката. Прифаќањето и интеграцијата на МЕЛКО (2024) како системски инструмент за мерење и управување со квалитетот во предучилишното образование е клучна алатка за овозможување редовно следење на квалитетот на услугите. На тој начин предучилишните установи ќе можат да ја прилагодуваат воспитно-образовната практика според реалните потреби на децата, додека политиките и интервенциите ќе се темелат на проверени податоци и анализи, овозможувајќи континуирано унапредување на квалитетот на услугите. На тој начин ќе

[45] Краток извештај на MELQO за Република Северна Македонија, Светска банка и Министерство за социјална политика, демографија и млади

[46] Пилот истражување спроведено е во 2022 година. Истражувањето е фокусирано на деца на возраст од 3 до 6 години и ја анализира: нивната развојна состојба, подготвеноста за училиште, како и искуствата со учење во градинка и во домашна средина. Истражувањето ги идентификува силните страни и предизвиците во системот, со посебен акцент на еднаквоста и инклузијата; се испитува дали децата од различни социо-економски и етнички позадини имаат еднаков пристап до квалитетно образование; како и анализа на квалитетот на образовните средини, компетенциите на воспитувачите и секојдневните искуства на децата.

се обезбеди одржлив и квалитетен развој на предучилишниот систем, заснован на податоци, докази и практична примена.

**Потреба за јакнење на институционалните капацитети и јасни ингеренции во предучилишното воспитание и образование.** Во системот на предучилишно воспитание и образование постојат преклопувања и недоволно јасно разграничени надлежности меѓу различните институции, што го ограничува ефективното управување, координацијата и следењето на квалитетот. Овие структурни слабости создаваат дуплирање на активности, неефикасно користење на ресурсите и фрагментирано спроведување на политиките, при што недостатокот од усогласени механизми и јасно дефинирани улоги го отежнува воспоставувањето стабилен и функционален систем. Во такви услови, се наметнува потребата за јасно разграничување на надлежностите на институциите   како логичен чекор кон создавање кохерентен, поврзан и континуиран образовен систем. Ваквата состојба  ја отвора можноста за донесување на Закон за предучилишно воспитание и образование или измена на Законот за заштита на децата Неопходно е надминување на постојните преклопувања меѓу различни институции, што во моменталните услови создава некоординираност и недоволна одговорност. Со воспоставување јасна институционална рамка, засилени капацитети и единствен центар на надлежност, ќе се обезбеди поефикасно користење на човечките и материјалните ресурси, поцврста координација меѓу сите нивоа на системот и одржливо унапредување на квалитетот на предучилишните услуги. На овој начин, предучилишното воспитание и образование ќе стане стабилен, транспарентен и интегриран дел од националната образовна политика.

## Основно образование

**Основното образование се соочува со структурни предизвици предизвикани од долгорочните демографски трендови на намален наталитет и зголемена миграција на населението.** Според податоците на Државниот завод за статистика бројот на ученици од 2000 година до сега е намален за 28%, додека бројот на наставници во истиот период се зголемил за повеќе од 46%. Просечниот однос наставник-ученик кој пред две и пол децении изнесувал 17 ученици по наставник, денес изнесува 11,4 ученици по наставник и е понизок од просекот во земјите членки на ЕУ (13 ученици по наставник).

**Училишната мрежа е неусогласена со демографските трендови и резултира со преполнетост на некои училишта, и недоволна искористеност на други училишта.** Според административните податоци на МОН подрачните училишта сочинуваат околу 60% од вкупниот број училишта во мрежата, но во нив учат само 12% од учениците. Од друга страна, 88% од учениците (приближно 153 000) посетуваат настава во 353 централни училишта, а 12% од учениците (помалку од 20 000) посетуваат настава во 518 подрачни училишта. Понатаму, податоците покажуваат дека две третини од централните училишта (219) држат настава во две смени.

**Учениците до крајот на основното образование имаат 900 часови помалку настава од просекот за учениците низ земјите на ОЕЦД.** Училиштата коишто држат настава во две смени немаат просторни услови за зголемување на училишниот ден, но во некои училишта просторните услови се ограничени и заради големиот број паралелки со мал број ученици. Просечниот број на ученици по наставник во третина од општините е меѓу 5 и 10, само 12 општини (15%) го исполнуваат законскиот услов од

минимум 20 ученици во паралелка, додека повеќето општини се со просечна големина на паралелките од 6 до 15 ученици.

**Податоците од меѓународните истражувачки студии покажуваат дека учениците во РСМ постигнуваат ниски резултати во тестирањата на нивните компетенции за читање со разбирање**. На пример, на тестирањето во рамки на ПИРЛС во 2021 год учениците на крајот од четврто одделение постигнале резултат од 442 поени, што е значително под референтната точка од 500 поени, што е земена за просечен резултат. Овој резултат е  значително понизок од средината на скалата PIRLS, но повисок од најниското меѓународно ниво на постигнување од 400 поени, а останува под средното меѓународно ниво од 475 поени. Тоа значи дека учениците во просек, кога читаат едноставни книжевни и информативни текстови, можат да пронајдат, извлечат и пренесат експлицитно наведени информации, дејства или идеи, како и да направат едноставни, директни заклучоци за постапките на ликовите или да објаснат причина за некој исход. Сепак, со овие компетенции стекнати на крајот на четврто одделение, кога учениците веќе треба да имаат научено да читаат и да го користат читањето како алатка за учење, се забележува дека учениците имаат потешкотии при подлабоко разбирање и примена на прочитаното. Понатаму, ова го отежнува нивното учење со разбирање на сложени концепти во наставните предмети, особено во математика и природните науки.

**Ниски постигнувања во математика и природните науки се потврдуваат и во рамки на меѓународната студија ТИМСС.** Анализата на постигањата на учениците од четврто одделение во ТИМСС 2019 и ТИМСС 2023 покажува дека во РСМ во 2023 има мало подобрување на резултатите во однос на 2019 и тоа и во математика и во природни науки. Но, и во двете години, постигнувањата на нашите ученици се многу пониски од меѓународниот ТИМСС просечен резултат.  Во 2023 година во математика резултатот на учениците во РСМ е 474,  додека меѓународниот просечен резултат е 503, а во наука резултатот е 439 наспроти меѓународниот просечен резултат кој е 494. Основни математички знаења (минимум 400 поени) во TIMSS 2023 имаат достигнато само 79% од учениците во РСМ, наспроти 91% на интернационално ниво, а во природни науки само 67% наспроти 90% на интернационално ниво. Од претходниот циклус на мерење ТИМСС 2019 процентот на ученици коишто го достигнале основното ниво се зголемил за 1 процентен поен во математика и за 5 процентни поени во природни науки.

**И меѓународната студија PISA 2022 потврдува слаби резултати, особено во областа на читање (359 поени), што е значајно под меѓународниот просек од 476 поени.** Овој резултат одговара на ниско ниво на постигнувања на учениците. Учениците на ова ниско ниво (1а) можат да одговорат на прашања што содржат едноставни инструкции за поврзување на информациите во текстот и извлекување едноставни заклучоци, но не можат да ги користат информациите и логиката за решавање посложени задачи и извлекување заклучоци. Во ПИСА[47] нивото 2 се смета за основно ниво на постигнување на знаења и вештини за читање со разбирање, а на ова ниво учениците можат да одговорат на прашања кои бараат споредба, поврзување на текстот со знаења на учениците од нивното лично искуство и ставови, како и да извлечат

[47] Иако во тестирањет на ПИСА се вклучени учениците на 15-годишна возраст од кои најоглемиот број се во средно образование, овие податоци се користат како индикатор за квалитетот на основното обраозвание бидејќи тие најголем дел од своето образование во клучните години за развој на вештини го поминале во основно училиште

основни заклучоци кога во текстот има и информации што го одвлекуваат вниманието. Процентот на ученици од РСМ коишто го достигнале основното ниво (нивото 2) е само е 26,4% (додека просекот на OECD е 74%). Од претходниот циклус на мерење ПИСА 2018 процентот на ученици коишто го достигнале основното ниво се намалил за 18,5 процентни поени, од ПИСА 2015 за 2,9 процентни поени, а од ПИСА 2000 за 11 процентни поени. Со **резултат од 389 поени во математика**, нашите ученици се поблиску до нивото 1, отколку до нивото 2 коешто во ПИСА се смета за основно ниво на постигнувања. Значи учениците можат да решат само едноставни аритметички операции со сите броеви, следејќи јасни и добро дефинирани инструкции, но имаат потешкотии за користење на математиката во едноставни животни реални ситуации. Резултатот од **380 поени по природни науки**, исто така, покажува дека учениците се поблиску до нивото 1, отколку до основното ниво на постигнувања (ниво 2). Во ова подрачје, учениците можат да одговорат на прашања поврзани со основното разбирање на научни истражувања, но имаат потешкотии со идентификување и формулирање научни објаснувања, интерпретирање податоци и препознавање и решавање проблем во едноставен експеримент.[48]

**Учениците имаат ниски постигнувања и во компонентата за креативно размислување на ПИСА 2022, значајно под меѓународниот просек.** Учениците имаат потешкотии во генерирање разновидни идеи, креативни, односно нови и корисни идеи, како и во проценување (евалуација) и подобрување на идеи во четири домени: писмено изразување, визуелно изразување, решавање социјални проблеми и решавање научни проблеми. Најслаби резултати учениците постигнале во задачите со евалуација и подобрување на идеи, како и во доменот на елаборирање креативни решенија за научни проблеми. Само половина од учениците се изјасниле дека се љубопитни за различни нешта, што е значајно под меѓународниот просек на ОЕЦД (77,3%). Забележливо е и тоа што РСМ се вбројува меѓу првите три земји со најголем број на таканаречени „брзи одговарачи“ – ученици коишто многу брзо поминуваат низ задачите во тестот, оставајќи недоволно време за валидни и промислени одговори.

**Резултатите од меѓународните истражувачки студии укажуваат на значајна поврзаност меѓу постигнувањата и социоекономскиот и културен статус на учениците и училиштата[49]**. Резултатите на ПИСА 2022 покажуваат дека колку е повисок индексот на социоекономскиот и културен статус, толку постигнувањата на учениците се повисоки (во трите подрачја: математика, читање, природни науки). Забележливи се разлики во однос на полот на учениците, јазикот на наставата, видот на образование. Постигнувањата на девојчињата се повисоки во однос на оние на момчињата во сите три подрачја, со особено нагласена разлика во подрачјето читање (26 поени). Постојат значителни разлики во постигнувањата на учениците коишто ја следат наставата на македонски јазик со оние коишто учат на албански јазик. Разликата во постигнувањата е 68 поени во подрачјето математика, 62 поени во подрачјето читање и 66 поени во подрачјето природни науки во корист на учениците коишто се тестирале на македонски јазик. Разликите во постигнувањата, според наставниот јазик, се статистички значајни во сите три когнитивни подрачја. Учениците од гимназиското образование во сите три когнитивни подрачја постигаат повисоки резултати (по околу 50 поени) од учениците во

[48] Извештај за постигањата на учениците во Република Северна Македонија: PISA 2022 Programe for international student assessment / Ламева, Б. и Андонова Митревска, Т. Државен испитен центар, 2024

[49] OECD (2023), PISA 2022 Results (Volume I): The State of Learning and Equity in Education, PISA, OECD Publishing, Paris, https://doi.org/10.1787/53f23881-en

средното стручно образование. Овие разлики се намалени во однос на ПИСА 2018 кога изнесуваа околу 60 поени. Постојат значајни разлики во постигнувањата на учениците помеѓу регионите. Најголемите разлики изнесуваат околу 60 поени во сите три когнитивни подрачја. Најниски резултати во трите когнитивни подрачја постигнале учениците од Полошкиот Регион[50].

**Отсуствувањето од редовната настава е усвоена пракса на учениците уште од одделенска наставата.** Истражувањето ТИМСС 2023[51] покажува дека РСМ има една од највисоките стапки на изостаноци во регионот, со 24% ученици коишто изостануваат најмалку еднаш неделно - двојно повеќе од меѓународниот просек. Пониското чувство на припадност на училиштето, заморот и недоволната физичка добросостојба се меѓу најсилните фактори за изостанување. Големиот процент на отсуствувања од редовна настава и нивното статистички значајно влијае на постигањата на учениците се потврдија и во државното тестирање реализирано во 2022 го трето одделение и во 2024 година во петто одделение, по предметите математика и мајчин јазик - македонски јазик и албански јазик. Сознанијата од државното тестирање реализирано во трето одделение во 2022 година по предметот Математика покажа дека само две третини од учениците го имаат достигнато основно ниво, а по мајчин јазик (Македонски јазик и Албански јазик) три четвртини од учениците.

**Просечниот успех на учениците значајно отстапува од нормалната распределба на знаењата и способностите.** Од податоците за постигнатиот успех на учениците од деветто одделение во редовните училишта на крајот на учебната 2021/22 година може да се забележи дека најголем дел од учениците од истата генерација (76%) постигнале одличен и многу добар успех (53,5% одличен, 22,5% многу добар), а изразено помал е бројот на ученици со слаби и добри резултати (6,1% доволен, 17,8% добар)[52]. Разликите во постигнувањата на учениците во училиштето и на меѓународните тестирања отвораат повеќе прашања за причините за слабите резултати на меѓународните тестирања на учениците со одличен и многу добар успех, што секако е поврзано со наставните практики и начинот на којшто учениците добиваат повратни информации за нивните постигнувања и напредок на учењето согласно утврдени критериуми за оценување.

**Наставните практики не стимулираат развој на критичко размислување и примена на наученото**. Резултатите од мерењето на почетната состојба во 35 основни училишта на вкупно 104 наставници со користење на алатката Teach Primary observation tool[53] покажуваат дека наставниците површно и нејасно ги поврзуваат резултатите од учењето со секојдневниот живот. Половина од наставниците им задавале на учениците задачи за размислување, но понудените активности поттикнувале едноставни мисловни процеси, како на пример групирање според сличности, идентификување на делови од

[50] Извештај за постигањата на учениците во Република Северна Македонија: PISA 2022 Programe for international student assessment / Ламева, Б. и Андонова Митревска, Т. Државен испитен центар, 2024

[51] von Davier, M., Kennedy, A., Reynolds, K., Fishbein, B., Khorramdel, L., Aldrich, C., Bookbinder, A., Bezirhan, U., & Yin, L. (2024). TIMSS 2023 International Results in Mathematics and Science. Boston College, TIMSS & PIRLS International Study Center. https://doi.org/10.6017/lse.tpisc.timss.rs6460

[52] МАКСТАТ Ученици во редовни основни училишта според успех, по одделение, по учебна година https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__ObrazovanieNauka__OsnovnoObrazovanie__OsnovnoKrajUcebna/425_osnucil_mk_krajT14_ml.px/table/tableViewLayout2/

[53] Teacher Practices in North Macedonia, Results of the Teach Primary Classroom Observation. Study (Baseline Survey 2022). Оваа алатка го проценува наставниот час од аспект на времето кое што наставниците го посветуваат на учење, а учениците на решавање на задачите, како и на квалитетот на наставните практики насочени кон развивање на социоемоционалните и когнитивните вештини. Квалитетот на наставните практики понатаму се проценува во три подрачја: Култура во училницата, Подучување и Социоемоционални вештини.

информацијата и слично. Прашањата коишто ги поставувале најчесто биле затворени, односно со еден точен одговор, без активирање на процесите за анализа и синтеза. При давањето на повратни информации, наставниците давале општи коментари за погрешно научените концепти, но без јасни насоки за учениците за тоа како да ги разјаснат мисконцептите.

Субјективните проценки на наставниците на нивните компетенции за поттикнување на критичко размислување и примена на наученото добиени на меѓународната студија ТАЛИС 2024[54] покажуваат дека 62% од наставниците се изјасниле дека ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања и да аргументираат, 41% од наставниците одговориле дека задаваат задачи коишто немаат еден очигледен точен одговор, 59% применуваат групна работа со цел заедничко изнаоѓање на решение на проблемски задачи. Притоа, само 61% од наставниците се изјасниле дека бараат од учениците самите да изберат, односно да одлучат кои процедури за решавање на сложени задачи ќе ги применат. Одговорите на наставниците (нивната самопроценка) се контрадикторни со постигањата на учениците на меѓународните мерења. Иако субјективните проценки на наставниците покажуваат висока свесност за примена на напредни наставни практики, резултатите од меѓународните тестирања на ТИМС, ПИРЛС и ПИСА покажуваат дека нема или има мала ефективност.

**Недостасуваат долгорочни национални стратешки правци и цели за подобрување на постигнувањата на учениците, втемелени врз сеопфатни длабински компаративни анализи во национални, регионални и меѓународни рамки.** Во РСМ се спроведуваат бројни меѓународни истражувачки студии, се врши надзор и стручни увиди од страна на надлежните институции, но не постои единствен интегриран систем за мониторинг и евалуација на постигнувањата на учениците.

**Наставните практики не стимулираат развој на социоемоционалните вештини на учениците.** Истражувањето со примена на Teach Primary observation tool покажа дека наставниците имаат најслабо развиени компетенции за промовирање на автономијата на учениците, истрајноста и колаборативно решавање на проблеми. Кај половина од наставниците е забележано дека отсуствува поддршка на учениците за правење на избор за тоа како ќе решат одредена задача, не се истакнува важноста на вложениот труд за постигнување на успех, не се разговара за прифаќање на неуспехот и грешките како составен дел од процесот на учење, не се охрабрува интеракција, емпатија, емоционална регулација и решавање на социјални проблеми.

Во однос на субјективните проценки на наставниците на ТАЛИС 2024[55], се забележува дека наставниците во голем процент (над меѓународниот просек на ОЕЦД) истакнале дека чувствуваат дека можат да ги поддржат социоемоционалните вештини на учениците и дека одржуваат неформални предавања за социоемоционално учење како составен дел од нивната редовна настава.

Во последните години се забележува зголемување на **бројот на ученици со попреченост коишто се запишуваат во редовните основни училишта**. Според податоците, бројот речиси се удвоил за четири години, од просечно четири ученици по училиште на девет до десет ученици по училиште. Овој тренд е резултат на

[54] OECD (2025), Results from TALIS 2024: The State of Teaching, TALIS, OECD Publishing, Paris, https://doi.org/10.1787/90df6235-en.
[55] OECD (2025), Results from TALIS 2024: The State of Teaching, TALIS, OECD Publishing, Paris, https://doi.org/10.1787/90df6235-en.

трансформацијата на посебните училишта во училишта со ресурсни центри и на новата законска обврска од учебната 2023/24 година за задолжително запишување на учениците со попреченост во редовното образование. Сепак, училиштата не располагаат со соодветни услови и капацитети за поддршка на ваквата инклузија. Над 60 проценти од училиштата немаат вработен специјален едукатор и рехабилитатор, 40 проценти немаат прилагодени тоалети, а само 4 проценти имаат патеки за слепи лица. Состојбата е значително полоша во руралните средини, каде што недостасуваат основни елементи за физичка пристапност и стручна поддршка. Иако законски е предвидено секое училиште да има училиштен инклузивен тим, ваквите тимови не функционираат насекаде.[56]

**Наставниците се соочуваат со административни оптоварувања и недоволна поддршка за професионален развој.** Според наодите од ТАЛИС 2024 студијата[57] приближно 52% од наставниците (пониско од просекот на ОЕЦД) изјавиле дека професионалните активности за учење на коишто учествувале во последната година имале позитивно влијание врз нивната настава. Наставниот кадар најчесто нема доволно знаења и вештини за работа со ученици со попреченост Две третини од училиштата го идентификуваат токму недостатокот на соодветна обука како најголем предизвик. Додипломските програми не обезбедуваат ни основна сензибилизација[58].

**Се забележува намалување на процентот на ученици во основното образование коишто покажуваат позитивен став кон училиштето и доверба во наставниот кадар**. Процентот на ученици на 11 и 13 годишна возраст коишто имаат позитивен став кон училиштето, односно се изјасниле дека многу го сакаат ја сместува РСМ во првите топ три, односно четири земји учеснички во рамки на меѓународната лонгитудинална студија ХБСЦ 2021/2022 година со висок процент на ученици коишто многу го сакаат училиштето. Висок процент на ученици и на 11 и на 13 годишна возраст се изјасниле дека чувствуваат поддршка од своите наставници (чувствуваат доверба и прифатеност). РСМ е на петто, односно трето место рангирана според овој процент[59]. Но, тренд анализата покажува постепено опаѓање на овие позитивни перцепции и со порастот на возраста, и во однос на резултатите од претходните циклуси на истражување како и на зголемено чувство на академска преоптовареност и изложеност на стрес.

**Индексот на ментална добросостојба покажува генерално добри резултати, но и тенденција на опаѓање со возраста и значајни родови разлики[60].** Индексот на ментална добросостојба[61] во рамки на ХБСЦ 2021/22 година изразен како просечен резултат на скала од 0 до 100 којашто во себе обединува одговори на учениците за тоа колку често во текот на последните две седмици се чувствувале: расположени и во добра состојба, смирени и релаксирани, активни и енергични, се буделе свежи и одморени и чувствувале дека нивниот живот е исполнет со работи што ги интересираат

---

[56] Анализа и препораки за спроведување на Европската гаранција за детето во Република Северна Македонија
[57] OECD (2025), Results from TALIS 2024: The State of Teaching, TALIS, OECD Publishing, Paris, https://doi.org/10.1787/90df6235-en.
[58] Анализа и препораки за спроведување на Европската гаранција за детето во Република Северна Македонија
[59] Badura P, Eriksson C, García-Moya I, Löfstedt P, Melkumova M, Sotiroska K et al. A focus on adolescent social contexts in Europe, central Asia and Canada. Health Behaviour in School-aged Children international report from the 2021/2022 survey. Volume 7. Copenhagen: WHO Regional Office for Europe; 2024. Licence: CC BY-NC-SA 3.0 IGO
[60] Cosma, Alina, Abdrakhmanova, Shynar, Taut, Diana, Schrijvers, Karen, Catunda, Carolina et al. (2023). A focus on adolescent mental health and wellbeing in Europe, central Asia and Canada. Health Behaviour in School-aged Children international report from the 2021/2022 survey. Volume 1. World Health Organization. Regional Office for Europe. https://iris.who.int/handle/10665/373201
[61] Меѓународно користен инструмент наречен **WHO-5 Well-Being Index**

покажува резултати над меѓународниот просек (за учениците на 11, 13 и 15 годишна возраст), но се забележува тенденција на опаѓање на просечниот резултат со возраста, како и разлики меѓу момчињата и девојчињата на 13 и 15 годишна возраст, при што девојчињата имаат послаб резултат.

**Процентот на ученици коишто пријавуваат психосоматски симптоми повеќе од еднаш неделно се зголемува со возраста на учениците.** Процентот на ученици коишто често почувствувале повеќе од два психосоматски симптоми (главоболка, болки во стомак, болки во грб, лошо расположение, раздразливост, нервоза, потешкотии со спиењето, вртоглавици) е под меѓународниот просек на ХБСЦ, но се забележува дека овој процент расте со возраста (на пример, за девојчињата овој процент на 11 годишна возраст изнесува 26%, на 13 години 45% и на 15 години 64%). Девојчињата на возраст од 13 и 15 години споредено со момчињата во поголем процент пријавуваат психсоматски тегоби.

**Пропорцијата на ученици коишто учествуваат во вознемирување на свои врсници, дали во живо или онлајн е повисока во споредба со меѓународните просеци на ХБСЦ 2021/22 година[62]. Пропорциите на „жртви" на вознемирување и сајбер вознемирување, како и учеството во тепачки, ги следат меѓународните просеци.** Особено ранливи се единаесетгодишните момчиња во поглед на сите форми на врсничко насилство, како што се тепачки, вознемирување и сајбер вознемирување. Тие најчесто се наоѓаат и во улога на „жртви" и во улога на „насилници" во сите три форми на насилство. Со возраста, во просек насилното однесување меѓу учениците од 11 до 15 години од РСМ има тенденција да опаѓа, со значајно повисока стапка кај единаесетгодишните момчиња, особено од албанските паралелки. За разлика од вознемирувањето, возраста не игра значајна улога во сајбер вознемирувањето, коешто има тенденција да се задржи високо долж сите три возрасти, или да расте, меѓу македонските момчиња и девојчиња. Од друга страна, учеството во тепачки со возраста расте кај учениците момчиња од албанските паралелки, додека кај учениците од македонските паралелки опаѓа. Родовите улоги и понатаму ги обликуваат однесувањата на момчињата и девојчињата, па така и во ова истражување се покажува дека девојчињата на сите три возрасти двојно помалку учествуваат во тепачки во споредба со момчињата, а и помалку се ангажираат во сајбер вознемирување. Етничките разлики во насилното однесување на учениците од училиштата со македонски наспроти албански наставен јазик се позначајни во традиционалните форми на насилство (вознемирување и тепачки), при што најпогодени се девојчињата и најмладите (момчиња и девојчиња на 11 години), наспроти насилството преку дигитална технологија, каде што и девојчињата Македонки со возраста стануваат сè почести жртви.

**Учениците имаат високи и нереални образовни и кариерни очекувања.** Покрај тоа што резултатите од меѓународните истражувања укажуваат дека значителен дел од учениците не го достигнуваат основното ниво на функционална писменост, особено во читање, математика и природни науки, голем дел од нив изразуваат високи образовни очекувања - најголемиот број очекуваат да завршат високо образование, а голем дел и да продолжат на докторски студии[63]. Очекувањата за идните занимања не се усогласени

[62] ВРСНИЧКО насилство кај учениците од 11, 13 и 15 години во Република Северна Македонија : Национален извештај за однесувањата поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст од истражувањето во 2021/22 година во Република Северна Македонија / Маја Цветаноска,...[и др.]. Скопје: Центар за психо-социјална и кризна акција Малинска, 2025

[63] OECD (2023), PISA 2022 Results (Volume I): The State of Learning and Equity in Education, PISA, OECD Publishing, Paris, https://doi.org/10.1787/53f23881-en.

со реалните потреби на пазарот на трудот во нашата земја. На ваквата состојба се надоврзува и несоодветната поддршка на стручните соработници во обезбедување на соодветни мерни инструменти/алатки за кариерно советување на учениците.

**Постапката за одобрување учебници, уредена со новиот Закон за учебници во основно и средно образование (2024), обезбедува поголема конкурентност во изборот преку изработка на учебници од страна на издавачки куќи.** Меѓутоа, потребно е да се подобрат критериумите и стандардите за обезбедување квалитет на учебниците кои се одобруваат согласно новиот модел. Друг предизвик е недоволната објективност и транспарентност на процесот на рецензија и одобрување на учебниците. Постапката не е дигитализирана заради што јавноста има ограничен увид во процесот и резултатите. Исто така, дигиталните учебници не се адаптирани за ученици со попреченост, како и ученици кои учат на јазиците на заедниците.

## Гимназиско образование и уметничко образование

**Законот за средно образование[64] е застарен и со многубројни парцијални измени коишто ја нарушиле неговата јасност.** Донесен во 1996 година, законот повеќе од две децении се дополнува преку низа измени што создадоа сложена, тешко читлива и неусогласена нормативна рамка. Иако последните измени (2025) воведуваат значајни новини – образовни медијатори, поддршка за ранливи групи, нови механизми за проценка и трансформација на специјалните училишта во ресурсни центри – потребно е донесување целосно нов, јасен и усогласен закон. Согласно наведениот закон, но и Законот за националната рамка на квалификации, учениците во гимназиско образование и уметничко образование во траење од четири години, кое е на нивото IV, добиваат диплома за IV ниво на квалификација за соодветната квалификација со додаток на диплома[65].

**Концепцијата за гимназиско образование[66] не е усвоена и се наоѓа во процес на доработување, по значајни забелешки од јавната расправа.** По повеќе од 20 години, на почетокот на 2025 година беше изработена нова Концепција за гимназиско образование и ставена на јавна расправа. При расправата беа доставени голем број забелешки, најчесто од високообразовни институции со барања за зголемување на предметни часови во нивните области, но без целосно согледување на целите и концептуалните решенија што ги предлага документот. Концепцијата сѐ уште е во постапка на дополнително разгледување и ревизија, со потреба за задржување на клучните квалитативни решенија. **За уметничкото образование, согласно Законот, предвидено е исто така да се изработи концепција**, којашто сѐ уште не е разработена.

**Наставните програми во гимназиското и уметничкото образование се застарени и не се засновани на резултати од учење и стандарди за оценување**. Постоечките наставни програми не обезбедуваат јасни исходи од учење, современи компетенции и поврзаност со потребите на учениците и високото образование. Тоа ја наметнува потребата од изработка на стандард на квалификација за гимназиско образование, како и стандард за секој оддел во уметничко образование. Недостасуваат

[64] https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/zakoni

[65] https://www.mchamber.mk/Upload/Documents/Закон%20за%20Националната%20рамка%20на%20квалификации.pdf

[66] www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2025/01/КОНЦЕПЦИЈА-гимназиско-1-2025.pdf

стандардизирани критериуми за оценување коишто би овозможиле транспарентност, конзистентност и фер вреднување, особено важно за државната матура и државната уметничката матура[67]. Дополнително, потребно е да се воспостави систем за дигитализација на учебниците и транспарентен процес за нивно одобрување и дистрибуција, со цел обезбедување пристапност и квалитет на наставните материјали.

**Инфраструктурата и опременоста во средните училиштата коишто нудат гимназиско и уметничко образование се недоволни, застарени и неусогласени со современите потреби за практична, уметничка и лабораториска работа.** Голем дел од училиштата немаат современи лаборатории, уметнички студија и кабинети, ниту соодветна дигитална опрема. Условите значително се разликуваат меѓу училиштата, што создава нееднаквост во пристапот до квалитетно образование. Планирано е значително подобрување на дигиталната инфраструктура преку опремување на училиштата со паметни училници, обезбедување брз интернет и современи дигитални алатки[68]. Дополнително, предвидено е преминување кон едносменска организација на наставата, со цел подобрување на квалитетот на наставата и рационализација на ресурсите.

**Инклузијата е ограничена поради недостиг на ресурси, кадар и поддржувачки услуги во средните училишта.** Иако законските измени предвидуваат образовни медијатори, ресурсни центри, психо-социјална поддршка и индивидуализирани образовни планови, нивната примена е во почетна фаза. Уметничките училишта, поради специфичниот карактер на наставата, се соочуваат со уште поголеми бариери за инклузивност. Потребно е подготовка на програми за добросостојба и ментално здравје на учениците, кои ќе обезбедат психо-социјална поддршка и превенција на стрес, со цел подобрување на нивната мотивација и училишна клима. Кон ова, операционализацијата на програми за сексуално и репродуктивно здравје, како и протоколи за превенција на насилство, имаат за цел градење на безбедна и поддржувачка училишна средина.

Неопходно е и воспоставување тим за кариерно советување и професионална ориентација во училиштата, со цел следење на индивидуалните афинитети на учениците и поддршка на учениците и нивните родители при избор на понатамошно образование и професионален развој[69]. Тимовите треба да функционираат врз основа на национална програма за кариерно советување, со користење на стандарди и алатки за професионална ориентација. Исто така, промовирањето на демократски вредности и активно ученичко учество преку вклучување на учениците во процесите на донесување одлуки во училиштата, е една од новините коишто ќе бидат во фокус на оваа Стратегија. Ова ќе се реализира во согласност со Референтната рамка на компетенции за демократска култура (RFCDC)[70] и Повелбата на Советот на Европа за образование за демократско граѓанство и човекови права (EDC/HRE)[71].

---

[67] Во рамки на подготовката на Националната стратегија за образование 2026–2032, на 27 август 2025 беше спроведен онлајн прашалник за консултации. Пристигнаа 1 973 сугестии, од кои 49% сметаат дека наставните програми се делумно усогласени, 28% неусогласени, а 17% целосно усогласени. Овие наоди ја потврдуваат потребата за ревизија и модернизација на наставните програми.

[68] Според онлајн консултациите за Националната стратегија (август 2025), над 50% од испитаниците сметаат дека училиштата имаат пристап до дигитални платформи и ресурси, но само 33% потврдиле дека наставниците секојдневно користат дигитални алатки, а 16% ретко од еднаш неделно

[69] Според консултациите за Националната стратегија (август 2025), 70% од испитаниците сметаат дека училиштата обезбедуваат делумна и недоволна психосоцијална и кариерна поддршка

[70] https://www.coe.int/en/web/reference-framework-of-competences-for-democratic-culture/

[71] https://www.coe.int/en/web/edc/charter-on-education-for-democratic-citizenship-and-human-rights-education

**Недоволна финансиска поддршка за реализирање на законски утврдените обуки за наставниците.** Иако Законот за наставници и стручни соработници[72] пропишува обврска за континуиран професионален развој од 60 часа во текот на три години – од кои 40 часа преку акредитирани програми и 20 часа преку приоритетни обуки, расположливите финансиски средства не овозможуваат целосна реализација на оваа законска одредба. Според податоците од Бирото за развој на образованието, во последниот тригодишен циклус (2022–2025) наставниците реализирале само 16 часа приоритетни обуки, и тоа исклучиво во 2025 година, кога за првпат беше зголемен државниот буџет за обуки, и само 8 часа од акредитирани програми во претходните две години од циклусот. Во претходните тригодишни циклуси ситуацијата е уште понеповолна, со уште помали финансиски издвојувања и со недоволен број реализирани часови. Ова укажува дека системот на професионален развој, и покрај законските обврски, не е соодветно поддржан, што резултира со наставници коишто немаат можност да ги стекнат потребните компетенции во согласност со реформските барања и современите стандарди. Планирано е воведување менторски програми за нови наставници и обезбедување континуирана поддршка за нивниот професионален развој, со цел подобрување на квалитетот на наставниот кадар.

**Системот за оценување на постигањата на учениците е недоволно усогласен со очекувани исходи од учењето, со ограничена примена на формативно оценување и има недостаток на јасни критериуми и национални стандарди.** Постојните практики сè уште се доминантно фокусирани на сумативни резултати, без континуирано следење на напредокот и повратна информација. Во уметничките училишта дополнително недостигаат стандардизирани критериуми за практични и изведувачки дисциплини. Потребно е да се развијат јасни упатства за формативно оценување, кои ќе овозможат континуирано следење на напредокот на учениците и навремена повратна информација.

**Квалитетот на учењето и постигањата на учениците не се следи системски и недостасуваат унифицирани индикатори.** Во гимназиското и уметничкото образование нема конзистентен национален механизам за редовно следење на квалитетот на учењето и напредокот на учениците. Единствените релевантни инструменти се истражувањето ПИСА (на почетокот на средното образование) и државната матура (на крајот). Овие мерења користат различни методологии, не се поврзани во заедничка аналитичка рамка, и не овозможуваат целосен увид во развојот на компетенциите низ целиот средношколски циклус. Потребно е создавање унифициран национален систем на индикатори за квалитет, којшто ќе овозможи редовно следење на учењето и напредокот на учениците низ целиот циклус на средното образование.

**Резултатите од ПИСА укажуваат на сериозна криза во учењето и системски слабости што средното образование не успева да ги надомести.** Според ПИСА 2022[73], над две третини од учениците имаат резултати под основното ниво: 75% по читање и 66% по математика и природни науки. Иако ПИСА ги мери резултатите на ученици кои само што влегле во средно образование, податоците покажуваат дека системот не успева да ги компензира недостатоците од основното образование. Дополнително, учениците во РСМ имаат приближно 900 часа помалку формално организирано учење до 15-годишна возраст во споредба со просекот на ОЕЦД, што е идентификувано како

[72] https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/zakoni
[73] https://dic.edu.mk/wp-content/uploads/2017/03/Izvestaj_NACIONALEN_PISA_2022_lit_final.pdf

значаен фактор што ја продлабочува кризата во учењето и влијае на постигањата на учениците.

**Резултатите од државната матура покажуваат опаѓање на знаењата особено во јазичната писменост и математичката функционална примена.** Анализите на резултатите по мајчин јазик и литература покажуваат значаен пад во 2024 година во сите јазични подрачја, со најниски резултати во последните пет години. Читањето со разбирање опаднало од 79% (2019) на 61% (2024), а пишувањето на 46,1%. Слични трендови се присутни и во другите наставни јазици. Кај математиката, повеќето задачи коишто бараат целосна постапка и применливо размислување се решени со помалку од 60% точност, што укажува на недоволна развиеност на функционални математички компетенции. Повисоки и постабилни резултати се забележуваат само кај странските јазици.

**Недостасуваат унифицирани податоци и стандарди за интерните испити, што го ограничува системското следење на квалитетот.** Интерните испити се организираат различно во секое училиште, без национални стандарди за задачи, критериуми и постапки за оценување. Поради тоа, нема национални анализи коишто би овозможиле споредливост, следење на трендови или утврдување на вистинските критични слабости во квалитетот на наставата. Ова ја ограничува можноста за планирање и имплементација на реформи засновани на докази.

**Недостасуваат системски, детални и јавно достапни национални податоци за осипувањето на учениците во средното образование.** Иако постои основна евиденција (како разликата меѓу бројот на запишани и завршени ученици), податоците се агрегирани и не постои конзистентен механизам којшто би овозможил пресметување на точната стапка на осипување по години, општини, училишта, профили, етнички групи или социо-економски категории. Ова ја ограничува можноста за следење на динамиката и развојот на проблемот и го отежнува навременото планирање на политики и интервенции. Потребно е воспоставување национален механизам за следење на осипувањето, со јасни индикатори и редовни анализи по региони, профили и ризични групи.

**Осипувањето е најизразено кај учениците од ранливи групи, но недостигаат детални, дисагрегирани податоци.** Според Анализата на состојбата на децата и адолесцентите во Република Северна Македонија на УНИЦЕФ (UNICEF SITAN 2024[74]), највисока стапка на напуштање е присутна кај ученици Роми и ученици од сиромашни семејства, особено во горните години од средното образование. Дополнителни анализи, како Анализата на УНЕСКО за образовниот сектор (UNESCO Education Sector Analysis 2024[75]), укажуваат на зголемен ризик од осипување кај ученици од рурални средини и од домаќинства со ниски приходи, што ја нагласува потребата за таргетирани интервенции и постојано следење. Предвидено е воспоставување механизам за рано предупредување и интервенција за ученици во ризик, со цел намалување на стапката на осипување и навремена поддршка. Дополнително, ќе се работи и на подобрување на ученичкиот стандард преку обезбедување стипендии, бесплатен превоз и оброци за учениците од ранливи групи, со цел поттикнување редовност и намалување на социо-економските бариери.

---

[74] https://www.unicef.org/northmacedonia/media/16561/file/SITAN_2024_ENG.pdf

[75] https://www.iiep.unesco.org/sites/default/files/medias/fichiers/2024/10/ESA-2024_North_Macedonia.pdf

**Недостасуваат национални податоци и истражувања за причините за изостанувањето од настава кај учениците над 14 години.** Во државата нема систематско централизирано следење на изостаноците, ниту детални податоци за причините. Меѓународните извештаи (PISA 2022, UNICEF SITAN 2024, UNESCO ESA 2024) укажуваат дека изостанувањето е поврзано со социо-економски фактори, неповолни семејни услови, недостаток на превоз, училишна клима и здравствени предизвици. Дополнително, анализите на Светската здравствена организација истакнуваат дека булингот, стресот и проблемите со менталното здравје значително влијаат врз редовноста. Истражувања спроведени локално во рурални средини покажуваат дека недостигот на соодветни хигиенски услови доведува до чести изостаноци кај ученичките за време на менструација. Овие наоди ги потврдуваат глобалните трендови, но во РСМ недостигаат сопствени податоци за точниот обем и природата на проблемот.

**Постојат ограничени национални податоци за менталното здравје кај учениците и неговото влијание врз учењето и редовноста.** Иако меѓународните анализи (спроведени од УНИЦЕФ, СЗО, УНЕСКО) јасно утврдуваат дека адолесцентите се изложени на зголемен ризик од анксиозност, депресија, булинг и училиштна стресогеност, во РСМ нема редовни национални истражувања што би ја следеле состојбата, трендовите и влијанието на менталното здравје врз училишниот успех, мотивацијата и присуството. Ограничената достапност на стручна поддршка во училиштата дополнително го усложнува проблемот, а индиректните индикатори потврдуваат дека менталното здравје е значаен ризик-фактор за изостанување и напуштање на образованието.

## Стручно образование и обука

Системот на стручно образование и обука (СОО) е регулиран со ј**асно дефинирана национална законска рамка и концепциски документи коишто обезбедуваат усогласеност со европските стандарди и принципи на квалитет**. Основните нормативни акти вклучуваат: Закон за стручно образование и обука[76], Закон за средно образование[77], Закон за Национална рамка на квалификации (НРК)[78], подзаконски акти, како и упатства за примена на Европски кредитен систем за стручно образование и обука (ЕКССОО-ECVET[79]) кредити и модуларни програми. Националната рамка на квалификации е реферирана кон Европската рамка на квалификации (ЕРК - EQF) во 2016 година и е самосертифицирана кон Квалификациската рамка на Европскиот простор на високото образование (QF-EHEA[80]), со ниво на дескриптори базирани на резултати од учење.

**Стручното образование и обука е насочено кон обезбедување транспарентност и проодност на квалификациите и се развива во согласност со европските и глобалните документи** коишто поставуваат стандарди за квалитет, мобилност и инклузивност. Европската стратегија за стручно образование и обука[81] дефинира визија за модерно, флексибилно и конкурентно образование, со акцент на дигитални и зелени

[76] https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/zakoni
[77] https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/zakoni
[78] https://epale.ec.europa.eu/mk/resource-centre/content/zakon-za-nacionalnata-ramka-na-kvalifikacii-2024
[79] https://www.cedefop.europa.eu/en/projects/european-credit-system-vocational-education-and-training-ecvet
[80] https://ehea.info/page-qualification-frameworks
[81] https://school-education.ec.europa.eu/en/discover/publications/VET-skills-today-and-future

вештини, додека Копенхашкиот процес и Бриж Коминике[82] обезбедуваат рамка за европска соработка преку заеднички цели и индикатори. Европскиот кредитен систем за стручно образование и обука[83] овозможува преносливост и признавање на резултати од учење, а Европската рамка на квалификации (ЕРК-EQF)[84] гарантира транспарентност и споредливост на квалификациите. Оснабрик декларацијата (2020)[85] дополнително нагласува отпорност, инклузивност и дигитална трансформација на СОО. На глобално ниво, препораките на УНЕСКО за СОО (2001, ревидирани 2015)[86] и Стратегијата за СОО 2022–2029[87] промовираат право на образование, инклузивност и развој на флексибилни патеки за учење во контекст на зелена и дигитална транзиција. Меѓународната организација на трудот и Светската банка[88] преку документот за градење на подобар формален систем за СОО [89] („Building Better Formal TVET Systems“ (2023)) даваат препораки за подобрување на системите во земји со низок и среден приход. Организација за економска соработка и развој во своите извештаи[90] [91] анализира трендови и препорачува адаптација на СОО кон дигитална и зелена економија. Светските иницијативи како WorldSkills International – Vision 2025[92] ја промовираат извонредноста во вештини и натпревари, а ПИСА СОО (PISA-VET) иницијативата на ОЕДЦ и WorldSkills[93] овозможуваат меѓународна проценка на резултатите од СОО за подобрување на квалитетот на наставните програми. Овие документи и иницијативи претставуваат основа за модернизација на националните системи, обезбедување квалитет и конкурентност на пазарите на труд во услови на брзи технолошки и економски промени.

Во последните години, **државата направи значајни чекори кон модернизација на СОО и негово усогласување со европските стандарди**. Новините во законската рамка (Законот за СОО којшто стапува на сила во 2025 година) вклучуваат дефинирање на концептот и воведување дуално образование, воспоставување и функционирање на Регионален центар за стручно образование и обука, задолжителен координатор за практично образование во секое училиште, како и систем за квалитет (самоевалуација и надворешна евалуација) што е во согласност со Копенхашкиот процес и Оснабрик декларацијата. Овие мерки имаат за цел да обезбедат релевантност на програмите, подобра усогласеност со потребите на пазарот на труд и зголемена атрактивност на стручното образование за младите.

Покрај постоењето на сеопфатна законска рамка[94], потребно е нејзино спроведување и тоа посебно со: **квалитетна реализација на учењето преку работа, целосна функционалност на регионалните центри за стручно образование и обука (РЦСОО), како и воспоставување на системите за обезбедување квалитет**, што би го

---

[82] https://www.scielo.org.za/pdf/jovacet/v7n2/03.pdf
[83] https://gps4vet.eu/wp/wp-content/uploads/GPS4VET-ECVET-Guide-en.pdf
[84] https://www.euterp.eu/qualification_frameworks.asp?pageID=11&subpageID=110
[85] https://education.ec.europa.eu/education-levels/vocational-education-and-training/about-vocational-education-and-training
[86] https://www.unesco.org/en/legal-affairs/recommendation-concerning-technical-and-vocational-education-and-training-tvet
[87] https://unevoc.unesco.org/pub/unesco_strategy_for_tvet_2022-2029.pdf
[88] https://labordoc.ilo.org/discovery/fulldisplay/alma995320392002676/41ILO_INST:41ILO_V2
[89] Building Better Formal TVET Systems“ (2023)
[90] Spotlight on VET – Education at a Glance - https://www.oecd.org/en/publications/spotlight-on-vocational-education-and-training_acff263d-en.html
[91] Building Future-Ready VET Systems -https://www.oecd.org/en/publications/building-future-ready-vocational-education-and-training-systems_28551a79-en.html
[92] https://worldskillsarchive.org/files/original/9b398b04e09363de300b9a103120cff655cf09d4.pdf
[93] https://worldskills.org/what/projects/pisa-vet/
[94] Европската стратегија за СОО, EQF и ECVET се директно рефлектирани во националната рамка преку Законот за Националната рамка на квалификации (НРК), кој е рефериран кон EQF и самосертифициран кон QF-EHEA (спомнато во првиот дел од документот).

поддржале развојот на нови модели на образование и би ја забрзало модернизацијата на системот за СОО. Во контекст на зелената и праведна транзиција, неопходно е развивање **флексибилни модуларни програми за зелени вештини, како и воведување модуларни програми за брзо стекнување на знаења и вештини барани на пазарот**. Модуларните програми ќе овозможат побрзо стекнување квалификации, преквалификација и доквалификација, вклучувајќи зелени технологии и дигитални компетенции. Овие програми е потребно да се развиваат во партнерство со индустријата и да се пилотираат во центри за стручно образование и обука, со цел да се обезбеди практична обука во реални работни услови. Паралелно, во рамки на СОО за возрасни потребно е креирање програми за преквалификација и доквалификација на работници од ранливи групи, со цел да се обезбеди инклузивност и конкурентност на работната сила. Регионалните центри за стручно образование и обука во партнерство со индустријата и локалните заедници имаат клучна улога во реализација на овие приоритети, посебно во услови на зелена и праведна транзиција.

Како регионални хабови, тие можат да обезбедат инфраструктура и ресурси за развој и имплементација на флексибилни програми за зелени вештини, како и модуларни програми.

Постои **позитивен тренд во зголемувањето на интересот на учениците** за упис во стручното образование (во учебната 2024/25-69% , а во 2025/2026-71%). Тоа покажува дека програмите за стручното образование се препознаваат како добар избор од страна на голем дел од учениците и нивните родители. Ова се должи на систематска промоција на СОО како квалитетна и перспективна образовна патека.

Но, **двегодишните и тригодишните програми во СОО покажуваат значајна неатрактивност** за учениците и нивните родители. Согласно НРК, учениците во средно стручно образование во траење до две години, добиваат диплома за II ниво на квалификација со додаток на диплома за соодветната квалификација, а учениците во средно стручно образование во траење од три години, добиваат диплома за III ниво на квалификација со додаток на диплома за соодветната квалификација. Според податоците во учебната 2025/2026 година, само 2,15% од сите запишани ученици во стручно образование се определиле за тригодишни програми, додека во двегодишните програми нема воопшто запишани ученици. Ова значи дека 97,85% од учениците во средното стручно образование избираат четиригодишни програми, коишто се на IV ниво на квалификации според НРК, што укажува на ниска перцепција за вредноста и перспективата на пократките образовни патеки. Причините за оваа неатрактивност вклучуваат недоволна информираност за можностите за вработување, како и перцепцијата дека овие програми водат кон ниско квалификувани работни места без можности за напредување. За надминување на овој предизвик, потребна е промоцијата и на двегодишните и тригодишните програми, со активно вклучување на индустријата и локалните заедници, јакнење на системите за кариерно насочување, интензивна промоција на успешни примери и професионални патеки, како и мотивирање на учениците.

**Дуалното образование во РСМ продолжува да се развива како модел којшто ги поврзува средните стручни училишта со реалниот сектор.** Според податоците на Министерството за образование и наука во 2025/2026 година, од 11 842 ученици коишто се запишале во прва година во СОО, 3 913 ученици (или 33%) се запишале во дуалното образование. Овој модел овозможува стекнување практични вештини во реална

работна средина што значително ја подобрува вработливоста на учениците, а за компаниите дава можност за директна вклученост во креирањето на програми и учество во образованието на младите. Во училиштата, за зајакнување на соработката со компаниите обезбедени се над 120 сертифицирани координатори за практично образование. Учениците коишто се дел од дуалното образование добиваат финансиски надоместоци за време на практичната обука, при што надоместокот варира во зависност од компанијата и бројот на часови, а МОН обезбедува стипендии за овие ученици. Сепак, потребно е дополнително да се развијат механизми и програми за поддршка коишто ќе ја поттикнат мотивацијата, преку квалитетот на практичното образование, иновативни методи на учење, можностите за кариера, вклученоста на атрактивни компании и поддршка на малите и средните компании. Исто така, врз основа на некои од позитивните пилот примери, треба да се размисли за вклучување на работодавачите во процесот на упис, особено во дуалните паралелки, со цел подобро усогласување на образовните профили со реалните потреби на индустријата.

**Позитивен тренд се забележува и во интернационализацијата на СОО. Нашата земја е вклучена на платформата WorldSkills[95] и WorldSkills Europe/EuroSkills**[96], најголемата глобална и европска платформа за извонредност во вештини и стручно образование. Преку членството во WorldSkills и WorldSkills Europe / EuroSkills, РСМ станува дел од заедница од 34 земји коишто вложуваат во стручни вештини, младинска едукација и конкурентност на трудовите пазари. Платформата им овозможува на младите да се натпреваруваат на европски и светски нивоа, но и на институциите да го унапредат квалитетот на стручното образование преку размена на искуства, политики и практики.

Преку **Националната агенција за европски образовни програми и мобилност**, којашто ја спроведува програмата **Еразмус+**, во 2024 година над 1 200 ученици и наставници учествуваа во меѓународни мобилности, придонесувајќи за размена на знаења и развој на глобално релевантни компетенции. Дополнително, **Регионалниот фонд за предизвици (RCF)** финансираше седум проекти за модернизација на опрема и наставни програми. Овие иницијативи значително го зголемуваат квалитетот и релевантноста на образованието. Усогласувањето на квалификациите со Европската рамка на квалификации (EQF) и интеграцијата на Europass мобилност ќе го поттикнат учеството во меѓународни натпревари и програми, за развој на конкурентни вештини и интернационализација на стручното образование и обука.

**Сепак, и покрај овие позитивни поместувања има сериозни предизвици.** Демографските трендови покажуваат **стареење на населението и иселување на младите** – над 20 000 годишно ја напуштаат земјата – што директно влијае врз бројот на ученици. **Иако СОО бележи раст, тоа сè уште не е прв избор за многу млади**. **Родовиот јаз е се уште присутен во некои технички профили**, каде што само 12% од учениците се девојчиња. **Младинската невработеност изнесува 23,6%, а NEET популацијата (млади коишто не се во образование, вработување или обука) надминува 20%, што е значително над европскиот просек**. Анализите на ОЕЦД се поврзани со демографските предизвици, NEET популација и потребата од флексибилни патеки за учење, што Сtaratегијата треба да ги истакне како национален приоритет.

[95] https://worldskills.org/
[96] https://worldskillseurope.org/

Дополнително, и покрај одредени мерки за поддршка, **инклузијата на ранливи групи во СОО останува ограничена**. Особено се забележува ограничен пристап за ученици од рурални средини, поради географски, економски и инфраструктурни бариери, недоволна интеграција на ученици од Ромската заедница, и покрај постоечките програми за поддршка и стипендирање.

Во рамки на подготовката на Стратегијата за образование 2026–2032, на 10 септември 2025 година беше отворен **онлајн прашалник за консултации**. Прашалникот беше достапен за сите засегнати страни – наставен кадар, ученици, родители/старатели, стручни служби, институции, работодавачи, бизнис здруженија и невладин сектор – со цел обезбедување транспарентност и инклузивност во процесот на креирање на стратегијата. Во текот на консултациите пристигнаа 2 730 сугестии, коишто претставуваат значаен придонес за подобрување на квалитетот на образовните политики. На прашањето поврзано со начините на коишто може да се подобри пристапот до квалитетно стручно образование, особено за ученици од рурални и маргинализирани средини, испитаниците најчесто предложиле: финансиска поддршка (стипендии, превоз, оброци) – 31%; обезбедување бесплатен интернет и технолошка опрема за ученици – 15%; како и менторство и индивидуализирана поддршка – 14%. Овие наоди укажуваат на потребата од системски мерки коишто ќе ги намалат економските и инфраструктурните бариери, ќе обезбедат дигитална инклузија и ќе поттикнат развој на програми за психо-социјална и академска поддршка. Кога станува збор за учениците со попреченост, непостоењето на механизам за соодветна поддршка на учениците при изведувањето на практичната настава, вклученоста, но и достапноста на СОО се уште еден предизвик на којшто оваа Стратегија треба да даде одговор. Овие нееднаквости, во контекст на **УНЕСКО и МОТ ( ILO),** ја намалуваат социјалната праведност и еднаквоста во пристапот до квалитетно образование, и го ограничуваат потенцијалот на СОО да придонесе кон инклузивен економски развој.

За подобрување на состојбата, потребно е: целен развој и примена на инклузивни политики и програми, јакнење на локалната поддршка и инфраструктура, како и активна промоција на СОО како достапна и вредна опција за сите ученици, без оглед на пол, етничка припадност или социоекономски статус.

Институционалната архитектура на СОО е широка со надлежности на: Министерството за образование, Центарот за развој на стручното образование, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар, коморите и останати институции и партнери. Од 2020 година започнато е со воспоставување Регионални центри за стручно образование и обука (РЦСОО). **Иако седум стручни училишта се формално назначени како РЦСОО, нивната реална функционалност е ограничена.** Главните причини за ова се: недоволна техничка и технолошка опременост на сите центри што го ограничува капацитетот за обезбедување современа практична обука, го попречуваат исполнувањето на нивната основна функција – да бидат регионални хабови за стручно образование, обука и преквалификација, коишто ги поврзуваат училиштата, индустријата на регионално и локално ниво како и локалните заедници. Дополнително, **неповолната состојба со човечките ресурси во Центарот за развој на стручното образование сериозно влијае на обезбедувањето и контролата на квалитетот во стручното образование**. Оваа слабост ја нагласува потребата од јасни механизми за следење и подобрување на програмите.

Иако МОН со поддршка од Светска банка (Проектот за поддршка на развојот на вештини и иновации (Skills Development and Innovation Support Project - SDIS) и проекти финансирани од ЕУ овозможи опремување на многу стручни училишта, **инфраструктурата е недоволна** – над 40% училишта немаат лаборатории или работилници или опремата е постара од една деценија. **Застарената техничка опрема, недоволно функционалните работилници и ограничените материјални ресурси**, директно влијаат врз квалитетот на практичната настава, можноста за реална симулација на работни процеси, и усогласеноста со современите технолошки стандарди и барања на пазарот на труд и реалните услови за работа во компаниите.

Одговорите на консултативниот прашалник за подготовка на Стратегијата покажаа дека најчесто истакнати приоритети се: подобра опременост на училиштата и работилниците – 16%, модерни и практични наставни програми – 20%, повеќе практична настава и учење преку работа (дуално образование) – 21%. Овие резултати укажуваат на силна потреба од инвестиции во инфраструктура, ревизија на наставните програми и засилување на моделите за учење преку работа, како клучни предуслови за модернизација на образовниот систем и зголемување на неговата релевантност.

**Системот за следење на резултати моментално е во пилот-фаза во 15 училишта, со планирана национална имплементација до крајот на 2026 година.** Оваа платформа, како дел од дигиталната трансформација на СОО, има за цел да обезбеди систематско следење на податоци за ученици, наставници, компании и процесот на практична обука. Без функционален систем за податоци, тешко е да се планира, евалуира и подобрува образовната политика, што го прави овој инструмент клучен за управување со квалитетот. Покрај дигиталната платформа, потребно е да се воспостават механизми за редовна евалуација на програмите, вклучувајќи ги завршниот испит училишната стручна матура и државната стручна матура, како и надворешна проверка на квалитетот. Овие механизми ќе обезбедат транспарентност, континуирано подобрување и усогласеност со Европски кредитен систем за стручно образование и обука (ЕКССОО -ECVET) и со Европска референтна рамка за обезбедување квалитет во стручното образование и обука (EQAVET).

Одговорите на консултативниот прашалник во врска со механизмите коишто треба да се вклучат за да се обезбеди квалитет и релевантност на стручните програми, опфаќаа: редовна евалуација и повратни информации од ученици – 15%, засилена практична настава – 17%, и учење преку работа (дуално образование) – 18%. Овие наоди потврдуваат дека квалитетот на програмите не зависи само од нивната содржина, туку и од динамични механизми за континуирано следење, активна вклученост на учениците и интеграција на реални работни искуства во наставниот процес.

**Лидерските капацитети на училиштата се нерамномерни, а системот за кариерно советување е недоволно развиен** – само едно од пет училишта има обучен кариерен советник. Наставниот кадар и менторите во системот на СОО се соочуваат со ограничени можности за континуирано професионално усовршување, особено во области коишто се клучни за модерното работно опкружување, како што се дигиталните технологии, зелените вештини, и трансферзални вештини. Само 35% од наставниците имаат обука за дигитални вештини, а помалку од 20% се обучени за зелени технологии. Во земјата недостасува функционален систем за сертификација и акредитација на ментори, што го отежнува нивното формално признавање и интеграција во процесот на учење преку работа. Ова влијае на квалитетот на практичната обука во компаниите,

мотивираноста на индустриските партнери да се вклучат во образовниот процес, како и усогласеноста со европските стандарди за обука на обучувачи и ментори во компаниите. Континуираното професионално усовршување на наставниците и менторите е клучно за модернизација на СОО. Потребно е надополнување на национална програма за обука и сертификација, со акцент на дигитални алатки, зелени технологии и индивидуализиран пристап кон учениците. Ова ќе обезбеди усогласеност со европските стандарди и ќе ја зголеми мотивацијата на индустриските партнери.

И покрај сѐ, СОО останува надежен механизам за трансформација. Со вистински инвестиции, со јасна визија и со ангажман на сите засегнати страни СОО може да стане прв избор за младите и да биде патот кон достоинствена работа, личен развој и економска стабилност. Оваа Стратегија го препознава СОО не само како образовен сегмент, туку како двигател на иднината и на националниот развој поради што е потребна негова континуирана надградба и модернизација.

## Постсредно образование и обука и кратки стручни студии на ниво V

Пострeдното образование и обука (ПСОО) и кратките стручни студии од V ниво претставуваат клучен сегмент за развој на квалификувана работна сила и зајакнување на конкурентноста на економијата. Во рамки на Националната рамка на квалификации (НРК), програмите за кратки стручни студии (подниво VA) и програмите за постсредно образование (подниво VБ) обезбедуваат флексибилни, практично ориентирани патеки за учење, коишто одговараат на динамичните потреби на пазарот на труд и технолошките промени. Овие програми овозможуваат брз пристап до нови професионални можности, поддршка на доживотното учење и вертикална проодност кон повисоки степени на образование. Воспоставувањето на програмите за кратките стручни студии и постсредното образование, како и модернизацијата на системот за постсредно образование е стратешки приоритет за Република Северна Македонија, со цел интеграција на европските стандарди, дигитални и зелени компетенции и силна соработка со индустријата.

### *Кратки стручни студии – подниво VA*

**Кратките стручни студии од поднивото VA (усогласено со нивото 5 на Европската рамка на квалификации – EQF), овозможуваат стекнување специфични, практично применливи знаења и вештини за пократок временски период (обично 1–2 години, односно 90–120 ЕКТС**), без да се стекне академски степен. Тие претставуваат флексибилен, пазарно ориентиран модел на образование, којшто може брзо да се прилагоди на технолошките трендови и нови занимања, создавајќи директна врска меѓу образовниот систем и потребите на пазарот на труд.

**Иако Законот за високото образование предвидува можност за воспоставување кратки стручни студии како дел од системот на високо образование, овие програми сѐ уште не се воспоставени во пракса.** Оваа празнина го ограничува капацитетот на системот на високо образование да одговори на брзите технолошки и економски промени и на појавата на нови професии.

**Истовремено, европските примери (Австрија, Ирска, Германија) покажуваат дека кратките програми можат да бидат ефикасен мост меѓу средното и високото образование**. Во повеќето европски земји, ваквите програми се развиваат во тесна

соработка со компаниите и коморите, со што се обезбедува силна практична и апликативна компонента и реално вклучување на работодавците во наставата и процесот на оценување.

**Нивното воведување во РСМ би создало услови за брз пристап до пазарот на труд, зголемена конкурентност на работната сила, но и за вертикална проодност кон додипломските програми, што е од суштинско значење за поддршка на доживотното учење и економскиот развој.** Поради тоа, постепеното воведувањето на кратките стручни студии, вклучувајќи таргетирано пилотирање во неколку области, треба да биде меѓу приоритетите на следниот циклус на реформи на образованието во РСМ.

***Постсредно образование и обука - подниво VБ***

ПСОО претставува значаен сегмент од системот за стручно образование и обука, со коешто се стекнуваат **квалификации од ниво V, пониво VБ според НРК, односно степен 4 според ISCED 2011**. Во постсредното образование и обука се реализираат програми за дополнителни и продлабочени стручни знаења, вештини и компетенции во однос на претходно стекнатите вештини и компетенции со цел да се излезе во пресрет на специфични потреби на пазарот на труд, професионален развој на кандидатите и подобрување на вработливоста и вработеноста. Овој тип образование се реализира преку програми за специјалистичко образование и програми за образование за мајстор во акредитирани установи за постсредно образование и обука.

Наставните програми **се модуларно дизајнирани, базирани на стандарди на квалификација, со обем од 60 до 120 ЕКВЕТ кредити и со времетраење од шест месеци до две години**. Финансирањето најчесто се обезбедува преку донаторски средства и партнерства и самофинансирање на кандидатите, бидејќи ПСОО не е задолжително и не се финансира директно од државниот буџет.

Постсредното образование на подниво VБ во РСМ е регулирано со повеќе закони и стратешки документи. **Законот за Националната рамка за квалификации**[97] ги распоредува квалификациите коишто се стекнуваат преку програмите за постсредното образование на поднивото VБ, коешто обезбедува напредни знаења и вештини за извршување сложени задачи во одредена професионална област, без да се стекне академски степен. Овој закон гарантира усогласеност на квалификациите со европските стандарди и овозможува вертикална и хоризонтална проодност. Основната правна рамка ја поставува З**аконот за стручно образование и обука**[98], којшто го дефинира постсредното образование како дел од системот за стручно образование и обука насочен кон стекнување квалификации од петто ниво. Законот предвидува постоење на наставни планови, програми и испитни програми за специјалистичко образование и образование за мајстор, реализација на ПСОО во јавни и приватни установи, комори и регионални центри, и поголем обем на специјалистичка, односно мајсторска практична обука.

97 https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/zakoni
98 https://epale.ec.europa.eu/mk/resource-centre/content/zakon-za-struchno-obrazovanie-i-obuka-2024

**Законот за образование на возрасните**[99] **и Законот за високото образование**[100] се надополнуваат во делот на доживотно учење и можностите за понатамошно образование, додека **Концепцијата за постсредно образование (2025)**[101] ја поставува стратегиската насока за развој на флексибилни, кратки и практично ориентирани програми, усогласени со потребите на индустријата и принципите на европските политики за ТВЕТ[102]. Концепцијата воведува значајни промени насочени кон модернизација и поголема релевантност на програмите. Таа предвидува флексибилни и кратки програми, модуларно дизајнирани и базирани на стандарди на квалификации, со можност за признавање на претходно стекнати знаења и компетенции. Концепцијата е целосно усогласена со Националната рамка на квалификации, што овозможува транспарентност и проодност кон високо образование и други форми на доживотно учење. Особен акцент се става на практичното учење преку работа, воведување дуален пристап, како и интеграција на дигитални и зелени компетенции во наставните содржини во согласност со европските приоритети за дигитална и зелена транзиција. Можноста за вклучување на лица со завршено двегодишно и тригодишно стручно образование, како и возрасни лица во ПСОО обезбедува поголема инклузивност преку можноста за понатамошно учење и развој за стекнување повисока квалификација којашто полесно е препознаена и прифатена на пазарот на труд. Концепцијата предвидува континуирано подобрување и навремено ажурирање на програмите според потребите на индустријата и развој на механизми за валидација на неформално и информално учење, што ја прави оваа образовна опција динамична, практично ориентирана и тесно поврзана со пазарот на труд.

**Стратегијата за паметна специјализација на РСМ (2024–2027)**[103] ја поставува целта за развој на човечкиот капитал и вештини како клучен предуслов за зелена и дигитална трансформација на економијата. Оваа цел се фокусира на создавање кадар којшто ќе одговори на потребите на индустриите со највисок потенцијал за раст и иновации. Стратегијата идентификува четири вертикални приоритетни домени: паметно земјоделство и храна со повисока додадена вредност, информатички и комуникациски технологии, електро-машинска индустрија – Индустрија 4.0, и одржливи материјали и паметни згради. Целта е да се поттикне интеграција на знаења, иновации и технологија, преку образовни програми, истражувачки инфраструктури и партнерства меѓу академијата и индустријата, со што ќе се обезбеди квалификувана работна сила за новите пазари и технолошки предизвици. Постсредното образование овозможува постигнување на овие цели поради својата флексибилност, динамичност, времетраење и големата вклученост на бизнис секторот во неговото креирање и реализација.

Овие документи заедно обезбедуваат правна и стратешка основа за трансформација на постсредното образование во систем којшто е релевантен, квалитетен и ориентиран кон пазарот на труд, со акцент на дигитализација, зелена транзиција и партнерства со индустријата.

---

[99] https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/zakoni
[100] https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/zakoni
[101] https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/koncepcii/koncepcija-za-postsredno-obrazovanie
[102] ТВЕТ (Техничко и стручно образование и обука) е поширок концепт кој опфаќа сите форми на стручно образование и обука – од средно, постсредно, па сè до делови од високото образование, каде што постои силен практичен фокус. Постсредното стручно образование (ПСО) е дел од ТВЕТ системот и се позиционира над средното образование, но под академското високо образование. Во рамките на Европската квалификациска рамка (EQF), тоа најчесто одговара на ниво 5, кое се смета за „кратки циклуси“ или специјализирани програми за конкретни професии
[103] https://fitr.mk/wp-content/uploads/2024/01/Strategija-za-pametna-specijalizacija-2024-2027.pdf

Квалитетното постсредно образование има **клучна улога во намалување на јазот меѓу потребите на пазарот на труд и вештините на работната сила**. Тоа овозможува пристап до специјализирани работни места за коишто квалификациите не можат да се стекнат преку класичното стручно образование. Учесниците во овој вид образование се стекнуваат со специфични знаења и вештини за работа со нови технологии, за организација или водење на оперативните работи во компаниите и во услужниот сектор, за раководни функции на пониско ниво, за менторство и за специјализирани висококвалитетни услуги.

Особено значајно е **образованието за мајстор**, коешто обезбедува специјализирани компетенции за занаетчиски и технички професии, директно поврзани со потребите на микро-компаниите и занаетчиите – сегмент којшто доминира во економијата на РСМ, каде што над **84% од активните претпријатија имаат 1–9 вработени**, а занаетчиството претставува клучен двигател на локалниот развој. Овој модел на образование е стратешки важен за подобрување на конкурентноста, самовработувањето и обезбедување квалификувана работна сила за секторите кои најбрзо се адаптираат на дигиталната и зелената трансформација.

Според анализата на УНДП „Извештај од анализата на состојбата на тековниот систем на постсредното образование"[104] и концепцијата на МОН „Концепција за постсредно образование/VБ[105], **постсредното образование треба да обезбеди флексибилни, кратки и практично ориентирани програми, насочени кон стекнување квалификации од ниво 5 според Македонската рамка на квалификации**, коешто е клучно за **подобрување на релевантноста на програмите и нивната усогласеност со потребите на индустријата.**

Во контекст на европските стандарди и принципите на доживотно учење, ПСОО во РСМ се наоѓа во процес на трансформација. **Иако законската рамка е воспоставена, имплементацијата е ограничена**.

**Недостасуваат акредитирани установи, соодветно опремени простории и обучен наставен кадар којшто комбинира теоретски знаења и практично искуство.** Сепак, скоро секое училиште за СОО има можност да нуди програми за ПСОО, а една од клучните функции на седумте Регионални центри за развој на стручно образование е токму обезбедување ПСОО.

**Соработката со приватниот сектор е слаба**, што резултира со програми коишто не се доволно релевантни за реалните потреби на индустријата. **Работодавачите ретко се вклучени во дизајнот и имплементацијата на програмите, а недоволната промоција на ПСОО како вредна алтернатива на академското образование влијае врз мотивацијата и запишувањето**. Дополнително, недостасуваат детални статистички податоци за бројот на учесници, успешноста на програмите и нивната поврзаност со вработување, што го отежнува планирањето и креирањето политики базирани на податоци. Имено, во **„Статистички годишник"**[106] и **„Република Северна Македонија во бројки"**[107] нема посебна табела за *постсредно образование* како категорија.

---

[104] https://skills4future.mk/wp-content/uploads/2020/12/Izvestaj-Analiza-na-postsrednoto-obrazovanie-MKD-.pdf
[105] https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/koncepcii/koncepcija-za-postsredno-obrazovanie
[106] https://www.stat.mk/mk/site-publikafii/statistichki-godishnik/statistichki-godishnik-2025/
[107] https://www.stat.mk/mk/site-publikafii/%D1%81%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-

Податоците се групирани за **основно**, **средно** и **високо образование**. Во базата **MakStat (PxWeb)**[108] има индикатори за запишани ученици и студенти, но категоријата „постсредно" не е експлицитно издвоена  Во моментов како најточно може да се сметаат податоците коишто ги прибира МОН, за бројот на запишани ученици во постсредно образование во средните стручни училишта при што таа бројка за учебна 2024/2025  изнесува **218**.

Зајакнувањето на неакадемското, стручно ориентирано постсредно образование е цел на образовните политики во многу европски држави бидејќи обезбедува можности за учење и напредување на лицата коишто немаат пристап до високото образование. **Искуствата, како оние од Германија, Швајцарија и Сингапур,** покажуваат дека успешните ТВЕТ системи с**е засноваат на дуално образование, модуларни програми и силни партнерства со индустријата**. Овој пристап е во согласност со европските и глобалните насоки, вклучувајќи ги и **Рига декларацијата**[109] **(2015)** којашто поставува пет приоритети за ТВЕТ, меѓу кои се подобрување на квалитетот, транспарентноста и мобилноста на квалификациите. **Оснабрик декларацијата (2020)**[110] го нагласува ТВЕТ како двигател на дигиталната и зелената транзиција и повикува на силни партнерства со социјалните партнери и индустријата. **ЕКССОО** (**ECVET) рамката (Европски кредит систем за стручно образование и обука)**[111] обезбедува механизми за трансфер и признавање на резултатите од учењето, со цел да се поттикне мобилност и транспарентност на квалификациите. **Анализи на МОТ**[112] – ја истакнуваат потребата од адаптивни системи за развој на вештини во контекст на технолошки промени, климатски предизвици и демографски трансформации. **Извештаи на ЕТФ**[113] пак ја нагласуваат важноста на постсредното образование за вработливост и развој на вештини, особено во земјите во транзиција, и потребата од системи за доживотно учење. Дополнително, овие документи се усогласени со **Европската агенда за вештини и иницијативите**[114] **на Европскиот центар за развој на стручното образование и обука (CEDEFOP)** за модернизација на ТВЕТ системите, коишто промовираат модуларност, дигитализација и зелени компетенции.

За да се постигне напредок во РСМ, потребно е јакнење на координацијата меѓу институциите, работодавачите и донаторите, развој на механизми за акредитација и контрола на квалитет, како и промоција на ПСОО како флексибилна и практично ориентирана опција за градење кариера.

---

%D0%B1%D1%80%D0%BE%D1%98%D0%BA%D0%B8/%D1%81%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%B1%D1%80%D0%BE%D1%98%D0%BA%D0%B8-2025/

[108] https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__ObrazovanieNauka__PolindikatorObrazovanie/999_PoloviStatistikiObr_ml.px

[109] Рига декларација (2015): https://www.cedefop.europa.eu/en/publications/3078

[110] Оснабрик декларација (2020): https://www.cedefop.europa.eu/en/publications/4193

[111] ECVET рамка: https://ec.europa.eu/education/resources-and-tools/the-european-credit-system-for-vocational-education-and-training-ecvet_en

[112] ILO анализи: https://www.ilo.org/skills

[113] ETF извештаи: https://www.etf.europa.eu/en/publications-and-resources

[114] Европска агенда за вештини и Cedefop: https://www.cedefop.europa.eu/en/themes/skills

## ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВОЗРАСНИ

Образованието на возрасни е стратешки приоритет за личен и професионален развој во РСМ. Стратегијата за образование 2018–2025 постави основа за системско развивање на образованието на возрасни. Со неа беше постигната зголемена вклученост на возрасни лица во формално и неформално образование, особено преку обуки на работното место и кратки курсеви. Беа развиени програми за преквалификација и обука во согласност со потребите на пазарот на труд и беше воведен концепт за валидирање на неформално образование и информално учење, како дел од националната рамка на квалификации. РСМ го дефинира учењето на возрасни како национален приоритет, што бара јасно рефлектирање и во европските политички документи. Новата Декларацијата од Херниг[115] отвора можност за вклучување на конкретни обврски поврзани со образованието на возрасните.

Со цел модернизација и унапредување на системот за образование на возрасните, во декември 2024 година беше усвоен нов **Закон за образование на возрасните**[116], којшто воведува два клучни инструменти: акредитација и валидација. Со акредитацијата се обезбедува квалитет и релевантност на програмите, додека преку валидацијата се овозможува официјално признавање на знаењата и вештините стекнати преку неформално образование  и информално учење. Овие новини ќе придонесат за поголема доверба во системот и ќе ја  зголемат  мобилноста на пазарот на труд.

**Иако системот предвидува акредитација и верификација на програми, моментално критериумите не ја мерат усогласеноста со пазарот на труд.** Ова може да доведе до програми коишто не одговараат на реалните потреби, ниска мотивација кај учесниците и работодавачите. Тоа ја наметнува и потребата програмите за неформално образование на возрасни да имаат модуларна структура, што ќе овозможи постепено завршување на модули до стекнување на целосна квалификација, како и добивање описна евалуација којашто го отсликува степенот на самостојност во извршување на задачи (со постојан, повремен или континуиран надзор), по примерот на формалното образование. Како предуслов за модуларноста на програмите, потребно е да се изготват и **модуларни стандарди на квалификации** коишто ќе овозможуваат флексибилност и прилагодливост кон потребите на различни целни групи. Овие стандарди е потребно да бидат усогласени со Националната рамка на квалификации и Европската рамка за квалификации.

Во насока на Европската агенда за учење на возрасни, донесена е **Стратегија за образование на возрасните за периодот 2025–2030**[117], којашто посветува особено внимание на обуката на наставниците и обучувачите, коишто се клучен фактор за квалитетна реализација на верификуваните програми. Континуираното професионално усовршување, користењето на современи методи и дигитални алатки, како и развојот на инклузивни пристапи, се предуслов за успешна работа со различни целни групи. За да се обезбеди квалитетна имплементација на Стратегијата за образование на возрасните, неопходна е оптимизација на системот којашто ќе гарантира доволно број и доволно компетентен кадар за реализација на програмите за образование на

[115] herning-declaration-2025-english.pdf
[116] Microsoft-Word-Sluzben-del-3_2025.pdf
[117] cov.gov.mk/wp-content/uploads/2025/06/2025-2030-.pdf

возрасните. Ова подразбира развој на механизми за планирање и предвидување на потребите за обучувачи, наставници и експерти во согласност со динамиката на пазарот на труд и технолошките промени. Ќе се воведат програми за преквалификација и доквалификација на наставниците, со цел тие да стекнат современи дигитални и андрагошки компетенции, како и знаења за инклузивни пристапи и работа со возрасни лица од различни целни групи.

Во рамки на подготовката на Стратегијата за образование 2026–2032, на 19 август 2025 година беше отворен онлајн прашалник за консултации, достапен за сите засегнати страни – работодавачи, бизнис здруженија, невладини организации, спроведувачи на обука и институции, со цел обезбедување транспарентност и инклузивност во процесот. Пристигнаа вкупно 124 сугестии, коишто укажаа на неколку приоритети: **најважни потреби на возрасната популација се пристап до флексибилни и кратки програми** (18%), **развој на дигитални вештини и писменост** (19%) и **признавање на претходно стекнати знаења** (12%). **Забележлив е нискиот интерес (3%) за зелени и одржливи вештини, што укажува на потреба од поголема информираност за трендовите поврзани со зелената агенда и праведната транзиција**. За подобар пристап до образовни програми, особено за маргинализирани групи, најчесто предложени решенија се развој на **онлајн платформи и обуки коишто се поддржани од мобилни технологии** (17%) и **финансиска поддршка преку стипендии и субвенции** (17%). Во однос на квалитетот и релевантноста на програмите, се издвојуваат редовна евалуација и повратни информации (18%), прилагодување на содржината според потребите на пазарот на труд (19%) и обука и сертификација на обучувачи (15%).

Во контекст на праведната транзиција (just transition), интегрирање на обуки за зелени вештини и нови професии поврзани со енергетската транзиција и одржливиот развој е клучно за обезбедување фер и правична транзиција на работната сила кон економија со ниски емисии на јаглерод, при што ќе се поддржат секторите и регионите кои се најпогодени од структурните промени. Преку партнерства со индустријата, синдикатите и локалните заедници, треба да се развијат програми за преквалификација коишто ќе овозможат работниците да се адаптираат на новите услови и да останат конкурентни на пазарот на труд, како и развој на зелени и дигитални вештини, кои се клучни за одржлив економски раст и технолошка трансформација.

Во согласност со новиот Закон за образование на возрасните и нацрт Законот за професионална рехабилитација, активностите за работно оспособување и професионална рехабилитација се интегрираат како дел од понудата на образовни програми. Ова е особено важно за лицата со попреченост и другите ранливи категории, со цел нивна полесна интеграција на пазарот на труд, како и осудени лица и млади упатени на воспитна мерка од воспитно-поправните установи, со цел нивна побрза и полесна ресоцијализација и интеграција во општеството и на пазарот на трудот.

**Поддршката за доживотно учење е поставена како национален и европски приоритет**, со цел да се овозможи секој возрасен да има пристап до образование и да ги надградува своите вештини во текот на целиот живот. Таа се реализира преку финансиски инструменти, промоција на културата на учење, развој на нови програми и олеснување на пристапот до образование за сите возрасни. Ова е клучно за зголемување на конкурентноста на работната сила и за создавање поинклузивно и динамично општество.

Според Државниот завод за статистика[118], во 2022 година, 346 155 лица на возраст од 18 до 69 години учествувале во образование и доживотно учење (од кои 48,5% мажи, а 51,5% жени). Најголемо учество имаат лицата од 18 до 24 години (28,1%), најмало од 65 до 69 години (0,3%). Стапката на учество во образование и обука е 27,7%, а кај лицата од 25 до 34 години е 37,2%. 35,8% од лицата посетувале формално образование, а 71,8% неформално образование. 41,2% од вработените посетувале формално образование, а 93,6% неформално образование. 48,7% од неформалното образование е обука на работното место, 37,8% курсеви, 29,1% работилници и семинари.

Образованието на возрасните во РСМ се соочува со повеќе структурни и системски предизвици, почнувајќи од **достапноста**. **Најголем дел од програмите за образование на возрасни се достапни во урбаните центри, додека во руралните и помалку развиени региони понудата е ограничена или целосно недостапна.** Во руралните средини, ограничената достапност до програми за образование на возрасни значително ја намалува можноста за преквалификација, личен развој и активно учество на пазарот на труд. Во 2022 година, само 27,7% од лицата на возраст од 18 до 69 години во Република Северна Македонија учествувале во образовни активности, при што најмалку застапени биле лицата од руралните и помалку развиени региони. Недостигот од локални образовни институции и мобилни обучувачки тимови дополнително ја продлабочува територијалната нееднаквост.[119]

Во овие области евидентен е **недостатокот на инфраструктура - недоволно опремени училишта и центри за обука, како и ограничен пристап до интернет и дигитални алатки**, дополнително ја отежнуваат реализацијата на програми во руралните средини. Ова ја намалува можноста за преквалификација и личен развој на жителите во тие средини и бара системски пристап за подобрување на инфраструктурата и дигиталната инклузија. Според Студија за руралниот развој[120] и податоци од 2021 година, 13,8% од населението во руралните средини има некомплетно основно образование, а 4,2% нема никакво образование.

**Во моментов, најголем дел од програмите за образование на возрасни се достапни само на македонски јазик**, што создава и јазични бариери што води кон нееднаква пристапност до можности за учење, но и продлабочување на социјалната и економската нееднаквост. РЦСОО имаат инфраструктура, кадар и капацитет за обуки, но нивниот потенцијал за образование на возрасни не е искористен. Вклучувањето на овие центри би овозможило **децентрализација на понудата** и подобра достапност во рурални и помалку развиени региони, **оптимално користење на постојната инфраструктура,** како и **интеграција на формално и неформално образование** во еден систем.

**Дигиталниот јаз**[121] е уште еден предизвик. Иако се воведуваат онлајн платформи, дел од населението нема соодветни дигитални вештини или пристап до интернет, што ја ограничува нивната вклученост. Според *Евростат*, само **35% од населението во Македонија** во 2021 година поседувало **основни или над основни**

---

[118] https://www.stat.gov.mk/pdf/2023/2.1.23.31_mk.pdf

[119] https://nkeu.mk/wp-content/uploads/2025/10/ET-mladi-vo-ruralni-sredini-25-09-2025-1.pdf

[120] https://nkeu.mk/wp-content/uploads/2025/10/ET-mladi-vo-ruralni-sredini-25-09-2025-1.pdf

[121] https://files.acquia.undp.org/public/migration/mk/1b81c1b9502d712270768b572af3f14358cceec7012eb7503676cbbe9ece85de.pdf

**дигитални вештини**, наспроти **54% во ЕУ-27**. Дополнително, **ниската мотивација и недоволната информираност**[122] кај возрасните лица се јавуваат како сериозни пречки. Истражувањата покажуваат дека многу возрасни лица не се доволно информирани за постојните можности за учење, како и за придобивките од доживотното учење. Дел од возрасните не ја препознаваат вредноста на новите квалификации или се скептични кон ефектите од неформалното образование, додека пак дел се демотивирани поради работни и семејни обврски, што го ограничува времето и енергијата за дополнително образование.

**Недоволната валоризација на неформалното учење** е уште еден значаен проблем. Иако сѐ повеќе се препознава важноста на вештините стекнати надвор од формалното образование, системот за нивно признавање и валидирање е сѐ уште во развој и не е целосно функционален. Во тек е развој на национален систем за признавање на вештини стекнати преку работа, волонтерство или неформални обуки, во согласност со Европската рамка за квалификации. Се спроведуваат пилот-проекти за валидирање во неколку сектори (градежништво, ИКТ, угостителство), но потребна е поширока примена и поедноставување на процедурите. И НРК ја препознава потребата од валоризација на неформалното учење, при што за нивото II коешто се однесува на средно стручно образование во траење до две години, учесниците во неформалното образование и обука коешто се однесува на обуки за стекнување квалификации или делумна квалификација, се стекнуваат со  сертификат за II ниво на квалификација со додаток на сертификат, на ниво III коешто се однесува на средно стручно образование во траење од три години, учесниците стекнуваат сертификат за III ниво на квалификација со додаток на сертификат, а на нивото IV коешто се однесува на средно гимназиско образование, средно стручно техничкото образование и средно уметничко образование во траење од четири години и учесниците се стекнуваат со сертификат за IV ниво на квалификација со додаток на сертификат.

Сепак, работодавачите сѐ уште повеќе ги вреднуваат формалните квалификации, што ја намалува мотивацијата за учество во неформални програми. Процесите за признавање на неформално стекнати вештини се сложени, долготрајни и често не се доволно транспарентни. Недоволна е информираноста кај граѓаните и работодавачите за можностите и придобивките од валидирањето на неформално стекнатите вештини.

**Координацијата меѓу институциите** (Министерство за образование, Центар за образование на возрасни, Агенција за вработување, локални самоуправи) останува слаба, што резултира со преклопување или празнини во понудата на активности, недостиг на заедничка база на податоци и неефикасно користење на ресурсите. Нема централизирана база за следење на учесници, програми и резултати, што го отежнува мониторингот и евалуацијата. Соработката со работодавачите и невладиниот сектор е сѐ уште на ниско ниво, што го ограничува развојот на релевантни програми. Потребно е не само подобрување на комуникацијата, туку и засилена соработка меѓу централните институции (МОН, Министерство за економија и труд, АВРМ), како и со приватниот сектор.

**Финансиските бариери** се значајна пречка за многу возрасни лица, бидејќи трошоците за учество во програми (школарини, материјали, патни трошоци), како и ограничената државна поддршка, го намалуваат нивниот пристап до преквалификација

---

[122] https://cov.gov.mk/wp-content/uploads/2025/06/2025-2030-.pdf

и обука. Државната и локалната поддршка за финансирање на преквалификација и обука е ограничена, а постојните фондови не ги покриваат сите категории на лица. Системот на стипендии, ваучери или индивидуални сметки за учење е во почетна фаза и не е достапен за сите заинтересирани.

**Усогласувањето на образованието на возрасните со реалните потреби на пазарот на труд** е еден од најголемите предизвици. Брзите промени во економијата и технологијата бараат програми кои се флексибилни и ориентирани кон практични, применливи вештини. Сепак, често недостигаат механизми за редовна анализа на потребите на пазарот на труд и за вклучување на работодавачите во креирањето на обуките, што доведува до несоодветна понуда на обуки и преквалификации. Компаниите се клучен фактор за развој на релевантни програми за преквалификација и доквалификација, бидејќи директно ги познаваат потребите на пазарот на труд. Вклучувањето на приватниот сектор преку јавно-приватни партнерства ќе овозможи флексибилност и практичност на програмите, со содржини коишто одговараат на реалните работни позиции, а споделувањето на ресурси (опрема, експерти, практична обука) ја намалува финансиската тежина за државата. Компаниите ќе можат да понудат гаранции за вработување по завршување на обуката, што ќе ја зголеми мотивација на возрасните за учество во образованието на возрасните. Затоа треба да се размислува и во насока на воспоставување на механизми за ко-дизајн на програми со индустријата.

**Дигитализацијата** на процесите и пристапот до учење е клучна за зголемување на достапноста, особено за лица од рурални и оддалечени средини. Иако се прават напори за воведување на онлајн платформи и дигитални алатки, дел од возрасната популација сè уште се соочува со недостиг на дигитални вештини и ограничен пристап до интернет. Недостатокот на Интернет и опрема во одредени региони го ограничува пристапот до дигитално учење.

**Вклучувањето на маргинализираните групи**, како што се лицата со ниско образование, невработените, Ромите и лицата со попреченост, осудени лица и млади упатени на воспитна мерка од воспитно-поправните установи, како и жените од рурални средини останува предизвик поради социјални, економски и културни бариери. Потребни се специјализирани програми и поддршка за овие категории, како и соработка со локалните заедници и граѓанскиот сектор.

## Високо образование, наука и иновации

**Бројот на запишани студенти на високообразовните институции континуирано се намалува како последица на миграцијата и негативните демографски трендови**. Бројот на студенти во високото образование во академската 2024/2025 (53 535) година е за 9,4 % помал во споредба со 2013/2014 година[123]. Сепак, опфатот на млади коишто продолжуваат во високото образование и коишто дипломираат е во постојат пораст – според податоците од Еуростат, опфатот на млади од 20-24 години е зголемен од 25,1% во 2018 на 31,7% во 2024 година[124], а континуирано расте и процентот на популацијата (30-34 години) со стекнато високо образование – од 29,1% во 2016-та на 39.7% во 2020-

[123] Макстат дата база на податоци
[124] https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/educ_uoe_enrt08/default/table?lang=en

та година[125]. Системот на високо образование се карактеризира со ниска ефикасност мерена преку проодноста и навременото завршување на студиите. Според податоците на Државниот завод за статистика за 2024-та година[126], од вкупниот број студенти, само 35% дипломирале во рок. Жените доминираат во вкупниот број студенти со учество од 59% во 2024/2025, со малку поголема веројатност за завршување на студиите (учество од 59,4% во бројот на дипломирани студенти).

**Инклузивноста на високото образование е ограничена.** Одредени категории студенти, како студентите Роми, студентите со попреченост и други ранливи групи се значително помалку застапени и честопати немаат пристап до соодветна поддршка за време на студирањето[127] [128], но постојат одредени подобрувања.[129] Овие категории се изложени на поголем ризик од незавршување на студиите или на продолжено студирање надвор од предвидениот рок.

**Студентскиот стандард се соочува со системски предизвици што влијаат врз квалитетот на студирањето, пристапот до поддршка и условите за живот на студентите.** Досега во нашата држава не е спроведено истражување од страна на институциите со цел да се утврди животниот стандард на студентите.[130] Пристапот до стипендии е релативно широк, со повеќе категории (успех, социјален статус, дефицитарни занимања, спортски и уметнички достигнувања), но системот не успева секогаш да ги таргетира најранливите категории студенти. Доминираат стипендиите финансирани од страна на државата, со мало учество на приватниот сектор. Програмата за стипендирање за студирање во странство на топ 100 универзитетите досега не е евалуирана од аспект на ефективноста во зајакнување на човечкиот капитал и поддршка на развојот. Од 2020-та година воведен е и системот на субвенциониран студентски оброк. Сместувачките капацитети за студентите се делумно подобрени, но поголем дел од објектите сеуште се со застарена инфраструктура, недоволни капацитети и ограничени услови за квалитетен престој. Студентските домови опслужуваат околу 10% од студентската популација што е значително под европскиот просек од 20%.[131] Дополнителен предизвик е и перцепцијата кај студентите за постоење на корупција при распределбата на леглата, што ја поткопува довербата во системот и создава чувство на неправичност. Овие фактори, во комбинација со недоволно развиени дополнителни услуги за поддршка (советување, психосоцијална помош), ја намалуваат привлечноста и конкурентноста на високото образование во државата.

**Студентското учество во управувањето со високото образование формално е загарантирано преку присуство на студентски претставници во факултетските и универзитетските тела.** Со Законот за високо образование усвоен во мај 2018[132], се направи значително поместување во нормативната рамка на студентското

[125] https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/YTH_EDUC_020__custom_2167135/bookmark/table?lang=en&bookmarkId=99692b2f-2807-42b0-882c-946cb5eac85f&c=1645789931926

[126] Макстат дата база на податоци

[127] https://www.wfd.org/sites/default/files/2023-12/Access%20to%20higher%20education%20for%20people%20with%20disabilities%20in%20North%20Macedonia.pdf

[128] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/Strategija%20za%20inkluzija%20na%20Romite%202022-2030%2003-02-2022%20finalna%20verzija.pdf

[129] Во високото образование, доделени се 150 стипендии на студенти Роми, додека вкупниот број на активни студенти Роми е 250.

[130] Државата не учествува во меѓународни истражувања од ваков карактер како Eurostudent кое се спроведува во повеќето земји членки на ЕУ и неколку земји од регионот (Хрватска и Србија).

[131] Европскиот просек е изведен од Eurostudent ИВ (2019) истражувањето.

[132] Закон за високото образование, Службен весник на Република Македонија бр.82/2018 достапен на: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/e70eb6afb4a04960b76db298d126db17.pdf .

организирање и начинот на застапување и учество на студентите во управувањето на универзитетите. Законот постави темели на нов модел на студентско организирање, со којшто се гарантираат основни принципи и методи на избор на студентските претставници.[133] Сепак, во пракса, студентските претставнички тела се соочуваат со одредени ограничувања, пред сè поврзани со недоволна институционална поддршка, како и ограничена слобода во користењето на финансиските средства коишто им стојат на располагање. Дополнителен предизвик претставува ограничениот капацитет на студентските собранија за ефективно управување и застапување, поради што е потребно развивање и имплементирање на програми во рамки на универзитетите за зајакнување на нивните организациски и управувачки вештини. Освен тоа, учеството на студентите на студентски избори останува ниско, што ја намалува легитимноста и влијанието на студентските претставници во процесот на донесување одлуки.

**Дел од студиските програми се застарени и не ги следат потребите на пазарот на трудот.** При изборот на студиска програма, студентите се соочуваат со недостиг на информации за различните опции за студирање поради непостоењето на јавно достапни информации (на пример, онлајн репозиториум) за сите достапни студиски програми, квалификациите коишто се стекнуваат, вработливоста и, воопшто, повратот од студирањето. Дополнително, дел од студиските програми не ги следат модерните трендови, што ја намалува нивната атрактивност и го прави македонскиот високообразовен систем помалку конкурентен во споредба со земјите од регионот. При изработка на студиските програми, деловната и општествената заедница не се доволно вклучени, што резултира со недоволна усогласеност на вештините со потребите на пазарот на труд, како и потежок премин на дипломираните студенти кон работа. Всушност, недостатокот на соработка и координација меѓу универзитетите и стопанството претставува една од клучните слабости на студиските програми, но и на иновациskiот потенцијал во научно-истражувачката дејност. Примената на знаењето преку практичната работа има ограничено место во студиските програми, а и кога е предвидена, нејзиното следење и оценување не се реализираат на соодветен начин. Исто така, постои недостаток на иновативни програми (на пример во областа на дигиталните и зелените вештини или вештачката интелигенција), како и на флексибилни форми на образование (кратки, стручни програми) кои би одговориле на динамичните промени во глобалното општество и економија. Недостигот на вакви програми дополнително ја ограничува можноста за побрза преквалификација и доживотно учење, што е неопходно за современите пазари на труд. Затоа, потребно е систематско ажурирање на постојните студиски програми и воспоставување на механизми за нивна редовна ревизија во консултација со работодавачите и професионалните комори. Во планирање и имплементација на високообразовната политика, потребно е улогата на високото образованието, односно на студиските програми, да се согледа во поширок контекст, со цел образованието да придонесува кон економски раст и кон градење силен човечки капитал втемелен во концептот на „општество засновано на знаење“.

**Македонските студенти се соочуваат со долг и релативно тежок процес на премин од образование кон пазарот на труд.** Квалитетот на студиските програми влијае и на квалитетот и соодветноста на работните места на дипломираните студенти. Во 2020 година, само 63,5% од македонските студенти на возраст 20-34 години биле вработени до 3 години по дипломирањето, што е далеку пониско од европскиот просек

133

од 83.7%.[134] Постои релативно висока хоризонтална и вертикална неусогласеност на стекнатото образование и работните места на дипломците, а поддршката за полесна транзиција кон пазарот на труд е слаба. Според неодамна спроведената студија на Светска банка[135] (за генерацијата дипломци од 2022/23), вкупната вработеност на дипломците е 70,1%, но дури 19,3% се наоѓаат во категоријата NEET (не се ниту вработени, ниту во образование или обука). Истражувањето покажува и дека 22% од дипломците се чувствуваат преобразовани бидејќи работат на позиции за коишто не се бара факултетска диплома. Овие наоди укажуваат дека покрај проширувањето на пристапот, суштински е неопходно унапредување на квалитетот и релевантноста на студиските програми за да се обезбеди подобро усогласување со потребите на пазарот на труд и повисок квалитет на работните места.

**Процесите на акредитација и реакредитација на студиските програми во Република Северна Македонија се соочуваат со сериозни предизвици коишто го забавуваат развојот и квалитетот на високото образование**. Недостасуваат построги критериуми за проценка на квалитетот и релевантноста на програмите, особено во однос на капацитетите за нивна имплементација и усогласеност со потребите на пазарот на труд и современите образовни трендови. Во пракса, процедурите повеќе се фокусираат на формални барања отколку на суштинска евалуација на наставната содржина, методологијата и практичните компоненти – што доведува до непотребна експанзија на бројот на акредитирани програми. Агенцијата за квалитет во високото образование (АКВО) и Одборот за акредитација не располагаат со достапна ажурирана листа на акредитирани студиски програми во земјава и други важни показатели за продлабочени анализи коишто би служеле како основа за формулирање на високообразовната политика. Сериозен предизвик е и недоволниот капацитет на телата како АКВО што го спроведуваат процесот. Ова ја намалува способноста на системот да создава и адаптира нови, иновативни програми и негативно влијае врз конкурентноста на македонските универзитети на европско и меѓународно ниво.

**Механизмите за обезбедување квалитет на високото образование се недоволно развиени и не успеваат да придонесат кон зајакнување на културата на квалитет во универзитетскиот екосистем.** Постапките за надворешна и внатрешна евалуација, кај дел од универзитетите, сè уште не се во целосна согласност со начелата на Стандардите и насоките за обезбедување квалитет во Европскиот простор за високо образование (ESG 2015).[136] Иако во 2020 година беше формирана АКВО, сè уште не е испочитувана законската обврска за редовно спроведување на надворешни евалуации. Како резултат на овие недоследности, Агенцијата не е полноправен член на Европската асоцијација за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA). Истовремено, внатрешните евалуации на универзитетите не секогаш се спроведуваат како вистински механизам за себе-подобрување, туку повеќе како формална обврска. Како што е наведено во извештајот на Европската комисија за 2025-та година[137], главниот предизвик останува подобрувањето на квалитетот на високото образование преку развој на процесите за акредитација и обезбедување квалитет. Во периодот којшто следи, можност за усогласување ќе произлезе од Планот за раст на ЕУ[138], односно

[134] Евростат, достапно на: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/edat_lfse_24__custom_18040057/default/table.
[135] World Bank (2025). Insights from Higher Education Graduate Tracer Survey in North Macedonia.
[136] https://www.enqa.eu/wp-content/uploads/2015/11/ESG_2015.pdf.
[137] Европска Комисија (2025). Извештај за Република Северна Македонија.
[138] https://enlargement.ec.europa.eu/enlargement-policy/growth-plan-western-balkans_en.

Реформската агенда на Република Северна Македонија[139], кој предвидува дека до крајот на 2027 година најмалку 90% од акредитираните јавни и приватни високообразовни институции ќе треба да имаат функционални системи за обезбедување квалитет (внатрешни и надворешни) и да објавуваат извештаи за квалитет, со најмалку 80% усогласеност со ESG 2015.

**Предизвици постојат и во доменот на внатрешната организација и управување на универзитетите.** Кај дел од државните универзитети постои недостаток на оперативна и програмска синергија, при што факултетите функционираат како „мали засебни универзитети", честопати конкурирајќи си еден на друг во привлекување на студентите. Таквата фрагментираност ја намалува административната и содржинската ефикасност во користење на расположливите финансиски и човечки ресурси и ги прави помалку конкурентни во однос на странските универзитети коишто имаат интегрирани системи што ја зголемуваат нивната видливост и препознатливост. Дополнително, флуктуацијата на кадар и соработката внатре во еден универзитет, како и помеѓу универзитетите во државата, остануваат на ниско ниво, што ја ограничува размената на идеи, знаења и добри практики.[140]

**Недостатокот на интегриран национален систем на податоци и евиденција во високото образование претставува една од најзначајните пречки за поефикасно креирање, следење и оценување на јавните политики.** Отсуството на ваков систем ја ограничува и можноста за стратешко финансирање водено од резултати и постигнувања, како и за навремено идентификување на трендовите и предизвиците во високото образование. Со воспоставување на конзистентна и поврзана база на податоци и континуиран мониторинг би се овозможило подобро планирање, транспарентност и унапредување на квалитетот на целиот систем.

**Сегашниот модел на финансирање на високото образование и наука е застарен и претставува една од главните пречки за развој, стратешко планирање и иновативност. Без модерен, предвидлив и резултатски ориентиран модел на финансирање, тешко е да се обезбеди одржлив напредок и модернизација на високото образование.**[141] Дополнително, сегашната алокација на средства според минат учинок има ограничувачки карактер и не создава стимул за подобрување на квалитетот и за прилагодување кон идните потреби. Во наредниот период неопходно е да се пристапи кон структурна реформа на финансирањето со крајна цел воспоставување нов модел заснован на резултати и реализација на стратешки цели, за чии принципи веќе постојат анализи.[142] Новиот систем треба да се темели врз начелата на транспарентност, ефикасност, стимулирање на квалитет и интегрирање на социјалната димензија, со цел создавање подинамичен и конкурентен сектор на високо образование и наука и оптимална алокација на ограничените јавни ресурси.

**Инвестициите во науката и развојот (R&D) во Република Северна Македонија остануваат на многу ниско ниво и значително заостануваат зад европскиот просек**. Според податоците на Евростат, државата издвојува помалку од 0,4% од БДП за

[139] https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/reformska-agenda-na-severna-makedonija-2024-2027-godina-file-Nhp6.pdf.
[140] Салми, Џ (2017). Модерно управување за македонските универзитети: Меѓународни трендови и можности за реформи. Светска банка.
[141] Национална развојна стратегија 2024–2044; Предлог национална програма за високо образование; Стратегија за образование 2018-2025; наоди од фокусни групи.
[142] Види Салми, Џ (2019). Предлог за нов модел на финансирање на македонските универзитети. Светска банка.

истражување и развој, што е далеку под просекот на ЕУ од околу 2,3%.[143] Во исто време, учеството на приватниот сектор во истражувањето продолжува да биде маргинално. Ова ограничено финансирање од страна на државниот но и приватниот сектор ја намалува способноста на универзитетите и истражувачките институти да развиваат врвни проекти, да привлечат меѓународни средства и да соработуваат со деловната заедница во развој на иновации.[144] Нискиот обем на јавни и приватни инвестиции, во комбинација со отсуство на стимул за истражувачите, доведува и до одлив на истражувачки кадар. Зголемувањето на вложувањата во наука и развој, како и воведување поттикнувачки механизми за универзитетите и компаниите, е клучен предуслов за создавање на конкурентна економија базирана на знаење.

**И покрај ваквите ограничувања, академскиот кадар во земјата, успева да остане релевантен на меѓународната сцена преку учество во европски програми, регионални партнерства и индивидуални научни достигнувања**. Сепак, одржливоста и проширувањето на овие резултати остануваат ограничени без системско и значително зголемување на инвестициите во истражување и развој.

**Во однос на иновациите, иако се забележуваат одредени подобрувања, иновацискиот капацитет и понатаму значително заостанува под европскиот просек.** Земјата се уште во групата на таканаречени „Иноватори во зародиш/Emerging Innovators", со индекс на иновации што изнесува само 40% од просекот на ЕУ, и покажува пад во однос на 2024 година (45,1%).[145] Според Европскиот иновациски рејтинг за 2025 година[146], заостанувањето е особено видливо во домените на деловните инвестиции во истражување и развој, бројот на патенти и комерцијализацијата на нови технологии. Во исто време, регионалните конкуренти како Србија, Албанија и Црна Гора бележат континуиран напредок, со што се продлабочува јазот и се намалува конкурентноста на македонската економија во поширокиот европски контекст.

**Во моментов, академскиот кадар во Република Северна Македонија речиси и да нема можност да се посвети исклучиво или делумно на истражувачка работа, што произлегува од преоптовареноста со наставни и административни задачи, но е поврзано и со неколку други фактори.** Голем предизвик претставува ограничениот пристап до ресурси – како што се научни бази на податоци, опрема и финансиска поддршка – што дополнително го отежнува развојот на квалитетна истражувачка работа. Овие состојби ја ограничуваат научната продуктивност и го намалуваат потенцијалот за развој на иновации и меѓународна соработка. Во многу европски земји е востановена пракса наставниот кадар да има загарантирано време за истражување, што се обезбедува преку посебни договори, намален наставен фонд или преку програми за поддршка на истражувачки проекти. Воведувањето вакви механизми би овозможило поголема рамнотежа меѓу наставата и истражувањето, оптимална алокација на ресурсите, зголемување на квалитетот на научната работа и посилно вклучување на македонските универзитети во европскиот истражувачки простор.

**Интернационализацијата на високото образование во Република Северна Македонија се подобрува, но останува ограничена и нерамномерна**. Универзитетите учествуваат во европски програми како **Erasmus+** и **Horizon Europe**, а мобилноста на студенти и

[143] https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php?title=R%26D_expenditure
[144] Види Предлог програмата за научно-истражувачка дејност за поширок преглед на предизвиците.
[145] https://ec.europa.eu/assets/rtd/eis/2025/ec_rtd_eis-country-profile-mk.pdf
[146] Ibid.

наставен кадар постепено расте.[147] Сепак, овие активности се концентрирани во неколку поголеми универзитети, додека помалите институции имаат ограничен пристап и капацитет. Во извештаите на Европската комисија се нотира дека земјата е активен учесник во европските образовни процеси, но дека интернационализацијата сѐ уште не е системски интегрирана во политиките и стратегиите на универзитетите. Дополнително, бројот на заеднички студиски програми со странски институции, двојни дипломи и меѓународни истражувачки проекти е мал, што го намалува потенцијалот за подигање на квалитетот и видливоста на македонските универзитети. Достапните податоци не даваат јасна слика за искористувањето на можностите за мобилност, ниту за бројот на дојдовен и појдовен кадар и студенти, што го отежнува креирањето соодветни политики. Недостасуваат и податоци за бројот на студиски програми на странски јазик, заеднички програми и дуални програми. Дополнително, јавните политики не предвидуваат активни мерки за интензивирање на врските со научната дијаспора и за привлекување на странски студенти и истражувачи кои би придонеле кон интернационализацијата и подигањето на квалитетот на високото образование. Со зајакнување и развивање на постојните, како и со создавање нови меѓународни партнерства, и преку доследна имплементација на инструментите за интернационализација на високото образование и науката предвидени во оваа стратегија, може значително да се унапреди квалитетот и конкурентноста на високото образование. Република Северна Македонија е членка на Европскиот простор за високо образование (Болоњски процес) и треба да работи на целосно спроведување на клучните обврски според извештајот за спроведување на Болоњскиот процес од 2024 година, особено во однос на автоматското признавање и обезбедувањето квалитет.[148]

# 3. Стратешка рамка

## 3.1 Визија за развој на областа

Државата обезбедува квалитетно и инклузивно образование, достапно за сите, коешто нуди еднакви можности и ресурси за учење и развој. Системот на воспитание, образование и доживотно учење е базиран на иновативност, ги негува потенцијалите, талентот и извонредноста, поддржува демократска култура, суштинска партиципација, истражување и наука. Образованието гради здрави, одговорни, компетентни и емпатични граѓани, коишто се оспособени да си обезбедат благосостојба и квалитетно живеење, и да се грижат за заедницата. Образовниот кадар е стручен, посветен и

[147] https://www.nacionalensovetzavoinid.com.mk/images/dokumenti/%D0%9F%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BB%D0%BE%D0%B3-%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0%20%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%92.%D0%9E..pdf

[148] Европска Комисија (2025). Извештај за Република Северна Македонија.

мотивиран и континуирано заедно со родителите, учениците, и заедницата, создаваат среќно и безбедно опкружување за учење.

## 3.2 Приоритетни области, општи и посебни цели во секоја од приоритетни области

### Приоритетна област 1: Предучилишно воспитание и образование

Општа цел: Квалитетно, инклузивно и достапно предучилишно образование за холистички развој и учење за секое дете

Посебна цел 1: Зголемен опфат на деца во предучилишното воспитание и образование
Посебна цел 2: Подобрен процесен квалитет во предучилишното воспитание и образование и зајакнати професионални компетенции на воспитно-образовниот кадар

Посебна цел 3: Функционален систем за мерење и управување со квалитетот на работа во предучилишните установи

### Приоритетна област 2: Основно образование

Општа цел: Квалитетно, инклузивно и ефикасно основно образование за високи постигнувања, развој, добросостојба и активно учество на учениците

Посебна цел 1: Подобрени инфраструктурни, организациски и кадровски услови за квалитетно и инклузивно учење

Посебна цел 2: Унапреден квалитет на наставната пракса

Посебна цел 3: Подобрени капацитети и програми за поддршка на добросостојбата и учеството на учениците

### Приоритетна област 3: Гимназиско образование и уметничко образование

Општа цел: Квалитетно, инклузивно и современо гимназиско и уметничко образование коешто обезбедува развој на компетенции, високи постигнувања на учениците и успешна подготовка за продолжување на образованието на повисоко ниво

Посебна цел 1: Воспоставена современа, инклузивна и квалитетна рамка за гимназиско и уметничко образование преку нови концепции, наставни и испитни програми и подобрени инфраструктурни и дигитални услови за учење

Посебна цел 2: Унапреден квалитет на наставната пракса и воспитно-образовниот процес за постигнување повисоки ученички резултати и развој на клучни компетенции

Посебна цел 3: Подобрена добросостојба, социјална инклузија, активно учество и кариерен развој на учениците

## Приоритетна област 4: Стручно образование и обука

Општа цел: Квалитетно, релевантно, флексибилно и инклузивно стручно образование, засновано на дигитални технологии и зелени вештини, коешто одговара на индивидуалните потреби на учениците и динамичните барања на националниот и глобалниот пазар на труд

Посебна цел 1: Зголемување на релевантноста и приспособливоста на СОО кон пазарот на труд

Посебна цел 2: Воспоставување одржливи партнерства меѓу стручните училишта, индустријата, високото образование и истражувачките институции

Посебна цел 3: Развиени глобално релевантни стручни компетенции и меѓународна усогласеност

## Приоритетна област 5: Постсредно образование и обука и кратки стручни студии на ниво V

**Општа цел:** Функционален и инклузивен систем на постсредно образование и кратки стручни студии што одговараат на сегашните и идните потреби на економијата транзиција кон пазар на труд и повисоките степени на образование

**Посебна цел 1:** Операционализација на системот на кратки стручни студии на ниво V, подниво VA

**Посебна цел 2:** Операционализација на системот на постсредно образование на ниво на V, подниво VБ

## Приоритетна област 6: Образование за возрасни

Општа цел: Одржлив, инклузивен и квалитетен систем за образование на возрасни којшто обезбедува доживотно учење, конкурентност и социјална интеграција

Посебна цел 1: Зголемен пристап до образование за возрасни

Посебна цел 2: Зајакнати иновативни, дигитални и зелени вештини

Посебна цел 3: Образование за возрасни прилагодено кон националната рамка на квалификации и интегрирано со европската рамка за квалификации

## Приоритетна област 7: Високо образование, наука и иновации

Општа цел: Глобално конкурентен систем на високо образование и наука, усогласен со потребите на пазарот на трудот и општеството

Посебна цел 1: Подобрен опфат и проодност во високото образование, со фокус на поголема правичност и инклузивност

Посебна цел 2: Унапреден квалитет и релевантност на високото образование за пазарот на труд

Посебна цел 3: Подобрена инфраструктура, човечки капацитети и одржливо финансирање на високото образование

Посебна цел 4: Подобрени услови за научно-истражувачка работа и иновации и нивен трансфер во економијата и општеството

## 3.3 Резиме на политиките односно клучните правци на делување или мерки за остварување на општите и посебните цели

### Приоритетна област 1: Предучилишно воспитание и образование

**Резиме на политиките**

Оваа приоритетна област ги третира предизвиците на предучилишното воспитание и образование во РСМ, како што се нискиот опфат на деца, особено од ранливи категории и рурални средини; ограничена достапност за деца со попреченост; варијабилниот квалитет на воспитно-образовниот процес; како и отсуството на функционален систем за мерење и управување со квалитетот. Овие предизвици го ограничуваат холистичкиот развој на децата и ја продлабочуваат нееднаквоста уште од најрана возраст.

За да се надминат овие предизвици, општата цел на оваа област е обезбедување *квалитетно, инклузивно и достапно предучилишно образование за холистички развој и учење за секое дете*. За таа цел се предвидени три посебни цели со соодветни мерки. Овие цели и мерки придонесуваат кон реализација на задолжителното предучилишно образование, во согласност со приоритетите на Националната развојна стратегија 2024–2044.

Прво, преку зголемување на опфатот и квалитетот на услугите, Стратегијата одговара на потребата за подобар пристап и еднакви можности за сите деца. Проширувањето на мрежата на установи, обезбедувањето пристап за деца со попреченост и вклучувањето на деца од социјално и географски маргинализирани средини ќе придонесат за зголемување на процентот на опфат на децата и намалување на нееднаквостите.

Второ, унапредувањето на процесниот квалитет и модернизацијата на програмската поставеност претставуваат клучен предуслов за квалитетни услуги. Развојот на нови национални стандарди за рано учење и развој, современа национална програма заснована на резултати од учење, ревидирана педагошка документација и континуирана професионална поддршка на воспитно-образовниот кадар ќе обезбедат стимулирачка средина за учење, инклузија и индивидуализиран пристап. Овие мерки ќе придонесат за усогласување со европските стандарди и за подобрување на квалитетот во предучилишните установи.

Трето, воспоставување функционален национален систем за мерење, следење и управување со квалитетот е клучно за обезбедување транспарентност, одржливост и

континуирано подобрување. Институционализацијата на МЕЛКО како национална алатка, редовното мерење на структурниот, процесниот и излезниот квалитет и користењето на податоци за планирање политики ќе создадат силна основа за ефикасно управување и донесување одлуки засновани на докази. Воспоставувањето на јасни институционални надлежности, подобрена координација и законска регулатива ќе го зајакнат системот и ќе обезбедат трајна институционална рамка.

Со ваков интегриран пристап, целите и мерките во оваа приоритетна област овозможуваат системско подобрување на предучилишното образование, зголемување на правичноста и достапноста, и создавање услови за холистички развој и учење за секое дете уште од најрана возраст.

**Посебна цел 1: Зголемен опфат на деца во предучилишното воспитание и образование**

**Мерки:**

1.1 Проширување на мрежата на предучилишни установи
1.2 Зголемување на опфатот на децата од 3 до 6 години во предучилишните установи
1.3 Обезбедување еднаков пристап на децата со попреченост во ПВО
1.4 Вклучување на деца од социјално и географски маргинализирани средини во ПВО

**Посебна цел 2: Подобрен процесен квалитет во предучилишното воспитание и образование и зајакнати професионални компетенции на воспитно-образовниот кадар**

**Мерки:**

2.1 Современи стандарди за рано учење и развој

2.2 Развивање и имплементација на национална програма за рано учење и развој

2.3 Современа педагошката евиденција и документација во детските градинки

2.4 Развој на професионалните компетенции на воспитно-образовниот кадар и директорите во предучилишните установи

2.5 Професионални компетенции, стандарди и профили за воспитно-образовен кадар и директори во предучилишни установи

2.6 Воведување на систем за професионален и кариерен развој за воспитно-образовен кадар и директори во предучилишни установи

2.7 Воспоставување систем за акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги во ПВО

2.8 Воспоставување современ систем за (ре)лиценцирање на воспитно-образовниот кадар и директорите во предучилишните установи

**Посебна цел 3:** Функционален систем за мерење и управување со квалитетот на работа во предучилишните установи

**Мерки:**

3.1.Воспоставување национален систем за мерење, евалуација и управување со квалитетот во ПВО

3.2. Дефинирање и примена на национални стандарди и индикатори за квалитет во ПВО

3.3.Континуирано следење, анализа и користење на податоците за унапредување на квалитетот во ПВО

3.4.Јакнење на институционалната рамка за координација и евалуација на квалитетот во ПВО

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 2: ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Резиме на политиките**

Оваа приоритетна област се осврнува на предизвиците на основното образование во РСМ, како што се недостатокот на целосно обезбедена и модерна инфраструктура; нееднакви услови за учење, особено за ученици од социјално и географски маргинализирани средини; варијабилниот квалитет на наставната пракса; ограничената професионална поддршка за наставниците; како и недоволното активно учество на учениците во процесот на учење и во животот на училиштето. Овие предизвици го ограничуваат потенцијалот на учениците за високи постигнувања, сеопфатен развој и добросостојба.

За да се надминат овие предизвици, општата цел на оваа област е обезбедување *квалитетно, инклузивно и ефикасно основно образование за високи постигнувања, развој, благосостојба и активно учество на учениците*. За таа цел се предвидени три посебни цели со соодветни мерки. Овие цели и мерки се дизајнирани да придонесат кон постигнување на резултати од учењето во рамки на формалното образование, усогласени со меѓународните стандарди, во согласност со приоритетите утврдени во Националната развојна стратегија 2024–2044.

Прво, преку **подобрување на инфраструктурните, организациските и кадровските услови,** стратегијата одговара на потребата за модерна, пристапна и енергетски ефикасна инфраструктура и функционална училишна мрежа. Ова опфаќа модернизација на училишните објекти, јакнење на капацитетите на општините и училиштата за оптимизација на мрежата, создавање услови за едносменска настава, обезбедување пристапна и инклузивна средина за сите ученици, како и унапредување на дигиталната инфраструктура за учење.

Второ, **унапредувањето на наставната пракса** преку примена на диференцирани и индивидуализирани пристапи овозможува наставата и учењето да се прилагодат на потребите и можностите на секој ученик. Дополнително, се поттикнува примена на иновативни, креативни и интерактивни методи кои интегрираат вештачка интелигенција, зелени компетенции, меки вештини и претприемачки компетенции. За таа цел, стратегијата се фокусира на зајакнување на капацитетите на наставниот кадар и стручните соработници преку континуирана професионална поддршка и развој. Понатаму, се подобрува квалитетот и транспарентноста во процесот на изработка,

вреднување и одобрување на учебници и дидактички материјали. Паралелно се воспоставува систем за следење и анализа на постигнувањата на учениците. Сите овие мерки заедно треба да придонесат кон поквалитетна и поддржувачка настава.

Трето, преку **унапредување на капацитетите и програмите за поддршка на добросостојбата и учеството на учениците**, стратегијата обезбедува системска поддршка за нивната ментална, физичка и социјална благосостојба и инклузија. Таа предвидува зајакнати програми за ученици во социјален ризик, со што се создаваат фер, безбедни и поттикнувачки услови за нивен развој. Дополнително, се промовира активно учество на учениците во учењето, училиштниот живот и развојот на демократските вредности, со што се зајакнува нивната одговорност, мотивација и чувство на припадност.

Со ваков интегриран пристап, целите и мерките во оваа приоритетна област овозможуваат системско подобрување на основното образование, зголемување на инклузивноста и ефикасноста, како и создавање услови за високи постигнувања, развој и активна улога на секој ученик во процесот на учење и во животот на училиштето.

### Посебна цел 1: **Подобрени инфраструктурни, организациски и кадровски услови за квалитетно и инклузивно учење**

**Мерки:**

1.1 Модернизација на училишната инфраструктура

1.2 Подобрување на ефикасноста и ефективноста на мрежата на основни училишта

1.3 Обезбедување услови за едносменска организација на наставата

1.4 Обезбедување пристапна и инклузивна училишна средина

1.5 Унапредување на дигиталната инфраструктура

### Посебна цел 2: **Унапреден квалитет на наставната пракса**

**Мерки:**

2.1 Примена на диференцирани и индивидуализирани пристапи за прилагодување на наставата и учењето кон потребите и можностите на учениците и формативно следење на постигањата на учениците

2.2 Примена на иновативни, креативни и интерактивни пристапи кои ги интегрираат вештачката интелигенција, зелените компетенции, меките вештини, како и претприемачките компетенции

2.3 Подобрување на квалитетот и транспарентноста во процесот на изработка, вреднување и одобрување на учебници и дидактички материјали

2.4 Јакнење на капацитетите на наставниот кадар и стручните соработници преку континуирана професионална поддршка и развој

2.5 Воспоставен систем за следење и анализа на постигнувањата на учениците

2.6 Воспоставување систем за идентификација, поддршка и стимулирање на талентираните ученици

**Посебна цел 3: Подобрени капацитети и програми за поддршка на добросостојбата и учеството на учениците**

**Мерки:**

3.1 Поддршка и унапредување на добросостојбата, менталното здравје, физичкото здравје и социјалната инклузија на учениците

3.2 Поддршка на ученици во социјален ризик

3.3 Зајакнување на механизмите за ученичко учество и застапување во училиштата

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 3: ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ И УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

### Резиме на политиките

Во оваа приоритетна област, Стратегијата ги адресира клучните системски предизвици во гимназиското и во уметничкото образование кои го ограничуваат квалитетот, инклузивноста и релевантноста на образовниот процес. Предизвиците се поврзани со застарената програмска рамка, недоволната усогласеност со современите педагошки концепти, недоволната инфраструктурна и дигитална опременост, варијабилниот квалитет на наставната пракса, ограничената примена на иновативни методи на настава, како и потребата за посилна поддршка на добросостојбата, активното учество и кариерниот развој на учениците.

Потребата за системска трансформација произлегува од брзиот технолошки развој, европските стандарди за современо образование и зголемените општествени очекувања за развој на компетентни, мотивирани и самостојни ученици. Оваа трансформација треба да обезбеди современа програмска рамка, подобрени услови за учење, поефективни наставни практики и засилена поддршка за учениците.

Општата цел е воспоставување на квалитетно, инклузивно и современо гимназиско и уметничко образование кое обезбедува развој на компетенции, високи постигнувања и успешна подготовка за продолжување на образованието.

Првата посебна цел се однесува на воспоставување современа програмска и нормативна рамка за гимназиското и за уметничкото образование, придружена со унапредување на инфраструктурата, лабораториите, студијата и дигиталните ресурси. Оваа цел одговара на идентификуваните предизвици поврзани со застарените наставни планови, недоволната опременост и потребата за усогласување со европските стандарди

Втората посебна цел е насочена кон унапредување на квалитетот на наставната пракса и воспитно-образовниот процес, како одговор на потребата од повисоки ученички постигнувања, порелевантни наставни методи и податоци засновани системи за следење на успехот. Преку развивање национален систем на индикатори за квалитет, интеграција на иновативни и интерактивни наставни пристапи, подобрување на процесите за изработка и вреднување на учебници, јакнење на професионалните

капацитети на наставниците и воспоставување доследна примена на формативно оценување, ќе се обезбеди поквалитетна, правична и современа настава која ги поттикнува резултатите и напредувањето на сите ученици.

Третата посебна цел се однесува на унапредување на добросостојбата, социјалната инклузија, активното учество и кариерниот развој на учениците. Оваа цел претставува одговор на потребата за поцелосен пристап кон ученичкиот развој, кој вклучува зајакнување на системите за психо-социјална поддршка, подобрување на пристапот до услуги за ментално и физичко здравје, развивање функционален систем за кариерно советување и создавање училишна клима која ги поттикнува демократските вредности, учество и ангажман на учениците во животот на училиштето и заедницата.

Со реализацијата на овие цели и мерки, гимназиското и уметничкото образование ќе се унапредува кон повисок квалитет, поголема инклузивност и современост, создавајќи услови учениците да развијат силни компетенции, високи постигнувања и да имаат активна улога во општеството. Приоритетната област „Гимназиско и уметничко образование“ од Стратегијата за образование 2026–2032 на тој начин придонесува и кон остварување на целите, стратешките области и приоритетите на Националната развојна стратегија 2024–2044 (НРС). Модернизацијата на програмите, дигитализацијата на наставата, развојот на креативни, критички и иновативни компетенции, унапредувањето на инфраструктурата, уметничките ателјеа и лаборатории, како и инклузивните и безбедни услови за учење директно го поддржуваат развојот на човечкиот капитал – еден од централните столбови на НРС.

Мерките насочени кон јазична, културна и дигитална писменост, поддршката на талентираните ученици и интердисциплинарните пристапи се совпаѓаат со неколку стратешките области  на НРС и тоа: Одржлива, иновативна и конкурентна економија, Одржлив локален и регионален развој што обезбедува кохезија, Демографска ревитализација и социјален и културен развој, Зелена трансформација. На тој начин, гимназиското и уметничко образование не само што ги адресира потребите на гимназиското и уметничкото образование, туку создава системски предуслови за долгорочен одржлив развој и општество засновано на знаење.

**Посебна цел 1:** Воспоставена современа, инклузивна и квалитетна рамка за гимназиско и уметничко образование преку нови концепции, наставни и испитни програми и подобрени инфраструктурни и дигитални услови за учење

**Мерки:**

1.1 Воспоставување нова нормативна и програмска рамка за гимназиско и за уметничко образование
1.2 Подобрување на инфраструктурата, опременоста и инклузивните услови за реализација на едукативни, практични, истражувачки и уметнички активности во гимназиските и уметничките училишта
1.3 Обезбедени услови за едносменска организација на наставата
1.4 Унапредување на дигиталната инфраструктура

**Посебна цел 2:** Унапреден квалитет на наставната пракса и воспитно-образовниот процес за постигнување повисоки ученички резултати и развој на клучни компетенции

**Мерки:**

2.1 Развивање и воведување национален систем на индикатори за квалитет на наставната пракса и ученички постигнувања во гимназиското и уметничкото образование

2.2 Примена на иновативни, креативни и интерактивни наставни пристапи кои ги интегрираат вештачката интелигенција, зелените компетенции, меки вештини, критичното мислење, тимската работа и претприемнички компетенции во наставниот процес

2.3 Подобрување на квалитетот и транспарентноста во процесот на изработка, вреднување и одобрување на учебници и дидактички материјали

2.4 Јакнење на капацитетите на наставниот кадар и стручните соработници преку континуирана професионална поддршка и развој

2.5 Унапредување на формативно оценување и обезбедување континуирано следење и напредување на учениците

**Посебна цел 3:** Подобрена добросостојба, социјална инклузија, активно учество и кариерен развој на учениците

**Мерки:**

3.1 Унапредување на поддршката за добросостојбата, менталното и физичкото здравје и социјалната инклузија на учениците

3.2 Унапредување на системот за кариерно советување и поддршка на учениците во планирање на образовниот и професионалниот развој

3.3 Активно вклучување на учениците во процесот на учење, во животот на училиштето и во развојот на демократските вредности во општеството

3.4 Воспоставување национален систем за следење, превенција и намалување на изостанување и осипување на учениците

3.5 Подобрување на ученичкиот стандард преку обезбедување материјална и логистичка поддршка за учениците

## Приоритетна област 4: Стручно образование и обука

### Резиме на политиките

Системот за стручно образование и обука (СОО) во РСМ се соочува со сериозни предизвици коишто го ограничуваат неговиот придонес кон економскиот развој. Програмите често не се усогласени со динамичните барања на пазарот на труд, што ја намалува нивната релевантност и атрактивност кај младите. Образовните патеки се крути и не овозможуваат индивидуализација, а инфраструктурата и опремата во голем дел од училиштата се застарени, што го намалува квалитетот на практичната настава.

Недоволната интеграција на дигитални технологии и зелени компетенции го отежнува процесот на модернизација, а ограничената интернационализација го намалува потенцијалот за мобилност и глобална конкурентност. Дополнително, учениците од руралните средини и маргинализираните групи имаат ограничен пристап до квалитетно стручно образование.

Општата цел е трансформација на СОО во квалитетен, релевантен, флексибилен и инклузивен систем, заснован на дигитални технологии и зелени вештини, којшто одговара на индивидуалните потреби на учениците и динамичните барања на националниот и глобалниот пазар на труд. За постигнување на оваа цел, предвидени се три посебни цели:

Прво, зголемување на релевантноста и приспособливоста на СОО преку развој на модуларни програми, јакнење на капацитетите на наставниците, инвестиции во физичка и дигитална инфраструктура и зајакнување на рамката за квалитет и дуално образование.

Второ, интеграција на дигитални технологии и зелени компетенции преку партнерства со индустријата и високообразовните институции, воспоставување центри за иновации и поттикнување на мобилност и практично учење кај работодавачите.

Трето, развој на глобално релевантни компетенции и интернационализација преку усогласување со EQF и меѓународните стандарди, воведување виртуелни мобилности и заеднички модули, како и обезбедување квалитет и меѓународно признавање на квалификациите.

Со овие интервенции, СОО ќе се трансформира во систем којшто обезбедува квалификувана, адаптивна и конкурентна работна сила, придонесувајќи за одржлив економски развој и интеграција на земјата во глобалните трендови. Уште повеќе, Приоритетната област *Стручно образование и обука* од Стратегијата за образование 2026–2032 директно придонесува кон остварување на визијата и стратешките цели на НРС преку подобрување на усогласеноста меѓу образованието и потребите на пазарот на труд, јакнење на човечкиот капитал и поддршка на економијата заснована на знаење. Мерките за модернизација на наставните програми, развој на дуално образование, флексибилни можности за преквалификација и доквалификација, признавање на неформално учење и јакнење на кариерното советување создаваат кадар со релевантни дигитални, зелени и технички вештини – приоритети идентификувани во НРС како критични за конкурентна, иновативна и одржлива економија. Дополнително, развивањето на силни партнерства меѓу училиштата и компаниите, регионалните центри за СОО и програмите за доживотно учење придонесуваат кон намалување на недостигот на квалификувана работна сила, поддршка на зелена и дигитална трансформација и јакнење на социјалната инклузија – дефинирани и во стратешките области во НРС и тоа: Одржлива, иновативна и конкурентна економија, Одржлив локален и регионален развој што обезбедува кохезија, Демографска ревитализација и социјален и културен развој, Зелена трансформација.

**Посебна цел 1:** Зголемување на релевантноста и приспособливоста на СОО кон пазарот на труд

**Мерки:**

1.1 Развој, усвојување и осигурување на квалитет на модуларни програми

1.2 Јакнење на капацитетите на воспитно-образованиот кадар и ментори

1.3 Физичка и дигитална инфраструктура, ресурси и поддршка за имплементација на модуларни програми во установите за стручно образование

1.4 Зајакнување на рамката за обезбедување квалитет и на реализацијата на учењето преку работа и дуалното образование

**Посебна цел 2:** Воспоставување одржливи партнерства меѓу стручните училишта, индустријата, високото образование и истражувачките институции

**Мерки:**

2.1 Формализација и активирање на партнерства за развој на модуларни програми во СОО и практична обука

2.2 Операционализација на стартапи, инкубатори и реални компании во Регионалните центри за стручно образование и обука

2.3 Воспоставување механизми за одржливост и стимулирање на партнерствата

**Посебна цел 3:** Развиени глобално релевантни стручни компетенции и меѓународна усогласеност

**Мерки:**

3.1 Развој на рамка за глобални компетенции

3.2 Меѓународна соработка, мобилност, Интернационализација во домашен контекст (internationalization at home)

3.3 Осигурување квалитет и меѓународно признавање на резултати од учење преку сертификација и стандарди

## Приоритетна област 5: Постсредно образование и обука и кратки стручни студии на ниво V

### Резиме на политиките

Пост-средното образование и кратките стручни студии од ниво V на НРК претставуваат клучна алка меѓу стручното и високото образование и имаат за цел да создадат флексибилен, квалитетен и пазарно релевантен систем на квалификации од ниво V (подниво VA и подниво VБ), усогласен со европските стандарди и принципите на доживотно учење. Оваа приоритетна област ги адресира недоволната структурираност на системот, недефинираните стандарди, ограничената соработка со работодавачите,

како и недостигот од јасни механизми за акредитација, проодност и осигурување квалитет.

Прво, овој дел од Стратегијата ќе обезбеди воспоставување систем на кратки стручни студии на ниво 5 V, подниво VA, каде што ќе се работи на креирање на нормативна и институционална рамка, развивање и пилотирање пазарно релевантни и модуларни програми во приоритетни сектори, обезбедување вертикална проодност и признавање кредити кон високо образование; воспоставување интегриран систем за мониторинг и евалуација кој гарантира квалитет и отчетност на програмите, како и јакнење на партнерствата со работодавачите, коморите и локалната заедница за да се обезбеди усогласување со потребите на пазарот на труд.

Второ, Стратегијата ќе доведе до операционализација на постсредното образование на ниво V, подниво VБ (квалификации - мајстор и специјалист) како составен дел од националниот образовен систем, со јасно дефинирани стандарди, акредитациски механизми и интегриран систем за следење и евалуација. Овој сегмент ќе овозможи развивање на национална рамка за операционализација на подниво VБ квалификациите, пилотирање на модуларни програми во стратешки сектори, воспоставување механизам за мониторинг и евалуација, како и промоција на квалификациите специјалист и мајстор преку национални кампањи и дигитални платформи. Целта е да се обезбеди квалитетна, призната и пазарно релевантна квалификација којашто ќе ја зголеми вработливоста и професионалната мобилност на работната сила.

Посебната цел 2 од оваа Приоритена област од Стратегијата т.е. воспоставувањето функционален систем на постсредно образование на ниво V, подниво VБ – директно ја поддржува НРС преку создавање брзи, флексибилни и висококвалитетни патеки за развој на вештини што одговараат на динамичните потреби на пазарот на труд и зелената и дигиталната транзиција. НРС јасно ја истакнува потребата од надградување на човечкиот капитал, преквалификација и доживотно учење како предуслови за конкурентна и иновативна економија, при што стручното и постсредното образование играат клучна улога во адресирањето на недостигот од технички и технолошки кадар. Развојот на практично ориентирани програми, партнерства со компаниите, модули за стекнување дигитални и зелени компетенции, придонесуваат кон стратешките цели за јакнење на човечкиот капитал, усогласување на образовните профили со економските приоритети и создавање продуктивна, инклузивна и отпорна работна сила. На овој начин, постсредното образование на ниво VБ станува клучен инструмент за поддршка на некои од централни приоритети на НРС опфатени во следните стратешки области: Одржлива, иновативна и конкурентна економија, Одржлив локален и регионален развој што обезбедува кохезија, Демографска ревитализација и социјален и културен развој, Зелена трансформација.

**Посебна цел 1:** Операционализација на системот на кратки стручни студии на ниво V, подниво VA

**Мерки:**

1.1 Развивање нормативна и институционална рамка

1.2 Развивање и пилотирање пазарно релевантни кратки стручни програми

1.3 Обезбедување вертикална проодност и признавање на кредити

1.4 Промоција на квалификациите на ниво V, подниво VA

**Посебна цел 2:** Операционализација на системот на постсредно образование на ниво на V, подниво VБ

**Мерки:**

2.1 Развивање на нормативна и институционална рамка

2.2 Развивање и пилотирање на модуларни програми за пост-средно образование во приоритетни сектори

2.3 Развивање механизам за мониторинг и евалуација

2.4 Промоција на квалификациите на ниво VБ, подниво VБ

## Приоритетна област 6: Образование за возрасни

### Резиме на политиките

Во оваа приоритетна област, Стратегијата ги адресира системските и структурните предизвици на образованието за возрасни, коишто го ограничуваат неговиот потенцијал да поттикне доживотно учење, конкурентност на работната сила и инклузивен развој. Дел од нив се нерамномерниот пристап до образовни програми, финансиските пречки, дигиталниот јаз, ниската информираност и мотивација кај возрасната популација, недоволната валоризација на неформалното учење, сложените процедури за признавање на стекнати вештини, како и недоволната усогласеност на програмите со реалните потреби на пазарот на труд.

За да се надминат овие предизвици, општата цел на приоритетната областа е воспоставување одржлив, инклузивен и квалитетен систем за образование на возрасни којшто обезбедува доживотно учење, конкурентност и социјална интеграција. Оваа цел обезбедува рамка за интегрирање на инклузивни политики, дигитализација и усогласување со европските стандарди. За таа цел, предвидени се три посебни цели и соодветни мерки.

Прво, со зголемен пристап до образование за возрасни Стратегијата директно ќе одговори на проблемите со ограничената достапност, јазичните и финансиските бариери, како и ниската информираност.

Второ, со зајакнати иновативни, дигитални и зелени вештини, Стратегијата ќе обезбеди одговор на дигиталниот јаз и потребата за адаптација на човечкиот капитал кон технолошки и еколошки промени.

Трето, со образование прилагодено кон ЕУ стандарди се адресира проблемот со недоволната валоризација на неформалното учење и сложените процедури за признавање.

Овој пристап обезбедува логична врска меѓу идентификуваните проблеми и предложените решенија, со јасен фокус на инклузивност, дигитализација, квалитет и

усогласеност со европските стандарди. Воедно, приоритетната област *Образование на возрасните* од Стратегијата за образование 2026–2032 суштински го поддржува остварувањето на целите на НРС, која ја препознава потребата од континуирано унапредување на човечкиот капитал, преквалификација и доживотно учење како клучни двигатели на конкурентна, иновативна и одржлива економија. Мерките како развој на флексибилни програми за преквалификација и доквалификација, валидација на неформалното и информалното учење, зајакнување на локалните центри за учење и поддршка на возрасните во стекнување дигитални, зелени и трансверзални вештини директно одговараат на неколку стратешки области од НРС и тоа: Одржлива, иновативна и конкурентна економија, Одржлив локален и регионален развој што обезбедува кохезија, Демографска ревитализација и социјален и културен развој, Зелена трансформација. Преку креирање работна сила подготвена за дигитална и зелена транзиција, со активности за намалување на недостигот на квалификуван кадар и поттикнување инклузивно учество на ранливите групи на пазарот на труд, Образованието на возрасните станува клучен инструмент за зголемување на продуктивноста, ублажување на демографските и миграциските предизвици и зајакнување на економијата заснована на знаење.

**Посебна цел 1: Зголемен пристап до образование за возрасни**

**Мерки:**

1.1 Инклузивни образовни политики и програми за поддршка и олеснување

1.2 Развој и имплементација на инклузивни програми за образование на возрасни, усогласени со пазарот на труд, поддржани со систем за управување со податоци и активно учество на заедницата

1.3 Промовирање на континуирано учење како основа за личен и професионален развој и советување

**Посебна цел 2: Зајакнати иновативни, дигитални и зелени вештини**

**Мерки:**

2.1 Воведување зелени и дигитални вештини како дел од посебните програми за возрасни

2.2 Стимулации за работодавачи за обука на вработени

**Посебна цел 3: Образование за возрасни прилагодено кон националната рамка на квалификации и интегрирано со европската рамка за квалификации**

**Мерки:**

3.1 Воспоставување функционален систем за признавање и валидирање на претходно стекнато знаење по пат на неформално образование и информално учење

3.2 Усогласување со ЕУ стандарди за квалитет

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 7: ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И ИНОВАЦИИ

### Резиме на политиките

Приоритетната област високо образование, наука и иновации е целосно усогласена со Националната развојна стратегија 2024–2044 преку директен придонес кон развојот на човечкиот капитал, конкурентноста и социјалната инклузија. Фокусот на зголемен опфат и правичност, унапреден квалитет и релевантност на студиите, како и засилена поддршка за истражување и иновации, ја поддржува визијата за одржлива, иновативна и конкурентна економија. Со тоа, високото образование се позиционира како клучен системски двигател за долгорочен развој и институционална отпорност на државата

Оваа приоритетна област ги адресира предизвиците на високото образование, науката и иновациите во РСМ, како што се недоволниот опфат и проодност на студентите; ограничената усогласеност на студиските програми со потребите на пазарот на труд; слабостите во финансирањето и управувањето на институциите; како и недоволната поддршка за научно-истражувачка работа и нејзина примена во економијата и општеството.

За да се надминат овие предизвици, општата цел на приоритетната областа е создавање глобално конкурентен систем на високо образование и наука којшто ќе биде усогласен со потребите на пазарот на труд и општеството. За таа цел, предвидени се четири посебни цели и соодветни мерки.

Прво, преку зголемување на опфатот и проодноста со фокус на правичност и инклузивност, Стратегијата одговара на потребата од подобар пристап и завршување на студиите. Мерките за информирање, поддршка за студентите и подобрување на инклузивноста создаваат основа за фер можности и подобри резултати.

Второ, унапредувањето на квалитетот и релевантноста на високото образование има за цел да го надмине јазот помеѓу образовниот систем и пазарот на трудот. Модернизацијата на студиските програми, унапредената акредитација и поврзувањето со работодавците ќе обезбедат дипломирани кадри со вештини што се бараат, додека академскиот интегритет и интернационализацијата ќе ја подигнат довербата и видливоста на системот.

Трето, подобрувањето на инфраструктурата, човечките капацитети и финансирањето ја таргетира потребата за одржливост и ефикасност на универзитетите. Новите модели на финансирање, дигиталната трансформација и привлекувањето и задржувањето квалитетен кадар се предуслови за модерни и отпорни институции.

Конечно, преку подобрување на условите за истражување и иновации, Стратегијата ја адресира потребата за зголемена научна продукција и нејзин трансфер во економијата. Националниот технолошки парк, поддршката за стартапи и партнерствата со приватниот сектор треба да создадат нови можности за развој и иновации, а зголемените инвестиции во истражувачка инфраструктура ќе ја унапредат видливоста и влијанието на науката.

Со ваков интегриран пристап, целите и мерките во оваа приоритетна област одговараат на клучните слабости и овозможуваат систематска трансформација кон

повисока конкурентност, правичност и општествена релевантност на високото образование и науката.

**Посебна цел 1: Подобрен опфат и проодност во високото образование, со фокус на поголема правичност и инклузивност**

**Мерки:**

1.1 Подобрено информирање за можностите за студирање

1.2 Подобрен опфат и проодност во високото образование

1.3 Подобрена инклузивност во високото образование

1.4 Поддршка за успешно студирање, студентски стандард и учество

**Посебна цел 2: Унапреден квалитет и релевантност на високото образование за пазарот на труд**

**Мерки:**

2.1 Унапредување на правната рамка

2.2 Модернизација и иновација на студиските програми

2.3 Унапредени механизми за акредитација, внатрешна и надворешна оценка на квалитетот, и усогласување со европските стандарди.

2.4 Подобрување на поврзаноста на високото образование со пазарот на трудот

2.5 Зајакнат академски интегритет во рамки на академската заедница

2.6 Интензивирана меѓународна соработка, мобилност и обем на интернационализацијата на високото образование

**Посебна цел 3: Подобрена инфраструктура, човечки капацитети и одржливо финансирање на високото образование**

**Мерки:**

3.1 Подобрување на организацијата на работа и управувањето на високообразовните институции во согласност со европската пракса

3.2 Зајакнат наставен и научен кадар со обезбедени атрактивни услови за работа

3.3 Подобрување на информациската инфраструктура и воведување нов систем за повеќегодишно јавно финансирање на високото образование

3.4 Зголемување и диверзификација на финансирањето на високото образование и научно-истражувачката дејност

3.5 Воспоставен систем за финансирање за спроведување на дигитална трансформација на високото образование

**Посебна цел 4: Подобрени услови за научно-истражувачка работа и иновации и нивен трансфер во економијата и општеството**

**Мерки:**

4.1 Поттикнување на академско-приватни партнерства за научно-истражувачка работа и развој

4.2 Подобрување на квалитетот, видливоста и интернационализацијата на научно-истражувачката работа

4.3 Основање и развој на првиот национален технолошки парк

4.4 Поддршка за развој на стартапи, спин-оф компании и студентски иновации

4.5 Зголемување на инвестициите, обнова и ефикасното користење на научно-истражувачката инфраструктура

4.6 Усогласување со новиот Закон за иновациска дејност, научно-технолошки развој и претприемништво

# 4. Рамка за следење, оценување и известување

## 4.1 ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ НА УСПЕШНОСТ НА НИВО НА РЕЗУЛТАТ, ИСХОД И ЕФЕКТ

**Приоритетна област 1: Предучилишно воспитание и образование**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на показателот** | % од децата коишто посетуваат предучилишно образование постигнуваат развојни исходи усогласени со националните стандарди за рано учење и развој | | |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Општа цел: Квалитетно, инклузивно и достапно предучилишно образование за холистички развој и учење за секое дете | | |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за социјална политика, демографија и млади | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Континуирано прибирање на податоци од страна на градинките, со годишно национално сумирање, презентирано сумарно во периодични прегледи во 2028 и во 2032 година | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Установите за предучилишно воспитание и образование | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Сумирање на податоците од базите на податоци на Министерство за социјална политика, демографија и млади и Бирото за развој на образованието, добиени од установите за предучилишно воспитание и образование за развојните исходи на децата, и пресметување на процентуалната застапеност на деца коишто ги постигнуваат стандардизираните развојни исходи во однос на вкупниот број деца опфатени во ПВО. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | **55%** | **70%** | **85%** |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | % на опфат на деца во предучилишното воспитание и образование |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Посебна цел 1: Зголемен опфат на деца во предучилишното воспитание и образование |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за социјална политика, демографија и млади | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Континуирано прибирање на податоци од страна на градинките, со годишно национално сумирање, презентирано сумарно во периодични прегледи во 2028 и во 2032 година | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Установите за предучилишно воспитание и образование | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Сумирање на податоците од базите на податоци на Министерството за социјална политика, демографија и млади, вклучувајќи ги и податоците за деца од ранливи групи, и нивна споредба со вкупниот број деца на возраст од 0 до 6 години според официјалните демографски процени. Опфатот се пресметува како процентуален однос помеѓу бројот на деца запишани во јавни и приватни установи за ПВО и вкупната популација на деца во таа возрасна категорија. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2024 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 46% | 55% | 65% |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Зголемен број на предучилишни установи |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 1.1 Проширување на мрежата на предучилишни установи |
| **Извор/имател на податоците** | Државен завод за статистика (ДЗС) – редовна статистика за ПВО (установи, групи, деца, кадар)<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ– административни податоци за установи и услуги (капацитети, нови форми/сервиси, стандарди).<br>Општини – податоци за локални инвестиции, проширувања, адаптации, јавни набавки, нови објекти/одделенија. |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Континуирано прибирање на административни податоци од страна на предучилишните установи, со годишно национално сумирање на податоците од страна на надлежните институции. Податоците се синтетизираат и презентираат сумарно во рамки на периодични стратешки прегледи во 2028 и 2032 година. |

| | |
|---|---|
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Општини |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Сумирање на податоците од базите на податоци на Министерството за социјална политика, демографија и млади и Државниот завод за статистика, добиени од предучилишните установи и единиците на локалната самоуправа за бројот на постојни, новоотворени и проширени предучилишни установи и организациски единици, за вкупниот број предучилишни установи во однос на референтната (почетна) година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 118 | 124 | 130 |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Зголемен % на деца од 3 до 6 години коишто се дел од предучилишните установи |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 1.2. Зголемување на опфатот на децата од 3 до 6 години во предучилишните установи |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Државен завод за статистика (ДЗС) – официјални годишни/полугодишни податоци за број на деца запишани во предучилишно образование по возрасни групи.<br>Локални самоуправи (општини) – локални евиденции за запишани деца и капацитети.<br>Установи за предучилишно образование – првични извори (регистри на запишани деца). |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Континуирано прибирање на административни податоци од страна на предучилишните установи, со годишно национално сумирање на податоците од страна на надлежните институции. Податоците се синтетизираат и презентираат сумарно во рамки на периодични стратешки прегледи во 2028 и 2032 година. |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Државен завод за статистика<br>Општини |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Сумирање на административните податоци од базите на Министерство за социјална политика, демографија и млади и Државниот завод за статистика, прибрани од предучилишните установи за бројот на запишани деца на возраст од 3 до 6 години, и пресметување на процентуалниот опфат на деца во предучилишно воспитание и образование во однос на вкупната популација деца од истата возрасна група. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2024 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 46% | 55% | 65% |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Зголемен % на деца со попреченост коишто се дел од предучилишните установи |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 1.3. Обезбедување еднаков пристап на децата со попреченост во ПВО |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Државен завод за статистика<br>Предучилишни установи (јавни и приватни)<br>Центри за ран детски развој |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни податоци од евиденциите на ПВО установите<br>Годишни извештаи за запишани деца и обезбедени форми на поддршка<br>Податоци од системите за социјална заштита и образовна инклузија<br>Динамика: еднаш годишно, со можност за полугодишно ажурирање |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Државен завод за статистика (консолидирање и валидација на податоците) |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се пресметува како процентуален однос помеѓу бројот на деца со попреченост на предучилишна возраст вклучени во ПВО со обезбедена соодветна инклузивна поддршка и вкупниот број идентификувани деца со попреченост на иста возраст. Податоците се прибираат од административни и статистички извори на релевантните институции и предучилишни установи и се агрегираат на годишно ниво. |

| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
|---|---|---|---|
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 21 % | 35% | 50% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на показателот** | Зголемен % на деца од социјално и географски маргинализирани средини коишто се дел од предучилишните установи | | |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 1.4. Вклучување на деца од социјално и географски маргинализирани средини во ПВО | | |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Државен завод за статистика<br>Предучилишни установи (јавни и приватни)<br>Евиденции од центрите за социјална заштита и локалните самоуправи | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни податоци за запишани деца во ПВО установи<br>Податоци од системите за социјална заштита (деца од семејства во социјален ризик)<br>Годишни извештаи од предучилишните установи и општините<br>Динамика: еднаш годишно, со можност за регионална и општинска ажурираност | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Државен завод за статистика (консолидирање и валидација на податоците) | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се пресметува како процентуален однос помеѓу бројот на деца од социјално и географски маргинализирани средини кои се вклучени во предучилишното воспитание и образование и вкупниот број деца на предучилишна возраст од истите категории на национално ниво. Податоците се базираат на административни евиденции од предучилишните установи и системите за социјална заштита на годишно ниво. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 5,65 % | 8 % | 11% |

<table>
<tr><td>Назив на показателот</td><td colspan="3">% од детските градинки покажуваат континуиран напредок во процесниот квалитет (минимум 5% подобрување споредено со претходното мерење), во областите: постигања на децата, квалитет на воспитно-образовниот процес, како и грижата за здравјето и безбедноста на децата</td></tr>
<tr><td>Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан</td><td colspan="3">Посебна цел 2: Подобрен процесен квалитет во предучилишното воспитание и образование и зајакнати професионални компетенции на воспитно-образовниот кадар</td></tr>
<tr><td>Извор/имател на податоците</td><td colspan="3">Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Државен испитен центар</td></tr>
<tr><td>Начин и динамиката на прибирање на податоците</td><td colspan="3">Континуирано прибирање на податоци од страна на установите за предучилишно воспитание и образование, со годишно национално сумирање од ДИЦ и МСПДМ, презентирано сумарно во периодични прегледи во 2028 и 2032 година</td></tr>
<tr><td>Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците</td><td colspan="3">Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Државен испитен центар<br>Установите за предучилишно воспитание и образование</td></tr>
<tr><td>Методологија на пресметување на вредностите на показателот</td><td colspan="3">Сумирање на податоците од базите на податоци на Министерство за социјална политика, демографија и млади, Бирото за развој на образованието, вклучувајќи ги и податоците за професионален развој на воспитно-образовниот кадар и резултатите од процените на процесниот квалитет во ПВО. Вредноста на показателот се пресметува како процентуален однос помеѓу бројот на установи коишто исполнуваат утврдени стандарди за процесен квалитет и бројот на воспитувачи и стручни соработници коишто ги имаат стекнато или унапредено професионалните компетенции, во однос на вкупниот број установи и кадар во ПВО.</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Вредност на показателот</td><td>Почетна вредност</td><td>Преодна вредност</td><td>Крајна вредност</td></tr>
<tr><td>Година 2025</td><td>Година 2028</td><td>Година 2032</td></tr>
<tr><td>20%<br>Оцената е заснована на резултатите од пилотирањето на националниот систем за мерење на квалитетот</td><td>50%</td><td>80%</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на показателот** | Ревидирани и применети современи стандарди за рано учење и развој | | |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 2.1. Современи стандарди за рано учење и развој | | |
| **Извор/имател на податоците** | Биро за развој на образованието<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Предучилишни установи (јавни и приватни) | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Анкети и извештаи од предучилишни установи за примена на стандарди<br>Мониторинг и педагошки надзор од страна на МСПДМ, МОН, БРО, универзитетски професори<br>Годишно собирање и консолидирање на податоците на национално ниво<br>Динамика: еднократно годишно известување | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Биро за развој на образованието<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се утврдува врз основа на степенот на реализација на планираните активности за развој и имплементација на стандардите, преку следење на фазниот напредок: развивање на стандарди, пилотирање и целосна примена. Почетната, преодната и крајната вредност се определуваат преку квалитативна анализа на релевантна документација, извештаи и административни податоци од надлежните институции, при што се евидентира највисоката достигната фаза на имплементација во соодветниот временски период. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | Ревидирање на стандардите | Пилотирање | Примена |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Развиена и имплементирана национална програма за рано учење и развој |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 2.2. Развивање и имплементација на национална програма за рано учење и развој |
| **Извор/имател на податоците** | Биро за развој на образованието<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади |

| | |
|---|---|
| | Предучилишни установи (јавни и приватни) |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни извештаи од предучилишните установи за стапка на имплементација (планови, активности, документација)<br>Мониторинг извештаи од МОН и БРО (педагошки надзор и стручна поддршка)<br>Консолидирање на податоците на национално ниво<br>Динамика: еднаш годишно (со можност за полугодишно интерно следење) |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Биро за развој на образованието<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се утврдува врз основа на степенот на реализација на активностите поврзани со развојот и имплементацијата на програмата, преку следење на фазниот напредок: развивање на програма, пилотирање и целосна примена. Почетната, преодната и крајната вредност се определуваат преку квалитативна анализа на програмската документација, извештаи од пилот-активностите и административни податоци од надлежните институции, при што се евидентира највисоката достигната фаза на имплементација во соодветниот временски период. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | Развивање на програма | Пилотирање | Примена |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Развиена и применета современа педагошка евиденција и документација во детските градинки |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 2.3. Современа педагошката евиденција и документација во детските градинки |
| **Извор/имател на податоците** | Биро за развој на образованието<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Предучилишни установи (јавни и приватни) |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни извештаи од градинките за користење на стандардизирани обрасци и алатки за педагошка документација<br>Мониторинг и педагошки надзор од страна на БРО/МОН<br>Консолидирање на податоците на национално ниво<br>Динамика: еднаш годишно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Биро за развој на образованието<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се утврдува врз основа на степенот на воспоставување и имплементација на системот за евиденција и документација, преку следење на фазниот напредок: развивање на евиденција и документација, пилотирање и целосна примена. Почетната, преодната и крајната вредност се определуваат преку квалитативна анализа на воспоставените алатки, релевантната документација, извештаи од пилот-примената и административни податоци од надлежните институции, при што се евидентира највисоката достигната фаза на имплементација во соодветниот временски период. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | Развивање на евиденција и документација | Пилотирање | Примена |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Зголемен % на воспитно-образовен кадар и директори во предучилишните установи со развиени и унапредени професионални компетенции |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 2.4. Развој на професионални компетенции на воспитно-образовен кадар и директори во предучилишни установи |
| **Извор/имател на податоците** | Биро за развој на образованието<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Предучилишни установи (јавни и приватни)<br>Акредитирани даватели на обуки |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни евиденции за реализирани обуки, сертификати и учество<br>Годишни извештаи од предучилишните установи и БРО, МСПДМ<br>Податоци од регистри за професионален развој<br>Динамика: еднаш годишно |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Биро за развој на образованието<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се пресметува како процентуален однос помеѓу бројот на воспитувачи, стручни работници/соработници, негователи и директори во предучилишните установи кои во текот на референтниот период учествувале и успешно завршиле акредитирани програми за континуиран професионален развој и вкупниот број на згрижувачко, воспитно-образовен кадар и директори во ПВО системот. Податоците се прибираат преку официјални евиденции и извештаи и се вкрстуваат со регистрите на БРО и МСПДМ. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 50 % | 80 % | 100% |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Развиени и усвоени професионални компетенции, стандарди и профили за згрижувачко воспитно-образовниот кадар и директорите во предучилишните установи |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 2.5. Професионални компетенции, стандарди и профили за згрижувачко, воспитно-образовен кадар и директори во предучилишни установи |
| **Извор/имател на податоците** | Биро за развој на образованието<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Предучилишни установи (јавни и приватни) |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни податоци за усвојување и примена на професионалните стандарди<br>Извештаи од Предучилишни установи (јавни и приватни) МСПДМ,БРО за имплементација во установите<br>Педагошки надзор и мониторинг<br>Динамика: еднаш годишно |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Биро за развој на образованието<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се утврдува врз основа на степенот на развој и институционализација на професионалните компетенции, стандарди и профили за воспитно-образовниот кадар и директорите во предучилишните установи, преку следење на фазниот напредок: изработка на драфт-верзија, развиена (финализирана) верзија и нивно формално усвојување. Почетната, преодната и крајната вредност се определуваат преку квалитативна анализа на релевантната стручна и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | нормативна документација, спроведените консултации и актите за усвојување од надлежните институции, при што се евидентира највисоката достигната фаза во соодветниот временски период. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | Драфт верзија | Развиена верзија | Усвоена верзија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на показателот** | Воспоставен и функционален систем за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар и директорите во предучилишните установи | | |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 2.6. Воведување на систем за професионален и кариерен развој за воспитно-образовен кадар и директори во предучилишни установи | | |
| **Извор/имател на податоците** | Биро за развој на образованието<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Предучилишни установи (јавни и приватни) | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни евиденции за воспоставување и користење на системот<br>Годишни извештаи за кариерно напредување, оценување и професионален развој<br>Податоци од електронски или централизирани регистри<br>Динамика: еднаш годишно | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Биро за развој на образованието<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се утврдува врз основа на степенот на воспоставување и институционализација на системот за професионален и кариерен развој на згрижувачко, воспитно-образовниот кадар и директорите во предучилишните установи, преку следење на фазниот напредок: креиран систем, развиен систем и формално усвоен систем. Почетната, преодната и крајната вредност се определуваат преку квалитативна анализа на концепциската, програмската и нормативната документација, резултатите од пилот- или развојните активности и актите за усвојување од надлежните институции, при што се евидентира највисоката достигната фаза на развој во соодветниот временски период. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | Креиран систем | Законски регулиран систем | Функционален систем |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на показателот** | Воспоставен и усвоен систем за акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги во предучилишното воспитание и образование | | |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 2.7. Воспоставување систем за акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги во ПВО | | |
| **Извор/имател на податоците** | Биро за развој на образованието<br>Регистар на акредитирани програми и понудувачи<br>Предучилишни установи (корисници на услугите) | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни податоци од постапките за акредитација<br>Електронски регистар на акредитирани програми и понудувачи<br>Годишни извештаи за спроведени обуки и користење на акредитирани услуги<br>Динамика: континуирано ажурирање, со годишно сумирање | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Биро за развој на образованието | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се утврдува врз основа на степенот на воспоставување и институционализација на системот за акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги во предучилишното воспитание и образование, преку следење на фазниот напредок: креиран систем, развиен систем и формално усвоен систем. Почетната, преодната и крајната вредност се определуваат преку квалитативна анализа на концепциската, процедурната и нормативната документација, резултатите од пилот- или развојните активности и актите за усвојување од надлежните институции, при што се евидентира највисоката достигната фаза на воспоставување во соодветниот временски период. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | Креиран систем | Развиен систем | Усвоен систем |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на показателот** | Воспоставен и функционален современ систем за (ре)лиценцирање на воспитно-образовниот кадар и директорите во предучилишните установи | | |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 2.8. Воспоставување современ систем за (ре)лиценцирање на воспитно-образовниот кадар и директори во предучилишни установи | | |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Регистар за лиценцирање<br>Предучилишни установи (јавни и приватни) | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни податоци од постапките за лиценцирање и релиценцирање<br>Електронски регистар на издадени и обновени лиценци<br>Годишни извештаи од предучилишните установи<br>Динамика: континуирано ажурирање, со годишно консолидирање | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за социјална политика, демографија и млади | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се утврдува врз основа на степенот на воспоставување и институционализација на современиот систем за (ре)лиценцирање на воспитно-образовниот кадар и директорите во предучилишните установи, преку следење на фазниот напредок: креиран систем, развиен систем и формално усвоен систем. Почетната, преодната и крајната вредност се определуваат преку квалитативна анализа на концепциската, процедурната и нормативната документација, резултатите од пилот- или развојните активности и актите за усвојување од надлежните институции, при што се евидентира највисоката достигната фаза на воспоставување во соодветниот временски период. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | Креиран систем | Законски регулиран систем | Функционален систем |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | % од предучилишните установи се опфатени со националниот систем за мерење и управување со квалитетот |

| | |
|---|---|
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Посебна цел 3: Функционален систем за мерење и управување со квалитетот на работа во предучилишните установи |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Биро за развој на образованието<br>Државен испитен центар |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Континуирано прибирање на податоци од страна на установите за предучилишно воспитание и образование во рамки на националниот систем за мерење и управување со квалитетот, со годишно национално сумирање од Министерството за социјална политика, демографија и млади, Бирото за развој на образованието и Државниот испитен центар презентирано сумарно во периодични прегледи во 2028 и 2032 година. |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Биро за развој на образованието<br>Државен испитен центар<br>Установите за предучилишно воспитание и образование |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Сумирање на податоците од базите на податоци на Министерство за социјална политика, демографија и млади и Бирото за развој на образованието и Државниот испитен центар, вклучувајќи ги и податоците за опфатеноста на установите во процесите на мерење и управување со квалитетот во ПВО. Вредноста на показателот се пресметува како процентуален однос помеѓу бројот на предучилишни установи коишто се вклучени во националниот систем за мерење и управување со квалитетот и вкупниот број регистрирани установи за предучилишно воспитание и образование. |

| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
|---|---|---|---|
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | **30%** | **60%** | **90%** |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Воспоставен и функционален национален систем за мерење, евалуација и управување со квалитетот во предучилишното воспитание и образование |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 3.1. Воспоставување национален систем за мерење, евалуација и управување со квалитетот во ПВО |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за социјална политика, демографија и млади |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Биро за развој на образованието<br>Државен испитен центар<br>Државен завод за статистика<br>Предучилишни установи (јавни и приватни) | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни податоци од националниот систем за мерење и евалуација<br>Резултати од периодични проценки на структурен, процесен и излезен квалитет<br>Извештаи од самоевалуација и надворешна евалуација на установите<br>Динамика: периодично (на пр. на 2 години), со годишно ажурирање на клучни индикатори | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Државен испитен центар | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се утврдува врз основа на степенот на воспоставување и институционализација на националниот систем за мерење, евалуација и управување со квалитетот во предучилишното воспитание и образование, преку следење на фазниот напредок: креиран систем, развиен систем и формално усвоен систем. Почетната, преодната и крајната вредност се определуваат преку квалитативна анализа на концепциската, методолошката и нормативната документација, резултатите од пилотирање и евалуациски активности, како и актите за усвојување од надлежните институции, при што се евидентира највисоката достигната фаза на воспоставување во соодветниот временски период. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | Креиран систем | Законски регулиран систем | Функционален систем |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Дефинирање и степен на примена на националните стандарди и индикатори за квалитет во предучилишното воспитание и образование |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 3.2. Дефинирање и примена на национални стандарди и индикатори за квалитет во ПВО |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Министерство за образование и наука |

<table>
<tr><td></td><td colspan="3">Биро за развој на образованието<br>Државен испитен центар<br>Државен завод за статистика<br>Предучилишни установи (јавни и приватни)</td></tr>
<tr><td>Начин и динамиката на прибирање на податоците</td><td colspan="3">Административни податоци за усвојување и имплементација на стандардите<br>Извештаи од педагошки надзор, самоевалуација и надворешна евалуација<br>Податоци од национални алатки за мерење на квалитет<br>Динамика: еднаш годишно (со периодична ревизија на стандардите)</td></tr>
<tr><td>Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците</td><td colspan="3">Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Министерство за образование и наука<br>Биро за развој на образованието (стручна имплементација и мониторинг)<br>Државен завод за статистика (статистичка обработка)</td></tr>
<tr><td>Методологија на пресметување на вредностите на показателот</td><td colspan="3">Вредноста на показателот се утврдува врз основа на степенот на дефинирање и примена на националните стандарди и индикатори за квалитет во предучилишното воспитание и образование, изразен како процент на реализираност во однос на вкупно планираните активности. Почетната вредност (2025 година) се определува врз основа на изработката на концепциска рамка и иницијална верзија на стандардите и индикаторите (креирање), преодната вредност (2028 година) се утврдува преку проценка на најмалку 50% реализирани активности за нивна примена, вклучително и пилотирање и делумна имплементација, додека крајната вредност (2032 година) се пресметува врз основа на целосна (100%) примена на националните стандарди и индикатори, потврдена преку релевантна документација, извештаи од евалуации и административни податоци од надлежните институции.</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Вредност на показателот</td><td>Почетна вредност</td><td>Преодна вредност</td><td>Крајна вредност</td></tr>
<tr><td>Година 2025</td><td>Година 2028</td><td>Година 2032</td></tr>
<tr><td>Креирање</td><td>50%</td><td>100%</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Степен на континуирано следење, анализа и користење на податоците за унапредување на квалитетот во предучилишното воспитание и образование |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 3.3. Континуирано следење, анализа и користење на податоците за унапредување на квалитетот во ПВО |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за социјална политика, демографија и млади<br><br>Биро за развој на образованието<br>Државен испитен центар<br>Државен завод за статистика<br>Предучилишни установи (јавни и приватни) | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни и педагошки податоци од установите (структурни, процесни и излезни индикатори)<br>Извештаи од самоевалуација, надворешна евалуација и педагошки надзор<br>Податоци од национални бази и дигитални системи<br>Динамика: континуирано прибирање, со годишна анализа и известување | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука (водечко; координација и политики)<br>Биро за развој на образованието (стручна анализа и поддршка)<br>Државен завод за статистика (статистичка обработка и валидација) | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се пресметува како процентуален однос помеѓу бројот на предучилишни установи кои систематски прибираат, анализираат и користат податоци (од самоевалуација, мониторинг и проценка на квалитет) за планирање и спроведување мерки за унапредување на квалитетот и вкупниот број предучилишни установи во државата. Податоците се валидираат преку документација за донесени одлуки, планови за подобрување и следење на реализирани активности. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 20% | 60% | 100% |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Степен на зајакнување на институционалната рамка за координација и евалуација на квалитетот во предучилишното воспитание и образование |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 3.4. Јакнење на институционалната рамка за координација и евалуација на квалитетот во ПВО |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Министерство за образование и наука<br>Биро за развој на образованието |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Државен завод за статистика<br>Меѓуресорски тела и работни групи<br>Предучилишни установи (јавни и приватни) | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни податоци за воспоставени тела, протоколи и процедури<br>Годишни извештаи за координација, евалуација и донесени политики<br>Документација од меѓуресорска соработка и заеднички активности<br>Динамика: еднаш годишно, со периодично ажурирање по потреба | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Министерство за образование и наука<br>Биро за развој на образованието (стручна евалуација и поддршка)<br>Државен завод за статистика (статистичка консолидација) | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се утврдува врз основа на процентуален однос помеѓу бројот на воспоставени и функционални институционални механизми за координација и евалуација на квалитетот (јасно дефинирани надлежности, редовни координациски состаноци, заеднички извештаи и донесени одлуки) и вкупниот број планирани механизми утврдени со националните политики за ПВО. Податоците се валидираат преку официјална документација и годишни извештаи. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 20% | 60% | 100% |

**Приоритетна област 2: Основно образование**

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | % од учениците постигнуваат резултати повисоки од основното ниво на ПИСА - меѓународно тестирање на учениците во областите читање, математика и природни науки |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Општа цел: Квалитетно, инклузивно и ефикасно основно образование за високи постигнувања, развој, добросостојба и активно учество на учениците |
| **Извор/имател на податоците** | Државен испитен центар<br>Министерство за образование и наука |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Податоците се собираат периодично врз основа на учеството на државата во Програма за меѓународно тестирање на учениците (ПИСА). Следното тестирања ќе се спроведе во 2029 година | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Државен испитен центар | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Показателот (процент на ученици кои постигнуваат резултати повисоки од основното ниво) се пресметува во согласност со официјалната методологија на ОЕЦД за ПИСА.<br>Тестирање 2029; објава на резултати во 2030 | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2022 | Година 2028 | Година 2030 |
| | Математика-33,8%<br>Читање-26,4%<br>Природни науки-34,7% | / | Најмалку 50% во сите три области |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на показателот** | % од училишта реализираат настава во една смена | | |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Посебна цел 1: Подобрени инфраструктурни, организациски и кадровски услови за квалитетно и инклузивно учење | | |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Годишно прибирање на податоци за училиштата во коишто наставата се реализира во една смена | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука и општини | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Утврдување на бројот на училишта коишто не работат во една смена и пресметката ќе се прави врз основа на бројот на училишта коишто преминале да организираат настава во една смена. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 40% | 50% | 60% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на показателот** | Зголемен % на училишни објекти со модернизирана инфраструктура | | |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 1.1. Модернизација на училишната инфраструктура | | |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Министерство за транспорт и врски / Министерство за локална самоуправа (каде е релевантно)<br>Општини (основачи на училиштата)<br>Основни училишта<br>Државен завод за статистика (консолидирани податоци) | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни податоци за инвестиции, реконструкции и опремување<br>Годишни извештаи од училиштата и општините<br>Податоци од технички прегледи, безбедносни и енергетски елаборати<br>Динамика: еднаш годишно, со можност за проектно ажурирање | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука (водечко; координација и политики)<br>Општините (оперативно прибирање и известување)<br>Државен завод за статистика (статистичка обработка) | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се пресметува како процентуален однос помеѓу бројот на училишта кои документирано имаат модернизирана инфраструктура и вкупниот број училишта. За исполнување на показателот училиштето треба да има:<br>- најмалку еден реновиран или функционално унапреден простор за настава или санитарни услови во текот на референтниот период и<br>- најмалку две од следните компоненти: мерки за енергетска ефикасност, современа дигитална опрема, обезбедена пристапност за ученици со попреченост или исполнети основни безбедносни стандарди.<br>Податоците се валидираат преку техничка и проектна документација, извештаи за реализирани инвестиции и теренски проверки. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 40% | 65% | 85% |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Зголемен % на основни училишта кои функционираат во оптимизирана и ефективна училишна мрежа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 1.2. Подобрување на ефикасноста и ефективноста на мрежата на основни училишта | | |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Општини (основачи на основните училишта)<br>Државен завод за статистика (демографски и просторни податоци)<br>Основни училишта | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни податоци за број на ученици, капацитети и просторна распределба<br>Демографски анализи и проекции (возраст, население, миграции)<br>Годишни извештаи од училиштата и општините<br>Динамика: еднаш годишно, со периодични ревизии (на пр. на 3–5 години) | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука (водечко; политики и координација)<br>Општините (оперативно прибирање и известување)<br>Државен завод за статистика (статистичка обработка) | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се утврдува како процентуален однос помеѓу бројот на основни и подрачни училишта кои се усогласени со:<br>(1) утврдените стандарди за минимален и максимален број ученици по паралелка и<br>(2) ги исполнуваат следните критериуми: рационално користење на просторните ресурси и рационално користење на човечките ресурси<br>и вкупниот број основни училишта во државата.<br>Аналитичката рамка за следење на показателот ги зема предвид демографските трендови (број на ученици наспроти број на наставници), просторната достапност и релевантните квалитативни аспекти на наставата. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 50% | 70% | 85% |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Зголемен % на училишта со обезбедени услови за едносменска организација на наставата |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 1.3. Обезбедени услови за едносменска организација на наставата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Општини (основачи на училиштата)<br>Основни училишта<br>Државен завод за статистика (консолидирани податоци) | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни податоци за организација на наставата и просторни капацитети<br>Годишни извештаи од училиштата и општините<br>Податоци за број на паралелки, ученици и наставен кадар<br>Динамика: еднаш годишно, со можност за ажурирање по завршување на инфраструктурни интервенции | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука (водечко; координација и политики)<br>Општините (оперативно прибирање и доставување на податоци)<br>Државен завод за статистика (статистичка обработка) | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се пресметува како процентуален однос помеѓу бројот на основни училишта кои спроведуваат настава во една смена и вкупниот број основни училишта во државата. Податоците се валидаираат преку годишни извештаи, планови за организација на наставата и податоци за капацитетите. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 40% | 50% | 60% |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Зголемен % на училишта со обезбедена пристапна и инклузивна училишна средина |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 1.4. Обезбедување пристапна и инклузивна училишна средина |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Општини (основачи на училиштата)<br>Основни училишта<br>Државен завод за статистика (консолидирани податоци)<br>Ресурсни центри и стручни служби |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни податоци за инфраструктурна пристапност и инклузивни мерки<br>Годишни извештаи од училиштата и општините<br>Податоци од педагошки надзор и теренски проверки<br>Динамика: еднаш годишно, со ажурирање по реализација на инфраструктурни и програмски интервенции |
| **Орган на државната управа задолжен за** | Министерство за образование и наука (водечко; координација и политики) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **прибирање на податоците** | Општините (оперативно прибирање и известување)<br>Државен завод за статистика (статистичка обработка и валидација) | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се пресметува како процентуален однос помеѓу бројот на училишта кои документирано обезбедуваат пристапна и инклузивна училишна средина и вкупниот број училишта во државата. За исполнување на показателот училиштето треба да има:<br>- најмалку еден функционален елемент на физичка пристапност (рампа, лифт) и<br>- најмалку две од следните мерки: прилагодени санитарни јазли, асистивна технологија, инклузивни педагошки практики или организирана поддршка за ученици со попреченост и други ранливи групи.<br>Податоците се валидираат преку техничка и проектна документација, извештаи за спроведени инклузивни мерки и наоди од стручен или педагошки надзор. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 30% | 50% | 70% |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Зголемен % на училишта со унапредена дигитална инфраструктура |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 1.5. Унапредување на дигиталната инфраструктура |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Министерство за информатичко општество и администрација<br>Министерство за дигитална трансформација<br>Општини (основачи на училиштата)<br>Основни училишта<br>Државен завод за статистика (консолидирани податоци) |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни податоци за ИКТ опрема, интернет конекција и дигитални платформи<br>Годишни извештаи од училиштата и општините<br>Податоци од национални ИКТ системи и дигитални регистри<br>Динамика: еднаш годишно, со можност за ажурирање по завршување на ИКТ-инвестиции |
| **Орган на државната управа задолжен за** | Министерство за образование и наука (водечко; координација и политики) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **прибирање на податоците** | Министерство за информатичко општество и администрација (техничка координација)<br>Министерство за дигитална трансформација (техничка координација)<br>Општините (оперативно прибирање и доставување податоци)<br>Државен завод за статистика (статистичка обработка) | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се пресметува како процентуален однос помеѓу бројот на училишта кои документирано располагаат со функционална дигитална инфраструктура и вкупниот број училишта во државата. За исполнување на показателот училиштето треба да има:<br>- стабилна и функционална интернет конекција достапна во наставните простории и<br>- најмалку две од следните компоненти: број на ИКТ уреди по ученик, најмалку една дигитална платформа која активно се користи за настава или училишна администрација и основни мерки за сајбер-безбедност (антивирусна заштита, контролиран пристап и интерни ИКТ правила),<br>Податоците се валидаираат преку техничка документација, извештаи за ИКТ-опременост и теренски проверки. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 45% | 60% | 75% |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Подобрување на средната оценка на национално ниво на индикаторот настава и учење од интегралната евалуација |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Посебна цел 2: Унапреден квалитет на наставната пракса |
| **Извор/имател на податоците** | Државен просветен инспекторат<br>Министерство за образование и наука<br>Биро за развој на образование<br>Државен испитен центар<br>Основни училишта |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Континуирано, презентирано сумарно во периодични прегледи во 2028 и во 2032 година |
| **Орган на државната управа задолжен за** | Државен просветен инспекторат, Министерство за образование и наука, Биро за развој на образование, Државен испитен центар |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **прибирање на податоците** | | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Пресметување на средната вредност на национално ниво врз основа на оценките што ги добиле основните училишта од интегралната евалуација во подрачјето учење и настава кое го оценува квалитетот на наставниот процес. Сите оценки добиени во ова подрачје во период од три години се собираат и се делат со бројот на основни училишта во кои се спровела интегрална евалуација. Скалата што се користи во интегралната евалуација е 1-незадоволува, 2 - делумно задоволува, 3- добро, 4- многу добро | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 2,7 | 3,0 | 3,5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на показателот** | Зголемен % на училишта кои применуваат диференцирани и индивидуализирани пристапи во наставата и учењето и формативно ги следат постигањата на учениците | | |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 2.1. Примена на диференцирани и индивидуализирани пристапи за прилагодување на наставата и учењето кон потребите и можностите на учениците и формативно следење на постигањата на учениците | | |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Биро за развој на образованието<br>Основни училишта<br>Државен завод за статистика (консолидирани податоци) | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни и педагошки податоци (планови за настава, индивидуални образовни планови, формативни алатки)<br>Извештаи од самоевалуација, педагошки надзор и надворешна евалуација<br>Анкети и инструменти за следење на наставната практика<br>Динамика: еднаш годишно, со континуирано прибирање на податоци на училишно ниво | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука (водечко; координација и политики)<br>Биро за развој на образованието (стручна поддршка, мониторинг и анализа)<br>Државен завод за статистика (статистичка обработка и валидација) | | |
| **Методологија на пресметување на** | Вредноста на показателот се пресметува како процентуален однос помеѓу бројот на наставници кои: | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **вредностите на показателот** | - имаат завршено релевантна обука за диференцирани и индивидуализирани наставни пристапи и формативно следење на постигањата и<br>- имаат најмалку две документирани примени во текот на учебната година на диференцирани или индивидуализирани наставни практики и формативно следење, кои вклучуваат најмалку две од следните практики: прилагодени наставни стратегии, индивидуални ученички планови, тековна повратна информација и користење на резултатите од следењето за подобрување на учењето,<br>наспроти и вкупниот број наставници во системот.<br>Податоците се валидаираат преку педагошка документација, наоди од стручен или педагошки надзор и извештаи од самоевалуација.. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 40% | 65% | 85% |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Зголемен % на училишта кои применуваат иновативни, креативни и интерактивни пристапи што интегрираат вештачка интелигенција, зелени компетенции, меки вештини и претприемачки компетенции |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 2.2. Примена на иновативни, креативни и интерактивни пристапи кои ги интегрираат вештачката интелигенција, зелените компетенции, меките вештини, како и претприемачките компетенции |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Биро за развој на образованието<br>Основни училишта<br>Педагошки и стручни служби<br>Државен завод за статистика (консолидирани податоци) |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни и педагошки податоци (наставни планови, проекти, интердисциплинарни активности, дигитални и ВИ-алатки)<br>Извештаи од самоевалуација, педагошки надзор и надворешна евалуација<br>Анкети и инструменти за следење на наставната практика<br>Динамика: еднаш годишно, со континуирано прибирање на податоци на училишно ниво |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука (водечко; координација и политики)<br>Биро за развој на образованието (стручна поддршка, мониторинг и анализа) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Државен завод за статистика (статистичка обработка и валидација) | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се пресметува како процентуален однос помеѓу бројот на наставници кои:<br>- имаат завршено акредитирана или признаена обука за иновативни наставни пристапи и<br>- имаат најмалку една документирана примена на иновативни, креативни или интерактивни наставни практики што вклучуваат најмалку две од следните области: вештачка интелигенција, еколошка одржливост, меки вештини и/или претприемачки компетенции, и вкупниот број наставници во системот,<br>и вкупниот број на наставници во основно образование<br>Податоците се валидаираат преку педагошка документација, наоди од надзор или извештаи од самоевалуација. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 25% | 55% | 80% |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Зголемен % на учебници и дидактички материјали изработени, вреднувани и одобрени според јасни и транспарентни процедури |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 2.3. Подобрување на квалитетот и транспарентноста во процесот на изработка, вреднување и одобрување на учебници и дидактички материјали |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Педагошка служба<br>Биро за развој на образованието<br>Национални комисии за учебници<br>Издавачи и авторски тимови<br>Основни училишта (повратни информации за користење) |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни податоци од постапките за изработка, рецензија и одобрување<br>Записници и извештаи од стручни и рецензентски комисии<br>Јавни повици и објавени одлуки за одобрување<br>Динамика: континуирано, со годишно сумирање |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука (водечко; регулаторна и координациска улога)<br>Педагошка служба<br>Биро за развој на образованието (стручна проценка и мониторинг) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се пресметува како процентуален однос помеѓу бројот на учебници и дидактички материјали кои во референтниот период поминале низ унапреден и стандардизиран процес на изработка, вреднување и одобрување и вкупниот број учебници и дидактички материјали одобрени во тој период. За исполнување на показателот процесот ќе вклучува:<br>- јавно утврдени и објавени критериуми за вреднување и остварување, и<br>- исполнување на следните компоненти: независна рецензија, документирана одлука за одобрување и јавна достапност на релевантни информации за процесот и одлуките,.<br>Податоците се валидираат преку официјална документација и јавно објавени одлуки. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 30% | 65% | 90% |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Зголемен % на наставен кадар и стручни соработници опфатени со континуирана професионална поддршка и развој |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 2.4. Јакнење на капацитетите на наставниот кадар и стручните соработници преку континуирана професионална поддршка и развој |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Биро за развој на образованието<br>Основни училишта<br>Центри за професионална поддршка<br>Акредитирани даватели на обуки |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни евиденции за учество во обуки, менторство, професионални заедници на учење и советодавна поддршка<br>Годишни извештаи од училиштата и БРО<br>Податоци од регистри за континуиран професионален развој<br>Динамика: еднаш годишно |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука (водечко; координација и политики)<br>Биро за развој на образованието (стручна поддршка, мониторинг и анализа) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се пресметува како процентуален однос помеѓу бројот на наставници и стручни соработници кои во текот на референтниот период учествувале во континуирани и структурирани форми на професионална поддршка и развој (обуки, менторство, професионални заедници на учење, советодавна поддршка) и вкупниот број наставници и стручни соработници во системот. Податоците се вкрстуваат со извештаи за примена на стекнатите компетенции во пракса и наоди од педагошки надзор и самоевалуација. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 45% | 70% | 90% |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Зголемен % на училишта со воспоставен и применет систем за следење и анализа на постигањата на учениците |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 2.5. Воспоставен систем за следење и анализа на постигнувањата на учениците |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Биро за развој на образованието<br>Државен завод за статистика<br>Основни училишта<br>Национални платформи и бази на податоци за образование |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни и педагошки податоци од националниот систем за следење<br>Резултати од формативни и сумативни проценки, внатрешни и надворешни евалуации<br>Годишни извештаи од училиштата и националните тела<br>Динамика: континуирано прибирање, со годишна анализа и известување |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука (водечко; координација и политики)<br>Биро за развој на образованието (стручна анализа и методолошка поддршка)<br>Државен завод за статистика (статистичка обработка и валидација) |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се утврдува како процентуален однос помеѓу бројот на училишта кои се опфатени со воспоставениот систем за следење и анализа на постигнувањата на учениците и активно ги користат резултатите (анализа по предмети и нивоа, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | идентификација на ризици, планирање интервенции и подобрување на наставните стратегии) и вкупниот број училишта во државата. Системот комбинира податоци од формативно и сумативно оценување, внатрешни и надворешни проценки, со можност за дисагрегација по возраст, пол, регион и социо-економски статус. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 20% | 60% | 90% |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Зголемен % на талентирани ученици опфатени со програми за поддршка |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 2.6. Воспоставување систем за идентификација, поддршка и стимулирање на талентираните ученици |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Национална рамка/програма (1.3.8.)<br>Основни училишта<br>Центри за таленти, научни друштва и организации<br>Државен завод за статистика (консолидирани податоци) |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни податоци за идентификација и вклучување на талентирани ученици<br>Годишни извештаи за реализирани програми (менторство, стипендии, кампови, олимпијади, истражувачки проекти)<br>Податоци за постигнувања (натпревари, награди, публикации)<br>Динамика: еднаш годишно, со проектно ажурирање |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука (водечко; координација и политики)<br>Надлежни тела за спроведување на НРС 1.3.8.<br>Државен завод за статистика (статистичка обработка) |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се пресметува како процентуален однос помеѓу бројот на идентификувани талентирани ученици кои во текот на референтниот период се опфатени со најмалку една структурирана програма за поддршка и развој (како што се менторство, финансиска поддршка, напредни образовни програми или учество во национални и меѓународни активности) и вкупниот број идентификувани талентирани ученици во системот, идентификувани согласно утврдени критериуми. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Податоците се валидаираат преку официјални регистри, извештаи од училиштата и надлежните програмски тела, со можност за дисагрегација по област, возраст, пол и регион | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 30% | 60% | 85% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на показателот** | Развиен и применет индикатор што ја мери добросостојбата и учеството на учениците изведен од податоците на меѓународната лонгитудинална Студија за однесувањата поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (ХБСЦ) | | |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Посебна цел 3: Подобрени капацитети и програми за поддршка на добросостојбата и учеството на учениците | | |
| **Извор/имател на податоците** | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, Универзитет во Тетово | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Периодично прибирање на податоците. Следно прибирање е предвидено во 2026 година и во 2030 година. Резултатите ќе бидат достапни после една година од прибирањето. | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, Универзитет во Тетово | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот го мери степенот на развој, усвојување и практична примена на новиот индикатор за добросостојба и учество на учениците, изведен од податоците на меѓународната ХБСЦ студија (Health Behaviour in School-aged Children).<br>Показателот има за цел да го следи напредокот во воспоставување функционален механизам за редовно мерење на ученичката добросостојба и учество во основните. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2027 | Година 2032 |
| | Нема индикатор | Изработен верификуван индикатор за добросостојба и | Индикаторот е применет и функционира (интегриран во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | учество согласно резултатите од ХБСЦ студијата | системот за следење и врз основа на кој се собираат и анализираат податоците) |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Зголемен % на ученици опфатени со активности за поддршка и унапредување на добросостојбата, менталното и физичкото здравје и социјалната инклузија |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 3.1. Поддршка и унапредување на добросостојбата, менталното здравје, физичкото здравје и социјалната инклузија на учениците |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Министерство за здравство<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Основни училишта<br>Стручни служби (психолози, педагози, социјални работници)<br>Државен завод за статистика (консолидирани податоци) |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни и педагошки податоци за реализирани програми и активности<br>Годишни извештаи од училиштата и стручните служби<br>Податоци од анкети за ученичка добросостојба и училишна клима<br>Извештаи од меѓуресорски активности и партнерства<br>Динамика: еднаш годишно, со можност за тематски анализи по потреба |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука (водечко; координација и политики)<br>Министерство за здравство (аспекти на физичко и ментално здравје)<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади(социјална инклузија)<br>Државен завод за статистика (статистичка обработка и валидација) |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се пресметува како процентуален однос помеѓу бројот на училишта кои документирано и континуирано спроведуваат интегрирани мерки за поддршка на ученичката добросостојба и вкупниот број училишта.<br>За исполнување на показателот училиштето треба да:<br>- спроведува најмалку една структурирана мерка за психосоцијална поддршка или безбедна училишна |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | средина и<br>- дополнително спроведува најмалку уште една мерка од различна област (превентивни или промотивни здравствени програми, активности за социјална инклузија или антидискриминација),<br>во континуитет од најмалку една учебна година,<br>Податоците се валидаираат преку програми, извештаи, записници и наоди од педагошки и здравствени служби, со можност за дисагрегација по возраст, пол, регион и ранливи групи. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 40% | 65% | 85% |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Зголемен % на ученици во социјален ризик опфатени со мерки за поддршка |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 3.2. Поддршка на ученици во социјален ризик |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Центри за социјална работа<br>Основни училишта<br>Стручни служби (психолози, педагози, социјални работници)<br>Државен завод за статистика (консолидирани податоци) |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни податоци за идентификација и вклучување на ученици во социјален ризик<br>Годишни извештаи од училиштата и центрите за социјална работа<br>Податоци за реализирани форми на поддршка (финансиска помош, образовна поддршка, менторство, советување)<br>Динамика: еднаш годишно, со можност за интерсекторско ажурирање |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука (водечко; координација и политики)<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади(социјална заштита)<br>Државен завод за статистика (статистичка обработка и валидација) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста на показателот се пресметува како процентуален однос помеѓу бројот на идентификувани ученици во социјален ризик кои се опфатени со најмалку една интегрирана форма на поддршка (образовна поддршка, финансиска помош, психосоцијална интервенција, менторство, вклучување на семејството) и вкупниот број идентификувани ученици во социјален ризик во системот. Податоците се прибираат преку административни евиденции и се вкрстуваат меѓу образовниот и социјалниот сектор, со можност за дисагрегација по возраст, пол, регион и тип на ризик. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 20% | 40% | 60% |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Зголемен % на ученици активно вклучени во процесот на учење, во животот на училиштето и во развојот на демократските вредности |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 3.3. Активно вклучување на учениците во процесот на учење, во животот на училиштето и развојот на демократските вредности во општеството (Програма на НРС 3.4.5.) |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Биро за развој на образованието<br>Основни училишта<br>Ученички парламенти/совети<br>Државен завод за статистика (консолидирани податоци) |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни и педагошки податоци (ученички парламенти, проектна и сервисно-учење, дебати, волонтерство)<br>Годишни извештаи од училиштата и БРО<br>Анкети за ученичко учество и училишна клима<br>Динамика: еднаш годишно, со тематски анализи по потреба |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука (водечко; координација и политики)<br>Биро за развој на образованието (стручна поддршка, мониторинг и анализа)<br>Државен завод за статистика (статистичка обработка и валидација) |
| **Методологија на пресметување на** | Вредноста на показателот се пресметува како процентуален однос помеѓу бројот на училишта кои документирано обезбедуваат механизми за активно ученичко учество и вкупниот број училишта во државата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **вредностите на показателот** | За исполнување на показателот училиштето треба да има:<br>- воспоставен формален механизам за ученичко учество (ученичка заедница) и<br>- најмалку една документирана активност во текот на едно полугодие што покажува реално ученичко учество, како што се проектно учење, дебатни или граѓански активности или вклучување на учениците во донесување одлуки поврзани со училишниот живот,<br>Податоците се валидаираат преку училишна документација, извештаи и наоди од педагошки надзор, со можност за дисагрегација по ниво, регион и тип на активности. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | 45% | 60% | 80% |

**Приоритетна област 3: Гимназиско образование и уметничко образование**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на показателот** | Процент од пријавените ученици за полагање државна матура и државна уметничка матура се стекнале со диплома, дисагрегирано по тип на матура и по ранливи групи | | |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Општа цел: Квалитетно, инклузивно и современо гимназиско и уметничко образование коешто обезбедува развој на компетенции, високи постигнувања на учениците и успешна подготовка за продолжување на образованието на повисоко ниво | | |
| **Извор/имател на податоците** | Државен испитен центар<br>Министерство за образование и наука | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Прибирање на податоци од секој испитен рок од страна на Државен испитен центар, годишно сумирање на ниво на држава, презентирано сумарно во периодични прегледи во 2028 и во 2032 година | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Државен испитен центар<br>Министерство за образование и наука | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Сумирање на податоците од базите на податоци на Државен испитен центар и Министерство за образование и наука, согласно новата Концепција за испитите на крајот од средното образование донесена во 2025 | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **0%**<br>Поради новините од Концепција за испитите на крајот од средното образование донесена во 2025 | **60%** | **80%** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на показателот** | Усвоени концепции за гимназиско и за уметничко образование | | |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Посебна цел 1: Воспоставена современа, инклузивна и квалитетна рамка за гимназиско и уметничко образование преку нови концепции, наставни и испитни програми и подобрени инфраструктурни и дигитални услови за учење | | |
| **Извор/имател на податоците** | Биро за развој на образованието<br>Министерство за образование и наука | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Доставување информации од страна на Биро за развој на образованието во 2028 и во 2032 година | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Биро за развој на образованието<br>Министерство за образование и наука | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Официјални акти на Министерството за образование и наука (МОН) или Владата, објавени на веб-страница или во Службен весник | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | **0** | **2** | **2** |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Процент на реализирани елементи од нормативната и програмската рамка за гимназиско и за уметничко образование |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 1.1: Воспоставување нова нормативна и програмска рамка за гимназиско и за уметничко образование |
| **Извор/имател на податоците** | • Министерство за образование и наука<br>• Биро за развој на образованието<br>• Центар за образование на возрасните (доколку е потребно за квалификации во НРК) |

<table>
<tr><td></td><td colspan="3"><ul><li>Државен испитен центар (ДИЦ) – за испитни програми и стандарди</li><li>Правна служба во МОН – за законска рамка</li><li>Службен весник на РСМ – за донесени акти</li></ul></td></tr>
<tr><td>Начин и динамиката на прибирање на податоците</td><td colspan="3"><ul><li>Преглед и верификација на службени документи (концепции, стандарди, наставни програми, испитни програми, свидетелства, закони и подзаконски акти).</li><li>Потврда од институциите-иматели дека документите се изработени, усвоени или донесени.</li><li>Објава во Службен весник (каде што е применливо).</li><li>Административна проверка од МОН</li></ul>Доставување информации од страна на Министерството за образованието и наука во 2028 и во 2032 година</td></tr>
<tr><td>Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците</td><td colspan="3">Министерство за образование и наука како водечка институција во координација со:<ul><li>Биро за развој на образованието (за програми, стандарди и концепции)</li><li>Државен испитен центар (за испитни програми)</li><li>Правен сектор во МОН (за законската рамка)</li></ul></td></tr>
<tr><td>Методологија на пресметување на вредностите на показателот</td><td colspan="3">Според формулата:<br>Индекс на реализираност =<br>(Број на реализирани производи/12)×100<br>каде 12 е вкупниот број елементи на нормативната и програмската рамка</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Вредност на показателот</td><td>Почетна вредност</td><td>Преодна вредност</td><td>Крајна вредност</td></tr>
<tr><td>Година 2025</td><td>Година 2028</td><td>Година 2032</td></tr>
<tr><td>0%</td><td>60%<br>Усвоена Концепција за гимназиско образование<br>Усвоена Концепција за уметничко образование<br>Стандард на квалификации за гимназиско<br>Поголем дел од стандардите на квалификација во уметничко образование</td><td>100%<br>Концепции (2)<br>Стандарди на квалификации (9+)<br>Наставни програми (2 пакета)<br>Испитни програми (2 пакета)<br>Свидетелства (2 типа)<br>Закон за средно образование +</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Нови наставни програми<br>Нови испитни програми | подзаконски акти |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на показателот** | Процент на училиштата кои нудат гимназиско и/или уметничко образование и кои обезбедуваат и функционална опременост и архитектонска пристапност согласно утврдените стандарди за квалитет и инклузивно образование | | |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 1.2.: Подобрување на инфраструктурата, опременоста и инклузивните услови за реализација на едукативни, практични, истражувачки и уметнички активности училиштата кои нудат гимназиско и уметничко образование | | |
| **Извор/имател на податоците** | • Биро за развој на образованието<br>• Министерство за образование и наука<br>• Државен просветен инспекторат<br>• Основачи/општини<br>• Училишта | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни извештаи, чек-листи по стандарди, технички приеми, фотодокументација; полугодишно следење, годишно сумирање;<br><br>Доставување информации од страна на Министерството за образованието и наука во 2028 и во 2032 година | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука<br>во координација со<br>• Биро за развој на образованието<br>• Државен просветен инспекторат<br>• Основачи/општини<br>• Училишта | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Училиштата се сметаат за исполнети ако **истовремено** се опремени по стандард и имаат обезбедена пристапност по стандард; пресметка како % од вкупниот број релевантни училишта | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | **0%** | **55%** | **85%** |

<table>
<tr><td>Назив на показателот</td><td colspan="3">Процент на средните училишта кои нудат гимназиско и/или уметничко образование и кои обезбедиле услови за едносменска организација на наставата преку спроведена реорганизација на кадарот и распоредот и премин кон работа во една смена</td></tr>
<tr><td>Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан</td><td colspan="3">Мерка 1.3.: Обезбедени услови за едносменска организација на наставата</td></tr>
<tr><td>Извор/имател на податоците</td><td colspan="3">• Министерство за образование и наука<br>• Училишта<br>• Основачи/општини<br>• Државен просветен инспекторат</td></tr>
<tr><td>Начин и динамиката на прибирање на податоците</td><td colspan="3">Административни извештаи, распореди на часови, акти за реорганизација, теренска проверка; полугодишно следење; годишно сумирање.<br><br>Доставување информации од страна на Министерството за образованието и наука во 2028 и во 2032 година</td></tr>
<tr><td>Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците</td><td colspan="3">Министерство за образование и наука<br>во координација со<br>• Државен просветен инспекторат<br>• Училишта<br>• Основачи/општини</td></tr>
<tr><td>Методологија на пресметување на вредностите на показателот</td><td colspan="3">Училиштето се брои како едносменско само ако истовремено работи во една смена и има спроведена реорганизација. Пресметка во апсолутен број и процент од вкупниот број релевантни училишта.</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Вредност на показателот</td><td>Почетна вредност</td><td>Преодна вредност</td><td>Крајна вредност</td></tr>
<tr><td>Година 2025</td><td>Година 2028</td><td>Година 2032</td></tr>
<tr><td>10%</td><td>45%</td><td>75%</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на показателот** | Процент на средни училишта кои нудат гимназиско и/или уметничко образование и кои на годишно ниво имаат модернизирани дигитални ресурси и интернет инфраструктура согласно стандарди за дигитално училиште | | |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 1.4.: Унапредување на дигиталната инфраструктура | | |
| **Извор/имател на податоците** | • Министерство за образование и наука<br>• Министерство за дигитална трансформација<br>• Училишта<br>• Основачи/општини | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни извештаи, IT-инвентари, записници за набавки; квартално следење<br><br>Доставување информации од страна на Министерството за образованието и наука во 2028 и во 2032 година | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука<br>во координација со<br>• Министерство за дигитална трансформација<br>• Училишта<br>• Основачи/општини | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Училиште се смета за модернизирано ако има ажурирани дигитални ресурси, адекватна интернет инфраструктура и покриеност со мрежа; пресметка како апсолутен број и процент од вкупните училишта. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | **0%** | **30%** | **70%** |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Број на училиштата кои примениле минимален процент препораки на националниот систем на индикатори за квалитет на наставната пракса |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Посебна цел 2: Унапреден квалитет на наставната пракса и воспитно-образовниот процес за постигнување повисоки ученички резултати и развој на клучни компетенции |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Биро за развој на образованието<br>Државен просветен инспекторат |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Континуирано доставување информации од страна на Државен просветен инспекторат, со сумирање во годишни извештаи, презентирано сумарно во периодични прегледи во 2028 и во 2032 година | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Сумирање на податоците од базите на податоци на Министерство за образование и наука и Државен просветен инспекторат и Биро за развој на образованието | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | **0%**<br>затоа што сеуште не е воспоставен национален систем на индикатори за квалитет на наставната пракса | **30%** | **80%** |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Процент на училиштата кои примениле од одредениот минимален процент препораки од националниот систем на индикатори за квалитет на наставната пракса |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 2.1.: Развивање и воведување национален систем на индикатори за квалитет на наставната пракса и ученички постигнувања во гимназиското и уметничкото образование |
| **Извор/имател на податоците** | • Министерство за образование и наука (МОН)<br>• Биро за развој на образованието (БРО)<br>• Државен просветен инспекторат (ДПИ)<br>• Училиштата (стандардизирани самооценки и администрирани формулари) |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | **Начин:**<br>• Самопроценка на училиштата преку стандарден инструмент (чек-листа со препораки/индикатори).<br>• Верификација од Биро за развој на образованието (репрезентативен примерок).<br>• Вкрстување со извештаи на Државен просветен инспекторат (увиди во наставна пракса)<br>**Динамика:**<br>• Континуирано прибирање на податоци |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Годишно сумирање<br>• Сумарни периодични прегледи во 2028 и во 2032 година | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука — носител<br>Во координација со Биро за развој на образованието (методологија, верификација) и Државен просветен инспекторат (увиди) | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Формула за пресметување на училишно ниво и на системско ниво; критериум ≥80% исполнети препораки | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | **0%**<br>затоа што сеуште не е воспоставен национален систем на индикатори за квалитет на наставната пракса | **30%**<br>(пилотиран систем + делумна примена во прв бран училишта) | **80%**<br>(целосно функционален систем на индикатори, применет во мнозинство училишта) |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Процент на средни училишта кои нудат гимназиско и/или уметничко образование и кои систематски применуваат иновативни, креативни и интерактивни наставни пристапи, преку интегрирани прирачници и дидактички материјали, обучени наставници, менторска поддршка, користење на инструмент за критичко размислување/креативност и реализација на меѓуетнички и колаборативни активности |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 2.2: Примена на иновативни, креативни и интерактивни наставни пристапи кои ги интегрираат вештачката интелигенција, зелените компетенции, меки вештини, критичното мислење, тимската работа и претприемнички компетенции во наставниот процес |
| **Извор/имател на податоците** | • Министерство за образование и наука<br>• Биро за развој на образованието- развојни инструменти, обуки, менторство<br>• Државен просветен инспекторат– увид во примена<br>• Училиштата – планови, евиденции за учество, наставни подготовки |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Самопроценка преку стандарден инструмент; верификација од Биро за развој на образованието; увид од Државен просветен инспекторат; годишно сумирање; презентирано сумарно во периодични прегледи во 2028 и во 2032 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука во кооридначија со Биро за развој на образованието и Државен просветен инспекторат | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | **Методологија:**<br>Индекс(уч)<br>=исполнети компоненти (материјали, обуки, менторства, и нструмент, активности) /6×100<br><br>Училиштето се смета за исполнувачко ако Индекс ≥ 80%.<br><br>Генерален индикатор:<br>% = (бр. училишта со Индекс ≥ 80% /<br>вкупен број релевантни училишта) ×100 | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | **0%**<br>Системот на индикатори и инструментите не се воспоставени | **30%**<br>Делумна примена: обуки, менторства, материјали и инструменти се во процес на ширење | **80%**<br>Мнозинство училишта применуваат иновативни наставни пристапи по стандарди |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Процент на учебници и дидактички материјали развиени и одобрени согласно новите стандарди и достапни во дигитална форма |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 2.3: Подобрување на квалитетот и транспарентноста во процесот на изработка, вреднување и одобрување на учебници и дидактички материјали |
| **Извор/имател на податоците** | • Министерство за образование и наука<br>• Биро за развој на образованието<br>• Државен просветен инспекторат<br>• Национална образовна платформа<br>• Рецензенти<br>• Училишта<br>• Комисиите за учебници |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административно прибирање и системско следење преку дигитализираниот систем за рецензирање; верификација на објавени учебници во дигитална форма; годишно сумирање на проценките за квалитет и примената; периодични прегледи за 2028 и 2032 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | • Министерство за образование и наука – носител;<br>• Биро за развој на образованието – координација за методологија, стандарди и верификација | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | • Примената на унапредената методологија се оценува врз основа на процент на учебници што ги исполнуваат новите критериуми<br>• Функционалноста и транспарентноста на дигитализираниот систем се утврдува преку документарна верификација (објавени фази, рецензии, одобрувања)<br>• Дигиталната достапност се пресметува како процент од сите одобрени учебници што се објавени на националната платформа<br>• Адаптираните учебници и материјали се мерат како број на наставни предмети по кои е обезбедена прилагодена верзија<br>• Квалитетот и примената се проценуваат преку изготвени и објавени аналитички извештаи | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | **0%**<br>започнува воведување на новата методологија и дигиталниот систем | **50%**<br>значајна примена на унапредените методологии, функционален дигитален систем, зголемен број дигитални и адаптирани материјали | **90%**<br>целосно функционален, транспарентен и дигитализиран систем со висок степен на покриеност, достапност и квалитет |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Процент на наставници и стручни соработници во гимназиското и уметничкото образование кои се активно вклучени во систем за континуиран професионален развој, преку акредитирани онлајн и присутни обуки, менторска поддршка, учество во професионални заедници за учење и користење на дигиталната платформа за професионален развој |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 2.4: Јакнење на капацитетите на наставниот кадар и стручните соработници преку континуирана професионална поддршка и развој |
| **Извор/имател на податоците** | • Министерство за образование и наука |

| | |
|---|---|
| | • Биро за развој на образованието<br>• Државен просветен инспекторат<br>• Дигиталната платформа за професионален развој<br>• Училишта<br>• Спроведувачи на акредитирани обуки |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административно прибирање на податоци за завршени обуки, активности на платформата, менторска поддршка и учество во професионални заедници; полугодишно оперативно следење; годишно сумирање; периодични стратешки прегледи во 2028 и 2032 година |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | • Министерство за образование и наука (координација)<br>• Биро за развој на образованието (стандардизација, акредитација, верификација на податоците) |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | % = (вкупен број наставници и стручни соработници / бр. наставници и стручни соработници кои се активни во системот за КПР ) ×100<br><br>*Активен наставник/соработник* е оној кој ги исполнува најмалку три од следните компоненти:<br>1. завршени обуки (онлајн или присутни)<br>2. вклученост во механизам за следење на ефектите<br>3. менторска поддршка<br>4. учество во професионална заедница за учење<br>5. активна употреба на дигиталната платформа |

| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
|---|---|---|---|
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | **20%** | **50%** | **85%** |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Процент на средни училишта кои систематски применуваат формативно оценување согласно стандардизираните упатства, обучен кадар и обезбедена континуирана поддршка за следење и унапредување на ученичкиот напредок |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 2.5: Унапредување на формативно оценување и обезбедување континуирано следење и напредување на учениците |
| **Извор/имател на податоците** | • Министерство за образование и наука<br>• Биро за развој на образованието<br>• Државен просветен инспекторат<br>• Училишта |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Самопроценка на училиштата преку стандарден инструмент за формативно оценување; административни податоци за обучени наставници; верификација од Биро за развој на образованието; увид од Државен просветен инспекторат; годишно сумирање и периодични прегледи во 2028 и 2032 година | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | • Министерство за образование и наука<br>• Биро за развој на образованието (методологија, обуки, верификација)<br>• Државен просветен инспекторат (увиди) | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Сумирање на податоците од базите на податоци на Министерство за образование и наука и Државен просветен инспекторат и Биро за развој на образованието | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | **0%** | **40%**<br>делумна примена со поддршка и обуки | **85%**<br>широка примена во училиштата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на показателот** | Процент од учениците во гимназиско и уметничко образование активно учествуваат во програми за добросостојба и инклузија и се опфатени со кариерно советување | | |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Посебна цел 3: Подобрена добросостојба, социјална инклузија, активно учество и кариерен развој на учениците | | |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Биро за образование на возрасните | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Континуирано, презентирано сумарно во периодични прегледи во 2028 и во 2032 година | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Сумирање на податоците од базите на податоци на Министерство за образование и наука | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **0%**<br>Согласно новата законска регулатива | **40%** | **80%** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на показателот** | Процент на средни училишта кои системски обезбедуваат поддршка за добросостојбата, менталното и физичкото здравје и социјалната инклузија на учениците, преку активности од националната програма за училишна добросостојба, протоколи за рано препознавање и интервенција, психосоцијална поддршка, родителско вклучување, мултикултурна соработка и програми за здравје и превенција | | |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 3.1: Унапредување на поддршката за добросостојбата, менталното и физичкото здравје и социјалната инклузија на учениците | | |
| **Извор/имател на податоците** | • Министерство за образование и наука<br>• Биро за развој на образованието<br>• Државен просветен инспекторат<br>• Училишта<br>• Центри за социјална работа<br>• Здравствени установи | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Административни извештаи од училиштата (реализирани активности), потврди за примена на протоколи, евиденции за психосоцијална поддршка, родителско вклучување и меѓуетнички активности; верификација од Биро за развој на образованието и Државен просветен инспекторат; годишно сумирање; периодични прегледи 2028 и 2032 година | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | • Министерство за образование и наука<br>• Биро за развој на образованието<br>• Државен просветен инспекторат<br><br>во соработка со центри за социјална работа и здравствени установи | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | На ниво на училиште се проценува имплементацијата на шесте компоненти од мерката (добросостојба, психосоцијална поддршка, протокол за рана интервенција, родителско вклучување, мултикултурна соработка, програми за здравје). Училиштето се смета за исполнувачко ако Индексот ≥80% | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | **0%** | **45%** | **85%** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Нема новата национална програма | делумна имплементација во училиштата | широка системска примена |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на показателот** | Унапреден систем за кариерно советување и поддршка на учениците во планирање на образовниот и професионалниот развој | | |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 3.2: Унапредување на системот за кариерно советување и поддршка на учениците во планирање на образовниот и професионалниот развој | | |
| **Извор/имател на податоците** | • Министерство за образование и наука<br>• Биро за развој на образованието<br>• Училишта | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Годишно административно прибирање податоци од училиштата и Бирото за развој на образованието; консолидирани вредности презентирани во 2028 и 2032 година | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | • Министерство за образование и наука<br>• Биро за развој на образованието | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Сумирање на административни податоци од училиштата и Биро за развој на образованието преку процентуални пресметки | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | **0%**<br>Согласно новата законска регулатива | **40%**<br>Воспоставен функционален систем со делумно обучен кадар и делумен ученички опфат | **80%**<br>Целосно воспоставен систем, обуки и висок опфат на ученици согласно националната програма |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Процент на училишта кои обезбедуваат активно учество на учениците во наставата, училишното управување и самоевалуацијата, преку функционални ученички заедници и обучен кадар |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 3.3: Активно вклучување на учениците во процесот на учење, во животот на училиштето и во развојот на демократските вредности во општеството |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Извор/имател на податоците** | • Училишни годишни програми и извештаи<br>• Извештаи за работа на ученичките заедници<br>• Самоевалуациски извештаи на училиштата<br>• Евиденции и извештаи за обуки од Биро за развој на образованието/ Министерство за образование и наука<br>• Податоци од Државниот просветен инспекторат<br>• Национални годишни извештаи за развој на демократска култура | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Континуирано, систематско годишно прибирање на документи од училиштата (програми, извештаи, записници); стандардизирани прашалници за функционалност на ученички заедници, анализа на самоевалуациски извештаи со посебен осврт на вклучување на учениците, електронски извештаи за обуки од Биро за развој на образованието, потврда за усогласеност преку увид од инспекциски надзор од Државен просветен инспекторат<br>презентирано сумарно во периодични прегледи во 2028 и во 2032 година | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | • Министерство за образование и наука – носител и координатор<br>• Бирото за развој на образованието– прибира и валидира податоци за обуките, следење на ученичко учество<br>• Државниот просветен инспекторат – проверка на усогласеност и функционалност на ученички тела<br>• Училиштата – примарни иматели и доставувачи на податоци | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Училиштата се сметаат за „усогласени“ ако ги исполнуваат сите 4 критериуми:<br>1. Имаат функционална ученичка заедница согласно национални стандарди<br>2. Учениците учествуваат во училишното одлучување (записници/докази)<br>3. Учениците се вклучени во самоевалуацијата<br>4. Наставниците/стручните соработници се обучени за поддршка на ученичко учество | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | **10%**<br>Ограничена функционалност на ученички | **40%**<br>Значително подобрена структура и | **80%**<br>Национално усогласување со стандардите; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | заедници; делумно учество во одлучување; ниска стапка на обучени наставници | отчетност на ученички тела; поголемо вклучување во самоевалуација; повеќето наставници обучени | системско активно учество на учениците во сите училишта |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Воспоствен и целосно имплементиран национален систем за следење на изостанувањето и осипувањето на учениците, со годишни национални анализи |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 3.4: Воспоставување национален систем за следење, превенција и намалување на изостанување и осипување на учениците |
| **Извор/имател на податоците** | • Национален информациски систем за следење на изостанувања и осипување<br>• Училишни електронски дневници и евиденции за присуство<br>• Годишни национални анализи изработени од Министерство за образование и наука<br>• Извештаи и планови за рана интервенција од училиштата<br>• Извештаи од Државен просветен инспекторат за усогласеност<br>• Извештаи на Биро за развој на образованието за применети мерки и поддршка |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | **Начин:**<br>• Автоматско генерирање податоци од националниот систем (кога ќе биде воспоставен)<br>• Прибирање податоци од училишните дневници и интервенциски планови<br>• Квалитативна и квантитативна анализа на трендови<br>• Спроведување национални анализи со дисагрегација по:<br>  o пол<br>  o возраст<br>  o етничка припадност<br>  o регион<br>  o вид на образование<br>  o социо-економски статус<br>**Динамика:**<br>Континуирано, презентирано сумарно во периодични прегледи во 2028 и во 2032 година |

<table>
<tr><td>Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците</td><td colspan="3">• Министерство за образование и наука – носител на системот<br>• Државен просветен инспекторат – проверка на усогласеност и интервенции<br>• Биро за развој на образованието – поддршка при анализа и интерпретација<br>• Училиштата – примарни иматели на податоците и имплементатори на плановите</td></tr>
<tr><td>Методологија на пресметување на вредностите на показателот</td><td colspan="3">Индикатор:<br>Степен на функционалност и ефективност на националниот систем за следење, превенција и намалување на изостанувањето и осипувањето на учениците.<br>Компоненти кои се мерат:<br><br>Национален систем воспоставен и функционален:<br>0 = не постои<br>1 = воспоставен, но делумно функционален<br>2 = целосно функционален<br><br>Редовни годишни национални анализи:<br>0 = не се спроведуваат<br>1 = спроведени без целосна дисагрегација<br>2 = спроведени со целосна дисагрегација<br><br>Процент на училишта кои имплементираат планови за рана интервенција:<br><br>Процент= (Број на училишта со план за интервенција/ Вкупен број училишта)×100<br><br>Единица на мерење:<br><br>Индекс (0–2) за првите две компоненти<br>Процент (%) за третиот сегмент<br><br>На крај може да се прикаже комбиниран индекс или одделни под-индикатори</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Вредност на показателот</td><td>Почетна вредност</td><td>Преодна вредност</td><td>Крајна вредност</td></tr>
<tr><td>Година 2025</td><td>Година 2028</td><td>Година 2032</td></tr>
<tr><td>Индекс: ≥1; План и интервенции: 30%<br><br>Системот е во развој, делумно</td><td>Индекс: ≥2; План и интервенции: 60%<br><br>Системот функционира,</td><td>Индекс: 2; План и интервенции: 85%<br><br>Целосно функционален</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | постојат анализи, ограничен број училишта имаат интервенциски планови | годишни анализи редовно се спроведуваат, повеќе од половина училишта имаат планови | систем, редовни анализи и национално усогласена практика на рана интервенција |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на показателот** | Донесен нов Закон за ученички стандард | | |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 3.5: Подобрување на ученичкиот стандард преку обезбедување материјална и логистичка поддршка за учениците | | |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Биро за развој на образованието | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Континуирано, презентирано сумарно во периодични прегледи во 2028 и во 2032 година | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Сумирање на податоците од базите на податоци на Министерство за образование и наука | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | **0%**<br><br>Согласно новата законска регулатива | **50%**<br><br>Подготвена новата законска регулатива | **100%**<br><br>Усвоена новата законска регулатива |

**Приоритетна област 4: Стручно образование и обука**

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Агрегирана стапка на успешна транзиција на завршени од СОО во рок од 12 месеци по комплетирање на стручното образовани и обука |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Општа цел: Квалитетно, релевантно, флексибилно и инклузивно стручно образование, засновано на дигитални технологии и зелени вештини, коешто одговара на индивидуалните потреби на учениците и динамичните барања на националниот и глобалниот пазар на труд. |

<table>
<tr><td>Извор/имател на податоците</td><td colspan="3">Министерство за образование и наука<br>Центар за развој на стручното образование</td></tr>
<tr><td>Начин и динамиката на прибирање на податоците</td><td colspan="3">Континуирано, со годишно сумирање на ниво на држава, презентирано сумарно во периодични прегледи во 2028 и во 2032 година</td></tr>
<tr><td>Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците</td><td colspan="3">Министерство за образование и наука<br>Центар за развој на стручното образование<br>Биро за развој на образованието<br>Агенција за вработување на РСМ</td></tr>
<tr><td>Методологија на пресметување на вредностите на показателот</td><td colspan="3">Сумирање на податоците од базите на податоци на<br>- Министерство за образование и наука<br>- Центар за развој на стручното образование<br>- Биро за развој на образованието<br>Согласно законските одредби, училиштата т.е. кариерните советници имаат обврска да ги следат учениците по комплетирање на стручното образование и обука. Податоците добиени од овие извештаи ќе се користат за пресметување на показателот, при што ќе се земат предвид процентот на лица коишто се вработиле во наведениот период и процентот на лица коишто го продолжиле своето образование на повисоко ниво, односно агрегирана стапка = [(Број на вработени + Број на запишани на ВО)/ Вкупен број на дипломирани] ×100. Дополнително, потребно е да се изготви и потпише протокол за споделување на податоците на годишно ниво, со цел обезбедување соодветно и навремено информирање во однос на показателот. Протоколот треба јасно да ги дефинира одговорностите на институциите за подготовка, и доставување на податоците, како и роковите за размена на податоците, за да се обезбеди конзистентност и точност на информациите.</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Вредност на показателот</td><td>Почетна вредност</td><td>Преодна вредност</td><td>Крајна вредност</td></tr>
<tr><td>Година 2025</td><td>Година 2028</td><td>Година 2032</td></tr>
<tr><td>0%<br>Законската обврска стапи на сила во 2025, Правилникот за начинот на кариерно советување и избор на кариерен советник на</td><td>35%</td><td>70%</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ученици од јуни 2025 | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на показателот** | Процент од лицата коишто завршиле СОО се вработиле во рок од 12 месеци по завршувањето на СОО | | |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Посебна цел 1: Зголемување на релевантноста и приспособливоста на СОО кон пазарот на труд | | |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Центар за развој на стручното образование | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Континуирано, со годишно сумирање на ниво на држава, презентирано сумарно во периодични прегледи во 2028 и во 2032 година | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука<br>Центар за развој на стручното образование<br>Агенција за вработување на РСМ | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Сумирање на податоците од базите на податоци на<br>- Министерство за образование и наука<br>- Центар за развој на стручното образование<br>- Агенција за вработување на РСМ<br>Согласно законските одредби, училиштата т.е. кариерните советници имаат обврска да ги следат учениците по комплетирање на стручното образование и обука. Податоците добиени од овие извештаи ќе се користат за пресметување на показателот, при што ќе се земат предвид процентот на лица коишто се вработиле во наведениот период и процентот на лица коишто го продолжиле своето образование на повисоко ниво. нивната распределба по програми. Потребно е да се изготви и потпише протокол за споделување на податоците на годишно ниво, со цел обезбедување соодветно и навремено информирање во однос на показателот. Протоколот треба јасно да ги дефинира одговорностите на институциите за подготовка, и доставување на податоците, како и роковите за размена на податоците, за да се обезбеди конзистентност и точност на информациите. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | **0%**<br>Законската обврска стапи на сила во 2025, | **25%** | **50%** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Правилникот за начинот на кариерно советување и избор на кариерен советник на ученици од јуни 2025 | | |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Процент на развиени, усвоени и пилотирани модуларни програми согласно ревидираната рамка на компетенции усогласена со ЕРК-EQF, со функционален систем за нивно усвојување |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 1.1: Развој, усвојување и осигурување на квалитет на модуларни програми |
| **Извор/имател на податоците** | • Министерство за образование и наука<br>• Центар за развој на стручното образование<br>• Регионални центри за стручно образование и обука<br>• Училишта што спроведуваат СОО<br>• Национален регистар на квалификации<br>• Службен весник (за усвоени програми и стандарди) |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | **Начин:**<br>• Административно прибирање податоци за развиени/усвоени програми и ревидирани стандарди<br>• Евиденција од Регионалните центри за стручно образование и обука и училишта за пилотирање и следење на резултати<br>• Документарна проверка на усвоени програми<br><br>**Динамика:**<br>Годишно сумирање на ниво на држава, презентирано сумарно во периодични прегледи во 2028 и во 2032 година |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | • Министерство за образование и наука<br>• Центар за развој на стручното образование<br>• Агенција за вработување на РСМ<br>• Регионални центри за стручно образование и обука- пилотирање, следење, поддршка<br>• Училиштата – оперативни податоци |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Показателот е композитен и се пресметува како:<br><br>**Индекс МП (0–100) = (A + B + C + D + E)** каде: |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • **A – 20 поени:** Ревидирана рамка на компетенции усогласена со EQF (0=не, 10=делумно, 20=целосно)<br>• **B – 25 поени:** Развиени/надградени модуларни програми (% од планираните)<br>• **C – 20 поени:** Функционален флексибилен систем за усвојување (0–20 поени)<br>• **D – 20 поени:** Пилотирани програми во РЦСОО/училишта (% покриеност)<br>• **E – 15 поени:** Реализирана национална промотивна кампања (0–15 индекс на опфат)<br><br>Показателот се прикажува:<br>како композитен индекс (0–100) и дополнително по компоненти за транспарентност | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | **≥10/100**<br><br>- Рамката за компетенции не е ревидирана (0–5 поени)<br>- Модуларни програми не се развиени по нов систем<br>- Нема пилотирање<br>- Нема национална кампања | **≥65/100**<br><br>- Рамка усогласена со ЕРК (20/20)<br>- ~50% развиени модуларни програми (12–15/25)<br>- Делумно функционален систем за усвојување (10–15/20)<br>- Пилотирање во ≥50% РЦСОО (10–12/20)<br>- Реализирана кампања (5–8/15) | **≥100/100**<br><br>- Целосно усогласена рамка (20/20)<br>- ≥90% развиени/усвоени модуларни програми (22–25/25)<br>- Целосно функционален и брз систем за усвојување (18–20/20)<br>- Пилотирање + подобрување во ≥90% РЦСОО (18–20/20)<br>- Национална кампања со висок опфат (12–15/15) |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Процент на воспитно-образовен кадар и ментори кои успешно ги завршиле програмите за професионален развој и применуваат индивидуализирани, дигитални, инклузивни и глобално релевантни наставни и менторски практики |

<table>
<tr><td>Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан</td><td>Мерка 1.2: Јакнење на капацитетите на воспитно-образованиот кадар и ментори</td></tr>
<tr><td>Извор/имател на податоците</td><td>• Министерство за образование и наука<br>• Центар за развој на стручното образование<br>• Регионални центри за стручно образование и обука<br>• Дигитална платформа за професионален развој Училишта</td></tr>
<tr><td>Начин и динамиката на прибирање на податоците</td><td>Начин:<br>• Административни податоци за завршени обуки и мобилности<br>• Портфолио со наставни подготовки, видеа, отворени образовни ресурси, интерактивни алатки<br>• Педагошки и инспекциски увид за доказ за примена<br>• Податоци од Регионални центри за стручно образование и обука и Еразмус+ за мобилности<br><br>Динамика:<br>Годишно сумирање на ниво на држава, презентирано сумарно во периодични прегледи во 2028 и во 2032 година</td></tr>
<tr><td>Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците</td><td>• Министерство за образование и наука -носител<br>• Центар за развој на стручното образование - стандардизација и верификација на обуки<br>• Биро за развој на образованието – стандардизација и верификација на обуки<br>• Регионални центри за стручно образование и обука– следење на менторство и практична примена<br>• Училиштата – доставување оперативни податоци</td></tr>
<tr><td>Методологија на пресметување на вредностите на показателот</td><td>Показателот се пресметува како композитен индекс:<br><br>Индекс КПР (0–100) = A + B + C + D + E<br>A (20 поени): Завршени обуки за индивидуализирана настава и следење на напредок<br>B (20 поени): Обуки за дигитални алатки, видео-лекции и отворени е-ресурси + број на валидирани отворени образовани ресурси<br>C (20 поени): Обуки за глобални компетенции, EUROSKILLS менторство и дигитални вештини<br>D (20 поени): Обуки и примена на практики за поддршка на ученици од ранливи групи, зелени и инклузивни вештини<br>E (20 поени): Мобилности (Еразмус+), размена и признат професионален развој<br><br>Краен показател:<br>% од наставници со Индекс КПР ≥ 70</td></tr>
</table>

| Вредност на показателот | Почетна вредност | Преодна вредност | Крајна вредност |
|---|---|---|---|
| | Година 2025 | Година 2028 | Година 2032 |
| | **10%**<br><br>Системските програми за кариериен и професионален развој не се целосно воспоставени; ограничени број на отворени образовани ресурси; ниска примена во пракса; мобилностите не се признаваат системски | **40%**<br><br>Масовен опфат со обуки (≥50%)<br>- Развиени отворени образоавни ресурси и дигитални ресурси<br>- Делумна примена во наставата<br>- Зголемена менторска активност и први резултати од EUROSKILLS<br>- Зголемена мобилност со делумно признавање | **80%**<br><br>Системски опфат на наставници (≥80%)<br>- Висок индекс на примена на индивидуализирани, дигитални, зелени и инклузивни практики<br>- Целосно признавање на професионалниот развој од мобилности<br>- Консолидирана мрежа на ментори во СОО |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Процент на установи за стручно образование кои обезбедуваат современа физичка опременост и функционална дигитална инфраструктура за модуларни програми, вклучително со целосна интеграција во националната дигитална платформа за СОО |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 1.3: Физичка и дигитална инфраструктура, ресурси и поддршка за имплементација на модуларни програми во установите за стручно образование |
| **Извор/имател на податоците** | • Министерство за образование и наука<br>• Центар за развој на стручното образование<br>• Училишта за стручно образование и обука<br>• Регионални центри за  стручно образование и обука<br>• Компании партнери (дуално, учење преку работа)<br>• Единствена дигитална платформа за СОО (логови, аналитики) |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | **Начин:**<br>• Административни извештаи за набавка и инсталација на опрема |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Технички приеми и чек-листи за специјализирани училници/работилници<br>• Податоци од дигиталната платформа: употреба, логови, извештаи, следење на учење преку работа<br>• Потврди од компании за интеграција на дигиталните алатки<br><br>**Динамика:**<br>Годишно сумирање на ниво на држава, презентирано сумарно во периодични прегледи во 2028 и во 2032 година | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Показателот се смета за исполнет со воспоставување централизирана база на податоци со дефинирани индикатори за научна продуктивност и нивно редовно ажурирање. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | **Година 2025** | **Година 2028** | **Година 2032** |
| | Нема систем | Пилотирање на системот | Воспоставен систем |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Оперативен прв национален технолошки парк |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 4.3: Подобрување на квалитетот, видливоста и интернационализацијата на научно-истражувачката работа |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Еднаш годишно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Показателот се смета за исполнет со формално основање на технолошкиот парк и започнување на неговото оперативно работење. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | **Година 2025** | **Година 2028** | **Година 2032** |
| | Нема технолошки парк | Првиот технолошки парк е основан | Првиот технолошкиот парк е оперативен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на показателот** | % од јавните универзитети кои имаат основано стартап инкубатор | | |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 4.4: Поддршка за развој на стартапи, спин-оф компании и студентски иновации | | |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Еднаш годишно | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука и универзитети | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Вредноста се пресметува како процент на јавни универзитети кои имаат формално воспоставен и функционален стартап инкубатор. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | **Година 2025** | **Година 2028** | **Година 2032** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 0 | 15% | 50% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на показателот** | Спроведено мапирање и категоризација на постојната лабораториска и истражувачка опрема на сите јавни универзитети | | |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 4.5: Зголемување на инвестициите, обнова и ефикасното користење на научно-истражувачката инфраструктура | | |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Еднаш годишно | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука и универзитети | | |
| **Методологија н пресметување на вредностите на показателот** | Показателот се смета за исполнет со изработка и ажурирање на централизирана база на податоци за опремата на сите јавни универзитети. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | **Година 2025** | **Година 2028** | **Година 2032** |
| | Нема мапирање | Предлог план за мапирање | Мапирање спроведено на сите јавни универзитети |

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Имплементирана програма за поттикнување на иновациите, научно-технолошкиот развој |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Мерка 4.6: Усогласување со новиот Закон за иновациска дејност, научно-технолошки развој и претприемништво |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Извор/имател на податоците** | Министерство за образование и наука | | |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Еднаш годишно | | |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Министерство за образование и наука и универзитети | | |
| **Методологија на пресметување на вредностите на показателот** | Показателот се смета за исполнет со формално усвојување на програмата, како и нејзино имплементирање, евидентирано според базите на податоци на Министерството за образование и наука. | | |
| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
| | **Година 2025** | **Година 2028** | **Година 2032** |
| | Не постои програма | Програмата е усвоена | Имплементирана програма |

## 4.2 НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ И МЕРЕЊЕ НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ НА УСПЕШНОСТ

Стратегијата има разработено детална Рамка за следење, известување и оценување, којашто дефинира показатели на успешност на ниво на општа цел, посебни цели и мерки. За секој од показателите утврдени се изворот/имателот на податоците, начинот и динамиката на прибирање на податоците, органот на државната управа задолжен за прибирање на податоците, методологијата на пресметување на вредностите на показателот, како и соодветните планирани вредности на показателите (таргети), односно почетната, преодната и крајната вредност на показателот планирани до крајот на спроведувањето на Стратегијата за образование. Овие детали се елаборирани во погоре.

## 4.3 НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗАДОЛЖЕНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ, ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ И ОРГАНИ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ПРОЦЕСОТ НА СЛЕДЕЊЕ, ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Надлежен орган за спроведување на Стратегијата е Министерството за образование и наука. Следствено, МОН има водечка улога во процесот на следење, оценувањето и известување, операционализирано преку Секторот за стратешко планирање и анализа за креирање на политики на МОН.

Дополнително, Според Упатството на Владата за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии, за координација, следење, известување и оценување на спроведувањето на Стратегијата МОН ќе формира Координативно тело, детално елаборирано подолу, коешто ќе има важна улога во следењето, оценувањето и известувањето.

За секој од показателите за успешност, детално елаборирани погоре, Стратегијата дефинираше органи кои учествуваат во процесот на следење, оценување и известување, како што се:

- Министерство за образование и наука
- Министерство за социјална политика, демографија и млади
- Установи за предучилишно воспитание и образование
- Општини
- Државен завод за статистика
- Биро за развој на образованието
- Државен испитен центар
- Државен просветен инспекторат
- Основни училишта
- Средни училишта
- Регионални центри за стручно образование и обука
- Универзитети
- Агенција за квалитет во високото образование
- Министерство за дигитална трансформација
- Центар за развој на стручното образование
- Агенција за вработување на РСМ
- Национална агенција за европски образовни програми и мобилност
- ЈУ Центар за образование на возрасните

## 4.4 Постапка и динамика на известување и на оценување на постигнатите резултати

Надлежен орган за спроведување на Стратегијата е Министерството за образование и наука. Следствено, МОН има водечка улога во процесот на известување и оценување на постигнатите резултати, операционализирано преку Секторот за стратешко планирање и анализа за креирање на политики на МОН, со важна улога на Координативното тело.

Секој од органите на државната управа задолжени за прибирање на податоците ќе поднесе годишен извештај со детални податоци до Секторот за стратешко планирање и анализа за креирање на политики на МОН, за постигнати резултати врз основа на Акцискиот план, како и дефинираните показатели за секоја од предвидените мерки, во секоја од приоритетните области, како и утврдени ризици и потребни промени. Се препорачува дигитализирање на процесот на известување, следејќи ја структурата за следење според Член 33 од Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии.

Секторот за стратешко планирање и анализа за креирање на политики на МОН ќе ги сумира добиените индивидуални извештаи, ќе подготви сумарен годишен извештај и ќе го достави до Координативното тело. Координативното тело ќе се состанува најмалку еднаш месечно со цел да ја осигура динамиката при реализација на утврдените активности, мерки и цели во Акцискиот план. Координативното тело ќе го оценува напредокот, по потреба ќе предлага мерки за ревизија на Стратегијата, и ќе даде придонес за финализирање на извештајот, којшто се доставува до Генералниот секретаријат на Владата на РСМ. При подготовка на извештајот, ќе се следат роковите, насоките и обрасците 6 и 7 од Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии.

Годишниот извештај, по усвојувањето од страна на Владата на Република Северна Македонија, ќе се даде на увид на јавноста, преку веб-страницата на МОН.

Оценувањето на постигнатите резултати ќе се врши на краток, долг и среден рок, и тоа:

- Интерна евалуација, од Координативното тело, на краток рок (на крајот од секоја календарска година), како и на среден и долг рок (на крајот на 2028 и 2032 година), според вредностите на дефинираните показатели за успешност.
- Екстерна евалуација, преку независна оценка на напредокот, на среден и долг рок (на крајот на 2028 и 2032 година), според вредностите на дефинираните показатели за успешност. Евалуацијата ќе ја вршат независни експерти.

Евалуацијата на краток рок ќе се искористи за евентуални корекции во постоечкиот Акциски план, доколку за тоа има потреба. Евалуацијата за напредокот на среден рок ќе има важна улога за подготовка на следниот Акциски план за

спроведување на Стратегијата, додека евалуацијата за напредокот на долг рок ќе го сумира напредокот и ќе ја постави основата за следната стратегија за образование.

Заради одржување на транспарентноста и инклузивноста којашто беше одлика на процесот на подготвување на Стратегијата за образование 2026-2032, МОН ќе продолжи со вклучување на засегнатите страни во процесот на следење, известување и ревидирање, преку годишни јавни расправи за степенот на имплементацијата и постигнатите резултати на Стратегијата за образование.

## 4.5 Механизми за координација

Министерството за образование и наука е носител на Стратегијата и ќе има клучна координативна и надзорна улога во нејзиното спроведување. Според Упатството на Владата за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии, за координација, следење, известување и оценување на спроведувањето на Стратегијата МОН ќе формира Координативно тело, со следните надлежности:

- Обезбедување на поврзаност и усогласеност со Националната стратегија за развој, со други плански документи хиерархиски поставени на повисоко ниво, со усвоените стратегии во секторот и сродните сектори и со НПАА кластерските цели и ИПА 3 стратешките прозорци;
- Обезбедување на усогласеност со задолжителната структура и содржина утврдена со Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии;
- Следење на доследното и навремено спроведување мерките и активностите утврдени со акцискиот план;
- Разгледување на периодичните извештаи, подготвени во согласност со динамиката на известување утврдена во Стратегијата, коишто се однесуваат на степенот на спроведување на мерките и активностите од акцискиот планч
- Разгледување на годишниот извештај за спроведување на акцискиот план за степенот на реализација на мерките и активностите и оценка на постигнатите резултати на ниво на општи и посебни цели;
- Утврдување на евентуалните ризици коишто можат да произлезат од нереализирани активности или од доцнењето на нивното спроведување и навремено предлагање на мерки за нивно отстранување;
- Предлагање на ажурирање на Акцискиот план во случај на соочување со потешкотии во спроведувањето или неможност да се спроведат веќе утврдените мерки и активности, со предлози за нивно редефинирање или утврдување на нови активности и предлагање на нови рокови за нивно спроведување;
- Доставување на ажурираниот предлог акциски план до Министерот за образование и наука;

- Навремено иницирање на процесот за подготвување на нов акциски план пред истекот на времетраењето на актуелниот акциски план.

Координативното тело ќе се состанува редовно, најмалку на месечна основа, за да ги разгледува прашањата од своја надлежност коишто се важни за навремено спроведување на Стратегијата и Акцискиот план.

Во Координативното тело членуваат државни советници од Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за економија и труд и други релевантни институции коишто се носители на активностите утврдени во Акцискиот план на Стратегијата, а по потреба и покана од претседавачот на седниците на Координативното тело може да учествуваат и раководители на државни институции, како и претставници на граѓанските организации.

Формирањето и членството на Координативното тело ќе се утврди со одлука на Министерот за образование и наука. Координативното тело ќе донесе свој Деловник за работа со којшто се обезбедува ефикасно функционирање на неговата работа.

Министерството за образование и наука има Сектор за стратешко планирање и анализа за креирање на политики, со две одделенија: Одделение за стратешко планирање, следење и евалуација на политики, како и Одделение за аналитика и истражување на развојно образовани политики. Секторот за стратешко планирање и анализа за креирање на политики ќе биде одговорен:

- Да обезбеди поддршка за функционирањето на Координативното тело, во улога на стручен секретаријат на Координативното тело;
- Да ги организира состаноците и да ги подготви материјалите коишто ќе се разгледуваат на состаноците на координативното тело.
- Да воспостави база на податоци и редовни канали на комуникација со релевантните службеници во секоја од надлежните институции коишто се носители на активности од Стратегијата;
- Да ги јакне капацитетите на службениците од надлежните институции за редовно следење, документирање и евалуација на Стратегијата;
- Да ги автоматизира и дигитализира, колку што е тоа можно, процесите на прибирање податоци за следење на спроведувањето на Стратегијата, но и можните корективни мерки;
- Да воспостави канали на комуникација со засегнатите страни коишто учествувале во подготовка на Стратегијата и останати заинтересирани организации;
- Да воспостави канали за комуникација со јавноста;
- Да воспостави механизми за координација на донаторската заедница, за мобилизирање ресурси за спроведување на Стратегијата.

Секторот за стратешко планирање и анализа за креирање на политики по електронски пат ќе прибира податоци преку надлежните институции на полугодишно

ниво, а точноста и ажурноста на податоците ќе се потврдува со официјален допис од институциите.

За потребите на следење на Стратегијата, Секторот за стратешко планирање и анализа за креирање на политики ќе одржува редовни координативни состаноци со надлежните институции, за да се обезбеди редовна размена на информации и навремено да се детектираат евентуалните проблеми во спроведувањето, односно следењето на акцискиот план на Стратегијата. Зависно од потребите, ќе се вклучуваат други институции, надворешни соработници и организации за придонес при прибирање на податоците и размена на информации релевантни за следење на напредокот на спроведувањето на мерките и активностите од Стратегијата, како и оценувањето на резултатите.

Врз основа на прибраните податоци ќе следи подготовка на годишен извештај, каде што ќе се даде пресек на спроведувањето на мерките и активностите од акцискиот план. Министерството за образование и наука нацртот на годишниот извештај го доставува до Генералниот секретаријат на Владата најдоцна до крајот на февруари во наредната година, додека предлог извештајот се доставува до Владата најдоцна до крајот на март со барање за негово разгледување и усвојување.

Истовремено, Секторот за стратешко планирање и анализа за креирање на политики по електронски пат ќе прибира податоци од граѓанските и меѓународните организации еднаш годишно во однос на напредокот во постигнувањето на планираните резултати коишто ќе бидат земени предвид при подготовката на годишниот извештај. По направената проценка и анализа, податоците ќе бидат интегрирани во годишниот извештај за спроведување на Стратегијата.

Генерално, процесот на следење, известување и оценување ќе ги вклучува сите органи на државната управа и други институции според приоритетните области, вклучувајќи ги организациите на ученици и студенти, академската заедница, деловниот сектор, граѓанските организации, меѓу кои и здруженијата на млади и организациите на лица со попреченост, како и меѓународни развојни организации и донаторската заедница.

Во насока на обезбедување транспарентност и инклузивност во процесот на следење и известување, Секторот за стратешко планирање и анализа за креирање на политики ќе остварува редовна соработка со сите засегнати страни. Годишните извештаи ќе бидат објавувани на веб страницата на МОН и другите образовни институции, а по потреба ќе се организираат средби, а еднаш годишно и јавни расправи за степенот на имплементација и постигнатите резултати. Истите ќе бидат отворени за сите заинтересирани страни (институциите надлежни за имплементација, крајните корисници, стручната и научната јавност, претставниците на граѓанското општество, стопанските комори, итн.).

# 5. Управување со ризици

## 5.1. Утврдени ризици коишто би можеле да влијаат на спроведувањето и постигнувањето на планираните општи и посебни цели

Утврдени се следните можни ризици:

- Недостаток на финансиски средства за спроведување на Стратегијата
- Отпор кон структурни промени
- Недостаток на административен капацитет за ефикасно спроведување, следење и оценување на мерките
- Недоволен човечки капацитет (кадар, наставници, стручни соработници)
- Нееднакви услови и пристап до образованието
- Недоволна системска поддршка за мерење и управување со квалитетот
- Системски и институционални предизвици (регулативи, политички промени)

## 5.2. Мерки за справување со ризиците

| РИЗИК | ВЕРОЈАТНОСТ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА РИЗИКОТ | ВЛИЈАНИЕ НА РИЗИКОТ ВРЗ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ | МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ |
|---|---|---|---|
| Недостаток на финансиски средства за спроведување на Стратегијата | Средна | Високо | Добро менаџирање со средствата на сите нивоа<br>Воведување долгорочно финансирање (наместо годишни буџети)<br>Утврдување приоритети и зголемување на транспарентноста за трошењето на средствата<br>Мотивирање и вклучување на приватниот сектор - |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | образованието како инвестиција<br><br>Вклучување на развојните организации |
| Отпор кон структурни промени | Висока | Високо | Обезбедување политички консензус за долгорочен план за образование којшто ќе овозможи континуирано спроведување на структурните реформи.<br><br>Иновирањето/промената да биде заснована на докази/податоци.<br><br>Јасно комуницирање за промените, реалност во очекувањата и континуирано мерење и истакнување на напредокот. |
| Недостаток на административен капацитет за ефикасно спроведување, следење и оценување на мерките | Средна | Високо | Приоретизирање на мерките и активностите за градење на капацитетите на клучните институции за спроведување на Стратегијата, во првите 2 години. |
| Недоволен човечки капацитет (кадар, наставници, стручни соработници) | Средна | Високо | Континуирани програми за професионален развој<br><br>Мотивациски мерки за привлекување и задржување наставници во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | рурални/маргинализирани области<br><br>Развој на регионални центри за стручно усовршување и поддршка |
| Нееднакви услови и пристап до образованието | Средна | Средно | Проширување на мрежата на установи и подобрување на пристапноста<br><br>Приоритетно обезбедување на материјално-технички ресурси за ранливи категории<br><br>Специфични програми за поддршка (стипендии, превоз, онлајн учење) |
| Недоволна системска поддршка за мерење и управување со квалитетот | Средна | Средно | Воспоставување национален систем за следење и евалуација на сите нивоа на образование<br><br>Дефинирање стандарди и индикатори за квалитет на сите нивоа на образование<br><br>Користење на податоците за анализа и донесување одлуки на сите нивоа на образование |
| Системски и институционални предизвици (регулативи, | Ниска | Ниско | Усогласување на стратегијата со долгорочни национални планови и законска рамка |

| | | | |
|---|---|---|---|
| политички промени) | | | Јасна институционална распределба на одговорностите<br>Редовна комуникација и координација меѓу министерствата, локалните власти и образовните институции |

## 5.3. НАЧИН НА РЕВИДИРАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН

Врз основа на планот за известување и оценување на Стратегијата (глава 4.2), Секторот за стратешко планирање и анализа за креирање на политики на МОН, заедно со секој годишен извештај подготвува и анализа за спроведувањето на Стратегијата, и алармира доколку е воочен застој во одредени области. Евалуацијата на краток рок ќе се искористи за евентуални корекции во постоечкиот Акциски план, доколку за тоа има потреба, водејќи се според Член 43 од Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии.

Евалуацијата на среден рок ќе направи пресек на напредокот во спроведувањето на Стратегијата, преку степенот на остварување на поставените показатели. Таа објективно ќе ги процени резултатите од спроведувањето на Стратегијата, нејзината ефективност и ефикасност, како и потребните корективни мерки. Врз основа на тоа, ќе се подготви нов Акциски план за периодот 2029-2032 година, којшто ќе ги земе предвид постигнатите резултати, настанатите промени (демографски, законски, фискални, донаторски активности, итн.) и потребите во тој момент. Заради континуитет, се препорачува тој Акциски план да биде разработен со учество на експертската група вклучена во подготовката на Стратегијата.

Дополнително, евалуациите ќе ги документираат добрите практики, коишто можат да бидат корисни за промовирање на промената што ја прави Стратегијата и мобилизација на ресурси и поддршка за останатиот период од спроведувањето.

На крајот од периодот на спроведување на Стратегијата, во 2032 година, МОН ќе подготви независна анализа, евалуација и извештај за спроведувањето на Стратегијата, со вклучување на сите релевантни чинители. Извештајот ќе биде презентиран до Владата на РСМ и ќе биде ставен на увид на јавноста, претставувајќи основа за следните политики за унапредување на образованието во РСМ.

# 6. Акциски план за спроведување на стратегијата за образование 2026-2028

| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 1: Предучилишно воспитание и образование** | **ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ:**<br>**Национална развојна цел:** Зајакнување на конкурентноста на економијата, преку функционален и иновативен екосистем, усовршување на вештините, знаењето, вклученоста и отпорноста на граѓаните.<br>**Стратешка област:** Демографска ревитализација, социјален и културен развој<br>**Цел од областа:** Општество засновано на знаење, критичко размислување и на вредности |
|---|---|
| **Општа цел:** Квалитетно, инклузивно и достапно предучилишно образование за холистички развој и учење за секое дете | **Показател на ефект:** % од децата коишто посетуваат предучилишно образование постигнуваат развојни исходи усогласени со националните стандарди за рано учење и развој |
| **Посебна цел 1:** Зголемен опфат на деца од 3 до 6 години во предучилишното воспитание и образование | **Показател на исход:** % на опфат на деца во предучилишното воспитание и образование |

| **Мерки** | **Активности** | **Водечки орган**<br>**Други органи** | **Почетен датум (квартал)** | **Планиран датум на извршување (квартал)** | **Проценка на потребните средства** | **Извор на финансирање** | **Показател на резултат** (поврзан со мерката/активноста) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1. Проширување на мрежата на предучилишни установи | Зголемување на просторни капацитети и опремување на новите простории | **Водечки орган**<br>МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:**<br>Општини<br><br>**Други органи**<br>МОН<br>ЗЕЛС | IV/2026 | IV/2028 | 60.823.500,00 | МСПДМ<br>Заеми од Светска банка | Зголемен број на предучилишни установи |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Склучување јавни-приватни партнерства за обезбедување услуги во ПВО | **Водечки орган** Општини **Одговорен субјект за постапување:** Јавни установи – детски градинки<br><br>**Други органи** Приватен сектор | IV/2026 | IV/2028 | 4.244.000,00 | Буџет Инвестиции на приватен сектор | |
| | Обезбедување кадар во новоотворените предучилишните установи преку нови вработувања и распределба на кадарот на ниво на општина | **Водечки орган** МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:** Јавни установи – детски градинки<br><br>**Други органи** МФ Агенција за вработување Општини | IV/2026 | IV/2028 | 140.953.478,00 | Буџет | |
| 1.2. Зголемување на опфатот на децата од 3 до 6 години во предучилишните установи | Изработка и усвојување на законски и подзаконски акти за воведување задолжителна година пред поаѓање во основно училиште | **Водечки орган** МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:** | IV/2027 | III/2028 | Нема финансиски импликации | | Зголемен % на деца од 3 до 6 години коишто се дел од предучилишните установи |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | МСПДМ<br><br>**Други органи**<br>ЗЕЛС | | | | | |
| | Спроведување механизми што ќе обезбедат еднаков и инклузивен пристап за запишување на сите деца на возраст од 3 до 6 години во ПВО, независно од социо-економскиот статус, етничката припадност или местото на живеење | **Водечки орган**<br>МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:**<br>МСПДМ<br><br>**Други органи**<br>Општини<br>Јавни установи – детски градинки | IV/2026 | IV/2028 | 650.000,00 | Буџет | |
| 1.3. Обезбедување еднаков пристап на децата со попреченост во ПВО | Подготовка и усвојување на подзаконски акти, насоки и протоколи за инклузивно образование во предучилишните установи | **Водечки орган**<br>МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:**<br>МСПДМ<br><br>**Други органи**<br>МЗ<br>Јавни установи – детски градинки | IV/2027 | III /2028 | Нема финансиски импликации | | Зголемен % на деца со попреченост коишто се дел од предучилишните установи |
| | Воспоставување механизам за давање поддршка на децата со | **Водечки орган**<br>МСПДМ | I/2026 | IV/2028 | 9.700.000,00 | Буџет | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | попреченост и развојни потешкотии преку ангажирање стручни тимови и фунционални ресурсни центри согласно концептот на универзален инклузивен дизајн | **Одговорен субјект за постапување:** МСПДМ<br><br>**Други органи** МОН<br>БРО<br>МЗ<br>Ресурсни центри<br>Јавни установи – детски градинки | | | | | |
| | Обезбедување соодветни услови за развој и учење прилагодени на потребите за инклузивен пристап на децата со оштетен вид и слух | **Водечки орган** МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:** БРО<br><br>**Други органи** Бизнис сектор<br>МСПДМ<br>Јавни установи – детски градинки | IV/2026 | IV/2028 | 1.950.000,00 | Буџет<br>Бизнис сектор | |
| 1.4.Вклучување на деца од социјално и географски маргинализирани средини во ПВО | Формирање мобилни тимови (негователи, воспитувачи и медијатори), за поддршка и едукација на родители и деца во рурални средини | **Водечки орган** МСПДМ | II/2026 | IV/2028 | 1.157.142,00 | Буџет<br>Меѓународни донатори | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Одговорен субјект за постапување:** МСПДМ<br><br>**Други органи** БРО Универзитети Јавни установи-детски градинки | | | | | Зголемен % на деца од социјално и географски маргинализирани средини коишто се дел од предучилишните установи |
| | Финансиска поддршка за семејства од социјално и географски маргинализирани средини (ослободување од партиципација, транспорт, оброци, предучилишен додаток за година пред поаѓање во училиште, уловени парични трансфери) | **Водечки орган** МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:** МСПДМ<br><br>**Други органи** МОН Бизнис сектор МФ Општини | II/2026 | IV/2028 | 34.200.000,00 | Буџет Бизнис сектор Меѓународни донатори | |
| | Кампањи за подигнување на свеста на родителите за значењето на ПВО и соработка со заедницата | **Водечки орган** МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:** Општини<br><br>**Други органи** МОН Општини | IV/2026 | IV/2028 | 100.000,00 | Буџет Меѓународни донатори | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Посебна цел 2:** Подобрен процесен квалитет во предучилишното воспитание и образование и зајакнати професионални компетенции на воспитно-образовниот кадар | | | | **Показател на исход:** % од детските градинки покажуваат континуиран напредок во процесниот квалитет (минимум 5% подобрување споредено со претходното мерење), во областите: постигања на децата, квалитет на воспитно-образовниот процес, како и грижата за здравјето и безбедноста на децата | | | |
| **Мерки** | **Активности** | **Водечки орган Други органи** | **Почетен датум (квартал)** | **Планиран датум на извршување (квартал)** | **Проценка на потребните средства** | **Извор на финансирање** | **Показател на резултат** (поврзан со мерката/активност |
| 2.1. Современи стандарди за рано учење и развој | Подготовка, пилотирање и усвојување на нови Национални стандарди за рано учење и развој (0–6 години) како основа за планирање, следење и евалуација | **Водечки орган** МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:** БРО<br><br>**Други органи** МОН Универзитети | I/2026 | IV/2026 | 500.000,00 | БРО УНИЦЕФ/ Шведска Влада | Ревидирани и применети современи стандарди за рано учење и развој |
| 2.2. Развивање и имплементација на национална програма за рано учење и развој | Изработка на нова национална програма за РУР (0–6 години), усогласена со стандардите за РУР и базирана на податоците за квалитет во ПВО | **Водечки орган** МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:** БРО<br><br>**Други органи** МОН | I/2026 | IV/2026 | 1.000.000,00 | БРО УНИЦЕФ/Шведска Влада | Развиена и имплементирана национална програма за рано учење и развој |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Универзитети | | | | | |
| | Обука на негуватели, воспитувачи и стручни работници и стручни соработници за планирање и примена на стандардите и новата програма за РУР | **Водечки орган** МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:** БРО<br><br>**Други органи** Универзитети | I/2026 | III /2027 | 1.500.000,00 | БРО УНИЦЕФ/Шведска Влада | |
| | Воведување рана детска интервенција во ПВО за децата со попреченост и развојни потешкоти и обуки за стручните лица | **Водечки орган** МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:** БРО<br><br>**Други органи** МОН МСПДМ Универзитети | I/2026 | III /2027 | 700.000,00 | МСПДМ БРО УНИЦЕФ | |
| 2.3. Современа педагошката евиденција и документација во детските градинки | Развивање, пилотирање и воведување на современа педагошка евиденција и документација | **Водечки орган** МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:** БРО | I/2026 | II/2027 | 500.000,00 | БРО УНИЦЕФ/Шведска Влада | Развиена и применета современа педагошка евиденција и документација во детските градинки |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Други органи**<br>МОН<br>Универзитети | | | | | |
| 2.4. Развој на професионални компетенции на воспитно-образовен кадар и директори во предучилишни установи | Обезбедени обуки согласно потребите за професионален развој на воспитно-образовниот кадар и директори во предучилишни установи | **Водечки орган**<br>МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:**<br>БРО<br><br>**Други органи**<br>МОН | III/2026 | IV/2028 | 1.000.000,00 | МСПДМ<br>МОН<br>БРО<br>УНИЦЕФ<br>Светска банка | Зголемен % на воспитно-образовен кадар и директори во предучилишните установи со развиени и унапредени професионални компетенции |
| | Следење и евалуација на ефектите од спроведените обуки | **Водечки орган**<br>МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:**<br>БРО<br><br>**Други органи**<br>МОН | IV/2026 | IV/2028 | 1.000.000,00 | МСПДМ<br>МОН<br>БРО<br>УНИЦЕФ/Шведска Влада<br>Светска банка | |
| | Воспоставување *модел-градинки* како центри за учење, практична настава, иновации и професионален развој | **Водечки орган**<br>МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:** | III/2026 | IV/2028 | 5.000.000,00 | Буџет<br>Светска Банка<br>Меѓународни донатори | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | МСПДМ<br><br>**Други органи**<br>БРО<br>Универзитети<br>Предучилишни установи | | | | | |
| 2.5.Професионални компетенции, стандарди и профили за воспитно-образовен кадар и директори во предучилишни установи | Развој на професионални компетенции, стандарди и профили на работните места и нивно поврзување со системот за професионален и кариерен развој на воспитно-образовен кадар и директори во предучилишни установи | **Водечки орган**<br>МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:**<br>МСПДМ<br><br>**Други органи**<br>МОН<br>БРО<br>Универзитети | I/2028 | IV/2028 | Нема финансиски импликации | | Развиени и усвоени професионални компетенции, стандарди и профили за воспитно-образовниот кадар и директорите во предучилишните установи |
| 2.6. Воведување на систем за професионален и кариерен развој за воспитно-образовен кадар и директори во предучилишни установи | Законско регулирање на системот за професионален и кариерен развој и поврзување со процесот на (ре)лиценцирање на воспитно-образовен кадар и директори во предучилишни установи | **Водечки орган**<br>МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:**<br>МСПДМ<br><br>**Други органи**<br>МОН<br>БРО | I/2028 | IV/2028 | Нема финансиски импликации | | Воспоставен и функционален систем за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар и директорите во предучилишните установи |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.7. Воспоставување систем за акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги во ПВО | Подготовка на процедури за акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионален развој на воспитно-образовен кадар и директори во предучилишни установи, дигитализација на процесот и воспоставување на јавен регистар на акредитирани програми и понудувачи на услуги | **Водечки орган**<br>МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:**<br>БРО<br><br>**Други органи**<br>МОН | I/2027 | IV/2028 | Нема финансиски импликации | | Воспоставен и усвоен систем за акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги во предучилишното воспитание и образование |
| 2.8. Воспоставување современ систем за (ре)лиценцирање на воспитно-образовниот кадар и директори во предучилишни установи | Законско регулирање, дигитализирање и воведување на современ систем за (ре)лиценцирање на воспитно-образовен кадар и директори во предучилишни установи | **Водечки орган**<br>МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:**<br>МСПДМ<br><br>**Други органи**<br>МОН<br>БРО<br>Синдикат<br>Комисија за лиценцирање<br>Универзитети | I/2026 | IV/2028 | 4.100.000,00 | МСПДМ<br>МОН<br>БРО | Воспоставен и функционален современ систем за (ре)лиценцирање на воспитно-образовниот кадар и директорите во предучилишните установи |

| **Посебна цел 3:** Функционален систем за мерење и управување со квалитетот на работа во предучилишните установи | | | | | **Показател на исход:** % од предучилишните установи се опфатени со националниот систем за мерење и управување со квалитетот | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерки** | **Активности** | **Водечки орган**<br>**Други органи** | **Почетен датум (квартал)** | **Планиран датум на извршување (квартал)** | **Проценка на потребните средства** | **Извор на финансирање** | **Показател на резултат** (поврзан со мерката/активноста) |
| 3.1.Воспоставување национален систем за мерење, евалуација и управување со квалитетот во ПВО | Законско усвојување и институционализација на националниот инструмент за мерење на квалитетот (МЕЛКО) | **Водечки орган**<br>МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:**<br>ДИЦ<br><br>**Други органи**<br>МОН<br>МОН<br>БРО | I/2026 | IV/2028 | Нема финансиски импликации | | Воспоставен и функционален национален систем за мерење, евалуација и управување со квалитетот во предучилишното воспитание и образование |
| | Обука на стручни лица, инспектори и советници за примена на инструментот и анализа на податоците | **Водечки орган**<br>МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:**<br>ДИЦ<br><br>**Други органи**<br>МОН<br>БРО<br>ДПИ | IV/2026 | IV /2028 | 500.000,00 | Буџет<br>Меѓународни донатори | |
| | Информирање и вклучување на воспитувачи, родители и локални заедници во | **Водечки орган**<br>МСПДМ | I/2028 | IV/2028 | Нема финансиски импликации | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | процесите на мерење и подобрување на квалитетот | **Одговорен субјект за постапување:**<br>ДИЦ<br>**Други органи**<br>МОН<br>ДПИ<br>ЗЕЛС<br>Општини<br>Предучилишни установи | | | | | |
| 3.2. Дефинирање и примена на национални стандарди и индикатори за квалитет во ПВО | Разработка и усвојување на национални стандарди и индикатори за квалитет во ПВО | **Водечки орган**<br>МСПДМ<br>**Одговорен субјект за постапување:**<br>БРО<br>**Други органи**<br>МОН | I/2026 | IV/2028 | 200.000,00 | Буџет<br>Меѓународни донатори | Дефинирање и степен на примена на националните стандарди и индикатори за квалитет во предучилишното воспитание и образование |
| | Обука на стручни лица за примена на национални стандарди и индикатори за квалитет во ПВО | **Водечки орган**<br>МСПДМ<br>**Одговорен субјект за постапување:**<br>БРО<br>**Други органи**<br>МОН<br>ДПИ<br>ДИЦ<br>Предучилишни установи | III/2026 | IV/2028 | 500.000,00 | Буџет<br>Меѓународни донатори | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Развивање процедура за ревизија и ажурирање на стандарди и индикатори за квалитет и усогласување со нови истражувања и меѓународни практики | **Водечки орган** МСПДМ **Одговорен субјект за постапување:** БРО **Други органи** МОН ДПИ ДИЦ Предучилишни установи | III/2026 | IV/2028 | Нема финансиски импликации | | |
| | Интегрирање на национални стандарди и индикатори за квалитет во евалуација на предучилишните установи | **Водечки орган** МСПДМ **Одговорен субјект за постапување:** БРО **Други органи** МОН ДПИ ДИЦ Предучилишни установи | I/2027 | IV/2028 | Нема финансиски импликации | | |
| 3.3.Континуирано следење, анализа и користење на податоците за унапредување на квалитетот во ПВО | Воспоставување процедури за редовно собирање и анализа на податоци за квалитет во ПВО | **Водечки орган** МСПДМ **Одговорен субјект за постапување:** БРО **Други органи** МОН ДПИ ДИЦ | III/2026 | IV/2028 | Нема финансиски импликации | | Степен на континуирано следење, анализа и користење на податоците за унапредување на квалитетот во |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Изработка на протокол за користење на резултатите од евалуациите при стратешко планирање и подобрување на квалитетот во ПВО | **Водечки орган** МСПДМ **Одговорен субјект за постапување:** БРО **Други органи** МОН ДПИ ДИЦ | I/2028 | IV/2028 | Нема финансиски импликации | | предучилишното воспитание и образование |
| | Изработка на национални извештаи и препораки за напредокот и квалитетот во ПВО | **Водечки орган** МСПДМ **Одговорен субјект за постапување:** БРО **Други органи** МОН ДПИ ДИЦ | I/2026 | IV/2028 | Нема финансиски импликации | | |
| 3.4.Јакнење на институционалната рамка за координација и евалуација на квалитетот во ПВО | Координација на процесот на меѓуинституционалната рамка на квалитетот во ПВО | **Водечки орган** МСПДМ **Одговорен субјект за постапување:** МСПДМ **Други органи** МОН ДИЦ БРО ДПИ МЗ ЗЕЛС НВО | I/2026 | IV/2028 | Нема финансиски импликации | | Степен на зајакнување на институционалната рамка за координација и евалуација на квалитетот во предучилишното воспитание и образование |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Донесување на Закон/измена на закон и подзаконски акти за ПВО | **Водечки орган** МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:** МСПДМ<br><br>**Други органи** МОН<br>БРО | I/2026 | IV/2028 | Нема финансиски импликации | | |
| | Јакнење на институционалните капацитети во МСПДМ,МОН, БРО, ДИЦ и ДПИ за следење, евалуација и управување со квалитетот во ПВО | **Водечки орган** МСПДМ<br><br>**Одговорен субјект за постапување:** МСПДМ<br><br>**Други органи**<br><br>ДПИ<br>ДИЦ<br>МФ | I/2026 | IV/2028 | 11.200.000,00 | Буџет | |
| | Ревидирање на студиските програми врз основа на податоците од системот за следење и евалуација на квалитетот во ПВО | **Водечки орган** МОН<br><br>**Одговорен субјект за постапување:** Универзитети<br><br>**Други органи** МСПДМ | I/2026 | IV/2028 | Нема финансиски импликации | | |

<table>
<tr><td colspan="3">ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 2: Основно образование</td><td colspan="5">ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ 2024-2044:<br>Национална развојна цел: Зајакнување на конкурентноста на економијата, преку функционален и иновативен екосистем, усовршување на вештините, знаењето, вклученоста и отпорноста на граѓаните.<br>Стратешка област: Демографска ревитализација и социјален и културен развој<br>Цел од областа: Општество засновано на знаење, критичко размислување и на вредности</td></tr>
<tr><td colspan="3">Општа цел: Квалитетно, инклузивно и ефикасно основно образование за високи постигнувања, развој, добросостојба и активно учество на учениците</td><td colspan="5">Показател на ефект:<br>% од учениците постигнуваат резултати повисоки од основното ниво на ПИСА - меѓународно тестирање на учениците во областите читање, математика и природни науки</td></tr>
<tr><td colspan="3">Посебна цел 1: Подобрени инфраструктурни, организациски и кадровски услови за квалитетно и инклузивно учење</td><td colspan="5">Показател на исход: % од училишта реализираат настава во една смена</td></tr>
<tr><th>Мерки</th><th>Активности</th><th>Водечки орган<br>Други органи</th><th>Почетен датум (квартал)</th><th>Планиран датум на извршување (квартал)</th><th>Проценка на потребните средства</th><th>Извор на финансирање</th><th>Показател на резултат (поврзан со мерката/активноста)</th></tr>
<tr><td rowspan="2">1.1. Модернизација на училишната инфраструктура</td><td>Реконструкција и изградба на пристапни, енергетски ефикасни и одржливи училишни објекти и спортски сали согласно стандардите</td><td>Водечки орган<br>Министерство за образование и наука<br>Одговорен субјект за постапување:<br>Општини<br>Други органи<br>Основни училишта</td><td>I/ 2026</td><td>IV/ 2028</td><td>600.000.000,00<br>МОН, Зелен социјален инвестициски фонд при Развојната Банка на Совет на Европа и национално кофинансирање</td><td>МОН<br>Банка на Советот на Европа</td><td rowspan="2">Зголемен % на училишни објекти со модернизирана инфраструктура</td></tr>
<tr><td>Надградба на ЕМИС за прибирање податоци за училишна инфраструктура, енергетска</td><td>Водечки орган<br>Министерство за образование и наука<br>Други органи<br>ЗЕЛС</td><td>III/2026</td><td>III/2027</td><td>6.000.000,00</td><td>МОН</td></tr>
</table>

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ефикасност и пристапност | | | | | | |
| | Градење партнерства со приватниот сектор за инвестиции во училишта | **Водечки орган** Министерство за образование и наука **Други органи** Општини Бизнис сектор | I/ 2026 | IV/ 2028 | Нема финансиски импликации | | |
| 1.2. Подобрување на ефикасноста и ефективноста на мрежата на основни училишта | Јакнење на капацитетите на општинската администрација и директорите на училиштата за изработка и спроведување планови за оптимизација на училишната мрежа | **Водечки орган** Министерство за образование и наука **Други органи** ЗЕЛС Општини Основни училишта | I/ 2026 | II/ 2026 | 3.000.000,00 | МОН (со заем од Светска банка) | Зголемен % на основни училишта кои функционираат во оптимизирана и ефективна училишна мрежа |
| | Измена на критериумите на годишните програми на МОН за изградба и реконструкција на училишта и на програмите за донации и позајмици за да се приоритизираат инвестициите за реализација на оптимизациските планови | **Водечки орган** Министерство за образование и наука **Други органи** Влада на РМ ЗЕЛС Општини | II/ 2026 | IV/ 2028 | Нема финансиски импликации | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Развивање критериуми и модел за проценка на одржливоста на училиштата со мал број ученици, за поддршка на објективно одлучување за нивна интеграција или мирување | **Водечки орган** Министерство за образование и наука **Други органи** ЗЕЛС Општини | II/ 2026 | III/ 2026 | Нема финансиски импликации | | |
| | Усогласување на бројот ученици во паралелка според степенот на развиеност на училиштата на начин пропишан во Законот за осново образование нормативите и стандардите за училиштен простор, опрема и наставни средства | **Водечки орган** МОН **Одговорен субјект за постапување:** Општини **Други органи** Основни училишта | I/ 2026 | IV/ 2028 | Нема финансиски импликации | | |
| | Инвестиции во училишна инфраструктура за спроведување на плановите за оптимизација на училишната мрежа | **Водечки орган** **Министерство за образование и наука** **Одговорен субјект за постапување:** Општини **Други органи** | I/ 2026 | IV/ 2028 | 1.400.000.000,00* (проценка за 34 општини) дел од овој износ ќе се покрие од заемот од 600.000.000 денари од Развојна Банка | МОН Општини Светска банка Развојна Банка на Советот на Европа Грант од Инвестициската рамка за Западен Балкан и | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Основни училишта | | | на Советот на Европа | национално кофинансирање | |
| | Воспоставување систем за следење на плановите за оптимизација | **Водечки орган** Министерство за образование и наука **Одговорен субјект за постапување:** Општини **Други органи** Основни училишта | I/ 2026 | IV/ 2028 | 1.200.000,00 | МОН<br>Светска Банка<br>УНИЦЕФ | |
| | Воспоставување механизми за следење и контрола за доследната примена на методологијата за распределба на блок дотации во основно образование | **Водечки орган и одговорен субјект за постапување:** Министерство за образование и наука **Други органи** МФ<br>ДПИ<br>ЗЕЛС<br>Општини<br>Основни училишта | III/2026 | III/2027 | 1.800.000,00 | МОН<br>Светска банка | |
| | Воведување развојна компонента во методологијата за распределба на блок дотациите за основно образование што ќе ги поттикнува | **Водечки орган и одговорен субјект за постапување:** Министерство за образование и наука | I/2027 | I/2028 | 78.200.000,00 (1% од блок дотациите за основно образование) | МОН | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | училиштата и општините ги подобруваат условите во училиште (во согласност со НРС 2.3.3) | **Други органи**<br>МФ<br>ДПИ<br>ЗЕЛС<br>Општини<br>Основни училишта | | | | | |
| 1.3. Обезбедени услови за едносменска организација на наставата | Изработување национален план за постепен премин кон едносменска организација на наставата и зголемување на опфатот на училишта што обезбедуваат продолжен престој | **Водечки орган**<br>Министерство за образование и наука<br>**Одговорен субјект за постапување:**<br>Биро за развој на образованието<br>**Други органи**<br>Општини<br>Основни училишта | I/2026 | III/2026 | Нема финансиски импликации | | Зголемен % на училишта со обезбедени услови за едносменска организација на наставата |
| | Реконструкција и адаптација на училишни објекти за потребите на едносменско работење | **Водечки орган:**<br>Министерство за образование и наука<br>**Други органи:**<br>Општини<br>Основни училишта | I/2026 | IV/2028 | 820.000.000,00 | МОН (заем од Светска банка) | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Реорганизација на кадарот и распоредот на часови за да се одвива наставата во една смена во училишта во кои се обезбедени просторни услови | **Водечки орган:** Министерство за образование и наука **Одговорен субјект за постапување:** Биро за развој на образование **Други органи:** Синдикат Општини Основни училишта | I/2026 | IV/2028 | Нема финансиски импликации | | |
| 1.4. Обезбедување пристапна и инклузивна училишна средина | Воспоставување центри за поддршка на учењето во училиштата | **Водечки орган:** Министерство за образование и наука **Одговорен субјект за постапување:** Општини **Други органи:** МСПДМ Основни училишта | I/2026 | IV/2027 | 20.000.000,00<br><br>(за 20 центри за поддршка) | Општини | Зголемен % на училишта со обезбедена пристапна и инклузивна училишна средина |
| | Изработка на систем за проценка, обезбедување и распоредување на специјализирана опрема и помагала за учениците со попреченост | **Водечки орган** Министерство за образование и наука **Одговорен субјект за постапување:** Основни училишта со | I/2026 | II/2027 | 300.000,00 | МОН | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ресурсни центри<br>**Други органи**<br>Општини<br>Основни училишта | | | | | |
| | Изработка на нова формула за финансирање на основните училишта со ресурсен центар | **Водечки орган**<br>Министерство за образование и наука<br>**Други органи**<br>МФ<br>Основните училишта со ресурсен центар | I/2026 | I/2027 | 2.000.000,00 | МОН | |
